**УНИВЕРЗИТЕТ„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - С К О П Ј Е**

**ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА**

ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО МЕНАЏМЕНТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО


# ИНФОРМАТИВНИОТ СИСТЕМ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**- магистерски труд-**


Ментор:

**Проф. д-р Вера Стојановска**

Кандидат:

**Елизабета Темелкоска**



**СКОПЈЕ, 2013**

## СОДРЖИНА

Вовед ....................................................................................................................5

## I Теоретски пристап кон проблемот

1. Образованието како систем....................................................................................10
2. Основното училиште и потребата од квалитетна воспитно-образовна дејност..12
3. Потребата од постоење на информативен систем во основното училиште.........15
4. Информативниот систем во основното училиште..................................................19

4.1 Дефинирање на поимот информација и информативен систем......................22

4.2 Карактеристики на информацијата.....................................................................27

4.3 Услови за остварување на информативниот систем во основното училиште29

4.3.1 Информативна функција на директорот и неговата улога во создавањето на услови за информативен систем ...............................31

4.3.2 Улогата на наставниците во почитување на информацијата и информативниот систем ..........................................................................37

4.3.3 Улогата на наставниците во давање на повратна информација..........39

5. Модел на менаџерско-информативен систем во основното училиште...............41

5.1 Директорот и комуникациите во основното училиште.......................................45

6. Информатичко-комуникациската технологија во основното училиште...............49

6.1 Примена на ИКТ во воспитно-образовниот процес – услов за квалитетно образование.................................................................................................52

6.2 Интернетот како средство за информирање и комуникација..........................53

6.3 Web страна на основно училиште од аспект на информирањето...................57

7. Училишен весник од аспект на информирањето...................................................64

8. Проблеми и пречки во информирањето во основното училиште.........................66

8.1 Субјективни причини за отежнато информирање...........................................67

8.2 Објективни причини во начинот на информирање..........................................68

8.3 Стратегија во надминување на проблемите на информативниот систем......69

## II Методологија на истражувањето

1. Предмет на истражувањето..............................................................72

2.Основни поими содржани во предметот на истражување..............74

3. Цели и задачи на истражувањето.....................................................78

4. Хипотези на истражувањето..............................................................80

5. Варијабли на истражувањето.............................................................82

6. Методи, техники и инструменти на истражувањето.........................83

7. Популација и примерок на истражувањето........................................86

8. Статистичка обработка на податоците................................................89

## III Резултати од истражувањето и нивна интерпретација

1. Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето ..............................91

## IV Заклучни сознанија и констатациии

1. Општи заклучоци од истражувањето........................................................................165

2. Предлози и насоки за подобрување на квалитетот на информативниот систем во основното училиште........................................................................................171

Литература............................................................................................................174

Прилози..................................................................................................................179

Анкетен лист – скалер за наставници во основното училиште..........................180

Протокол за структурирано интервју за директори од основни училишта .......186

Евиденциски лист за содржинска структура на web страна на основно

училиште и нејзините функционални особености ...............................................188

# Вовед

Современите светски трендови и текови во секој сегмент од човечкиот живот, како одговор на крупните општествено-економски промени и брзиот техничко-технолошки развој, ја наметнуваат потребата од адекватни промени во организациската поставеност на секоја организација. Целта на овие промени е да се воспостави процес на систематско и континуирано подобрување на работата во организациите, што од своја страна доведува до обезбедување на квалитетно нова положба, со што се поставуваат нови барања и обврски.

Во времето во кое живееме, во функционирањето на сите системи, потсистеми и елементите кои нив ги сочинуваат, како составен дел на секоја општествена заедница, секојдневно се случуваат промени, кои се рефлектираат врз политичкиот, општествениот, економскиот, културниот живот итн. Екот на забрзаниот ритам на научно-техничката револуција има свое непосредно влијание, како во сите сфери така и врз системот на воспитание и образование.

Следењето на погоре споменатите промени, нивната меѓусебна интеракција и обострано дејствување придонесуваат за успешното функционирање на една сложена целина, како што е општествената заедница. Сите тие промени и збиднувања нужно ја наметнуваат потребата од користење на информацијата, без која не може да се замисли постоењето на секојдневниот ритам на животот на човекот. Всушност, присуството на информацијата и нејзиното толкување го прави животот поинтелегентен, побезбеден, синхронизирано организиран и секако, позабавен.

Живееме во модерно, бурно и динамично време во кое неминовно е потребен секојдневен пренос на мисли, податоци, идеи и информации, нивно толкување и размена меѓу одредени субјекти, како неизбежна нивна комуникација и интеракција во сите сфери на човековото делување (во секојдневната работа, спортот, економијата, културата, науката, образованието,...). Тоа значи дека потребата од постојана информираност и перманентно следење на секојдневните настани и иновативни текови постанува императив на современиот начин на живот на човекот и е повеќе од неопходност. Динамичниот начин на експанзивното одвивање на наглите промени во општественото делување нужно наметнува свој стил на однесување и истиот би бил неефективен или помалку ефективен доколку не се следи напливот на новите информации.

Токму од тие и од слични на нив причини, низ брзиот секојдневен живот на човековото делување и практикување, информацијата ја среќаваме како неопходна потреба и право да знаеме што се случува околу нас и се што е поврзано со нас. Сето тоа се прави со една единствена цел да се олеснат и подобрат начините на работа, активностите, процесите, организациите и воопшто животот на работните места, во домот, блиската и подалечната околина.

Современите трендови на наставна практика, особено денес, кога се повеќе се зборува за постигнување на висок квалитет во образованието, кога имаме настава и учење во 21-от век, е – образование, примена на современи наставни средства, методи, форми и слично, обезбедуваат се повисок ангажман, придонес и афирмација на секој учесник во воспитно-образовниот процес во извршувањето на работните обврски.

Во тој контекст, можеме со право да посочиме дека примарно место завзема изградувањето на стандарди за управување со квалитетот во образованието, а потоа и нивна имплементација, почитување и примена во секојдневната практична работа на секој учесник во воспитно-образовниот процес. Тие пак, првенствено зависат од правилното воспоставување, пласирање и примена на добри, точни и навремени информации, информациско-комуникациски односи, соработнички односи и меѓусебни влијанија на учесниците во училишната организација. Сите тие

информации, првенствено се во функција на подобрување на наставната работа и целокупниот воспитно-образовен процес. Напоредно со императивното постоење и значење на информацијата во сите сфери што не опкружуваат, информацијата со сите свои особености е составен и активен чинител на воспитно-образовната работа. За да биде успешна, воспитно-образовната работа треба да се темели на зголемена насоченост и иплементација во секојдневното користење на информацијата, од страна на сите чинители и фактори, кои директно или индиректно имаат своја улога во работата и активностите на основното училиште. Тоа доведува до создавање на можности за изградување на систем од информации во основното училиште, т.н. информативен систем, за чија потреба и постоење ќе говориме во овој магистерски труд.

# I ДЕЛ
# Теоретски пристап кон проблемот

1. *Образованието како систем*
2. *Основното училиште и потребата од квалитетна воспитно-образовна дејност*
3. *Потребата од постоење на информативен систем во основното училиште*
4. *Информативниот систем во основното училиште*

   *5.1 Дефинирање на поимот информација и информативен систем*

   *5.2 Карактеристики на информацијата*

   *5.3 Услови за остварување на информативниот систем во основното училиште*

   *5.3.1 Информативна функција на директорот и неговата улога во создавањето на услови за информативен систем*

   *5.3.2 Улогата на наставниците во почитување на информацијата и информативниот систем*

   *5.3.3 Улогата на наставниците во давање на повратна информација*

5. *Модел на менаџерско-информативен систем во основното училиште*

   *6.1 Комуникативните односи, текови и мрежи на директорот и наставниците во и надвор од училиштето*

*7. Информатичко-комуникациската технологија во основното училиште*

*7.1 Примена на ИКТ во воспитно-образовниот процес – услов за квалитетно образование*

*7.2 Интернетот како средство за информирање и комуникација*

*7.3 Web страна на основно училиште од аспект на информирањето*

*8. Училишен весник од аспект на информирањето*

*9. Проблеми и пречки во информирањето во основното училиште*

*9.1 Стратегија во надминување на проблемите на информативниот систем*

*9.2 Објективни причини во начинот на информирање*

*9.3 Стратегија во надминување на проблемите на информативниот систем*

# 1. Образованието како систем

***Знаењето, стекнато во процесот на образованието е неопходно средство со чија помош ќе ја достигнеме посакуваната цел во животот!***

Тоа знаење, секако, се стекнува и здобива низ сите сегменти на воспитанието и образованието, преку реализација на планираните цели на наставниот процес.

Воспитанието и образованието се едни од примарните фактори на секоја индивидуа и имаат непроценливо значење како за самата личност, така и за целото општество и неговиот развој. Тоа значи дека, едно од основните и фундаментални права на секој поединец е правото на образование. Според тоа, сите луѓе во една општествена заедница имаат право на образование, кое се стекнува организирано низ образовните степени во воспитно-образовните институции. На тој начин, секоја држава обезбедува стекнување на силна образовна моќ кај младите генерации, оспособување на поколенијата за критичко мислење и расудување, без разлика на возраста, подобрување на сопственото живеење, а со тоа и обезбедување на социјален и економски раст и развој на самата држава.

Појавата, брзиот напредок и развој на воспитанието и образованието, во рамките на една државна заедница, отсекогаш имале посебен и нагласен општествен и државен интерес. Тој интерес најмногу се остварува преку реализација на воспитно-образовната дејност во училишните установи и воспитно-образовниот систем во целина. Императивно, се наметнува потреба за заинтересираност, која се манифестира во функцијата, структурата и значењето на училишните институции, во кои се врши задоволување на основните потреби на државата.

Воспитно-образовниот процес е непосредно организиран и поврзан со општествената средина. Тој е процес, кој перманентно се афирмира и актуелизира, соочувајќи се со сите промени и предизвици, кои ги носи текот на општествениот живот. Истовремено, тој претставува и систем на разни видови потсистеми, на степени

на воспитни или образовни установи, институционализирани и хиерархиски условени. Па според тоа, треба да се разоткрие што всушност, претставуваат термините воспитание и образование, кои го сочинуваат овој систем од аспект на теоријата на системите.

„Во педагошката литература и (практика) среќаваме поголем број термини од ваква природа: систем на воспитание и образование, воспитно-образовен систем, воспитно-школски систем, училишен систем, образовен систем, училишен воспитно-образовен систем, систем на училишно образование, систем на предучилишно воспитание, педагошки систем, дидактички систем, систем на воншколски активности, систем на педагошки мерки, и да не набројуваме. Системот на воспитанието и образованието (категоријално овие термини, поими тешко можат да се одвојат) е мошне сложена општествена структура која ја сочинуваат бројни институции, форми, нивоа, компоненти, фактори, влијанија и сл."[1]

Во рамките на својата дејност, воспитно-образовниот систем со својата системска, организациска, содржинска и суштинска конструкција придонесува да овој процес се разбере како еден значаен и неминовен сегмент од животот на секој поединец. Според тоа, целиот глобален образовен систем може да се сфати како најкомплексен потсистем на глобалниот општествен систем во една државна заедница.

Сето ова, претходно истакнато, има свое значење во овој магистерски труд, заради тоа што, претставува една претходница за подетално разгледување на постоењето на информативниот систем во основното училиште како еден значаен сегмент од системот на воспитание и образование и начините на функционирање на тој систем со неговите потсистеми.

[1] **Камберски, К.** (1994). *Од буквар до универзитет*. Скопје: Просветно дело, стр.7

## 2. Основното училиште и потребата од квалитетна воспитно-образовна дејност

Основно образовната дејност се реализира и остварува во институцијата наречена основно училиште. Училиштето е дел од општествената заедница и претставува организациски систем во општеството во кој се реализира и остварува наставната работа.

Основното училиште претставува неопходно јадро за широко и разновидно воспитание и образование на генерациите од целокупната популација. Тоа има постојана тенденција за соочување и прифаќање на предизвиците на времето во кое живееме и времето кое доаѓа, иновациите, новите движења и промени, кои во последниве години се особено нагласени. Исто така, училиштето има карактер на постојана адаптација кон честите промени, напоредно со процесите на натамошно негово развивање, унапредување и интегрирање на целокупниот воспитно-образовен систем во рамките на општествените текови, односи и транзиции.

Во книгата Водење на динамично училиште на **Петковски** и **Алексова** за училиштето се вели дека „Училиштето е мошне стара воспитно-образовна организација која, гледано историски, се менува зависно од општествените промени и се приспособува кон новите барања на општеството и неговите членови. Во контекстот на исклучителното значење што како воспитно-образовна организација го има за општеството, секоја држава настојува да го приспособи кон своите актуелни идејни, политички, општествени, стопански, културни и човекови потреби."[2]

[2] **Петковски, К. Н., Алексова, М. А.** (2004). *Водење на динамично училиште*. Скопје: Биро за развој на образованието, стр.6

Во Законот за основно образование се вели дека „Основното образование се организира и остварува во основно училиште. Основното училиште може да биде општинско или државно."[3]

Основното училиште функционира на тој начин што тоа планира, организира и реализира воспитно-образовна работа по предвидени наставни планови и програми.

Основното образование како посебен потсистем од системот на воспитанието и образованието претставува основен, базичен и фундаментален потсистем од причини што ја дава основата за едукација во понатамошното образование, оспособување и усовршување на една личност.

Што значи, во нашата држава, основното образование се реализира во задолжително деветгодишно основно училиште, кое како јавна установа ги опфаќа сите ученици од сите средини, националности, категории, полова и социјална структура. Во него се реализираат претходно дефинираните цели и задачи на основното воспитание и образование, се стекнуваат општи знаења, се добива хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на личноста, се гради општа култура на која се надоградува професионалната култура и идното образование.

Основното училиште не треба да се сфати само како училиште или механичка институција за стекнување на знаења, туку како училиште и место за заемно дејствување, интеракција и соработка на повеќе субјекти – наставници, ученици, родители, кои ќе придонесат за правилен развој на ученикова личност и развивање на интелектуалните способности.

Постојаната потреба од обезбедување и постигнување на квалитет во воспитно-образовната работа се повеќе и повеќе се стреми кон осовременување на основното образование, односно основното училиште, а притоа задржување на позитивните постигања, а она што е негативно да се отфрли и замени со нешто ново и интересно.

---

[3] *Закон за основно образование.* (2008). Скопје: Службен весник на Република Македонија, член 10 и 16

Во прилог на претходно изнесеното, се повеќе го поставуваме прашањето за постоење на поквалитетен воспитно-образовен процес, основно училиште со флексибилно образование, со флексибилни и модерни наставни планови и програми, иновативни и ефективни зафати во сите сегменти на основното образование. Тоа подразбира промени и трансформации во концепцијата и организацијата на наставата, начинот на учење и поучување, односот ученик – наставник, со што се иницира потребата од развивање на творечкото, критичкото и креативното мислење и поведение на учениците.

Прашањето за постоење на успешност во воспитно-образовната работа и тенденцијата за постигнување на повисок квалитет во основното училиште е од есенцијално значење и истото е проучувано од страна на повеќе професионални субјекти, но и од страна на работни групи од Министерството за образование и наука и Државниот просветен инспекторат, содржано во „Индикатори за квалитет на работата на училиштата."

Индикаторите претставуваат јасни показатели за постигнување на квалитет на воспитно-образовната дејност во основните училишта и истите „се организирани во седум клучни области (соодветни на рамката за самоевалуација и на интегралната евалуација) кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето:

1. Наставни планови и програми
2. Постигнувања на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима и односи во училиштето
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање на политика."[4]

[4] *Индикатори за квалитет на работата на училиштата, работна верзија.* (2009). Скопје: Министерство за образование и наука и Државен просветен инспекторат, стр.4

## 3. Потребата од постоење на информативен систем во основното училиште

Воспитно-образовниот систем има круцијално значење во правилното функционирање на една држава, на кое треба да му се посвети повеќе внимание. Образованието и воопшто, знаењето се основната движечка сила која води кон прогрес во едно општество, кон поквалитетно живеење и целосно развивање на една единка во рамките на една цивилизација.

Всушност, најголемиот капитал, непроценливо богатство и моќта на секое општество односно држава е *ЗНАЕЊЕТО,* темелено на стекнатото искуство во текот на животот во сите сфери на делување, како и постоењето на квалитетно воспитание и образование. Оттука, со право можеме да кажеме дека образованието е од есенцијална природа и претставува најперспективно подрачје во животот на секој поединец.

Напоредно со ова, императив станува потребата воспитно-образовниот систем да поминува низ период на транзиција и секојдневно да се менува и станува повод за имплементирање на нови трансформации и промени во него. Во тој случај, информацијата станува составен и неодминлив сегмент на воспитно-образовниот процес во рамките на егзистирањето на сите образовни потсистеми. Што значи дека, ниедна промена или новина не може да опстои без примена на информацијата и нејзина консумација од страна на секој субјект во воспитно-образовниот процес.

Покрај гореспоменатото, информацијата претставува основна алатка за меѓусебно општење на поединците и субјектите, чинители на наставната дејност и едно ефективно средство, кое ќе придонесе за успешно остварување на дефинираните цели, решавање на задачите и исполнување на секојдневните активности и обврски во институцијата наречена училиште. Оттука, за непречено одвивање на сите воспитно-образовни активности можеме да забележиме дека неминовно се јавува потреба од градење на еден систем на информирање, кој ќе претставува една поддршка во

успешната реализација на воспитно-образовните барања и постигнувањето на квалитет и ефикасност во воспитно-образовната работа на основното училиште.

Во тој контекст, училиштето како отворен и флексибилен систем на едукација, воспитание и образование претставува една средина, во која интегрирањето на информативниот систем и информацијата е неминовно, нужно и неизбежно. Информативниот систем во основното училиште создава и изградува поволна комуникациска клима, со отворени и чесни, интерни и комбинирани тековни информации, за стручните потреби на воспитно-образовниот кадар, со цел успешно да се постигнат и реализираат поставените цели и задачи. Тоа поттикнува да дојдат до израз градењето на соработката, партнерството, взаемната комуникација и интеракција, а пред се начините на добро информирање со објективни и валидни информации со што ќе се постигнуваат едукативни ефекти во училишната средина и саканите резултати и успеси во нагорен од на образованието, како и имплементирање на епитетот - квалитетно образование.

Прашањето за обезбедување и осигурување на квалитет во образованието има своја актуелност кај повеќето држави во светот и Европа, кои се стремат кон постигнување на квалитетно образование. Напоредно со нив и Република Македонија има своја цел во поглед на определбата и функционирањето на квалитетно образование, бидејќи целокупниот систем на образование е еден од најважните приоритети и задачи на нашата држава.

Поаѓајќи од поимот квалитет во образованието, во нашата држава, од страна на експертска работна група е изготвена „Нацрт - програма за обезбедување на контрола на квалитетот на образованието". Во неа, меѓу другото, стои дека „потребата од обезбедување и контрола на квалитетот на образованието се базира врз следните сознанија:

- Системот за обезбедување и контрола на квалитетот обезбедува информации кои се *основа за градење и функционирање и на информативниот систем во образованието*. На тој начин се обезбедува постојано, навремено и целосно информирање на јавноста, а пред се, на

најзаинтересираните (учениците, родителите, работодавците) за постигањата во образованието."[5]

При обидите да се креира квалитетно училиште како една целина со системско и организирано функционирање активно учество имаат многу чинители, но доминантна улога завзема раководниот или менаџерскиот тим. Практично, раководниот тим во соработка со наставниците и другите соработници има приоритетна улога во обезбедувањето на поволни услови, квалитетна организација и реализација на наставната работа во основното училиште. Тоа се постигнува со воспоставување на добри информативни односи, воспоставување на комплетен информативен систем, кој ќе биде во функција на потребите на наставниот кадар и со цел унапредување на постојниот систем на воспитно-образовната дејност и негова ефикасна реализација во училиштето.

Од сите наведени показатели, јасно се наметнува прашањето за увидување на потребата од постоење на информативниот систем и информацијата во основното училиште, а со тоа и воопшто во воспитно-образовните установи и се наметнува еден поттик за да ја истражуваме оваа тема.

Поконкретно, станува збор за тоа да ја увидиме потребата од постоење на информативниот систем и за тоа колку информациите што се пласираат се во функција на воспитно-образовниот кадар во основните училишта, за тоа како се сфаќа улогата и значењето на информативниот систем, начините на информирање, информациско-комуникациските односи на директорот и наставниците, пласирањето на интерни и комбинирани информации, пронаоѓањето на постапки за подобрување на квалитетот на информативниот систем во основното училиште. Сите овие претходно наведени показатели претставуваат еден од условите за постигнување на ефикасност на воспитно-образовниот кадар во нивната воспитно-образовна работа.

На тој начин, ќе увидиме колкава е потребата и суштинската важност на постоењето на информативниот систем во основните училишта и значењето на информацијата на ниво на училиште, како и нивниот придонес за постигнување на

[5] www.see-educoop.net/education_in/pdf/ikt-macedonia.pdf

ефикасна воспитно-образовна работа. Оваа цел обезбедува подобрување на квалитетот на основното образование, чиј интерес и заложби од ден на ден постојано се зголемуваат и рапидно растат, како во светот, така и кај нас.

Согледувајќи го сето претходно изнесено во поглед на потребата од постоење, примена и значење на информативниот систем и информацијата, можеме да забележиме и да претпоставиме дека основното училиште е една организација во која имплементацијата на информативниот систем и информацијата треба да има доминантно место и да завзема висока позиција во доследното извршување на активностите, обврските и задачите на сите субјекти, учесници во воспитно-образовниот процес.

Ова претставува главен акцент и суштина на нашето истражување во овој магистерски труд, со што се наметнува потребата за подетална разработка на оваа тема, со цел да се објасни постоењето на информативниот систем, од теоретски аспект и да се согледа потребата од постоење на информативниот систем во основните училишта, од методолошки аспект.

## 4. Информативниот систем во основното училиште

Отвореното општество, демократскиот пристап, цивилизациските придобивки, реформите, како и новите предизвици пред кои се наоѓа светот, предизвикуваат големи промени кои бараат нов начин на организирање и делување на поединецот во денешницата. Напоредно со крупните општествено – економски промени, глобалната урбанизација, современиот начин и современите услови на живеење, како и современите текови, ја наметнаа потребата од воведување на поконструктивни промени во организациската поставеност, динамични преструктуирања, активирање на сите високо креативни расположливи ресурси и потенцијали, кои претставуваат придобивка на развиениот свет.

Од изнесеното, може да се согледа и констатира дека современото училиште го прифаќа образованието и учењето како стил на живеење и комуникација, една интеракција, неопходна за правилен тек на воспитно-образовната дејност. Како особено клучен фактор за подобрување на квалитетот на работењето во училиштето како воспитно-образовна институција се смета дека е взаемното разбирање – комуникацијата. Таа се воспоставува од страна на сите субјекти кои го чинат училишниот живот, без разлика дали таа комуникација е еднонасочна или двонасочна.

Брзиот проток на информациите и развојот на информатичко – комуникациската технологија како одговор на крупните промени и предизвици креираа еден систем на информирање, кој претставува составен сегмент на функционирањето на секоја организација.

Тргнувајќи од значењето на информациите и нивното користење во сите области на општествено делување и соработка, велиме дека тие имаат висока позиција и големина и обезбедуваат повеќе благодети, потребни за секојдневно одвивање на работниот процес.

Во последниве години сведоци сме на перманентни промени, забрзани транзиции и предизвици и во делот на образованието, а со тоа и современ развој на

училиштето со тенденција за подобрување на образовните димензии, обезбедување на квалитет и постигнување на високи достигнувања и резултати на учениците при образовниот процес.

Секојдневното и континуирано информирање на сите субјекти во училишната организација е повеќе од неопходност. Во својата наставна практика во училишните установи, наставникот, постојано е опкружен од процесот на информирање, од тековни (секојдневни) неопходни информации, тој информира, но и е информиран. Што значи, за добро функционирање на воспитно-образовната работа потребно е да се изгради и креира информативен систем, во кој ќе преовладуваат поефективно и поуспешно информирање и комуницирање на сите чинители на воспитно-образовната работа и училишниот живот.

Во тој контекст, во својата книга, *Педагог у школи*, Трнавац (1996) истакнува една варијанта на структура на училишниот информативен систем, која се состои од:

*УЧИЛИШЕН ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР*
- структура –

1. „**Закони, училишни нормативи** (Закон за основно училиште, Статут на училиштето, Нормативи, Правилници, Договори);
2. **Услови за работа** (објекти, простор, опрема, наставни средства, хигиена);
3. **Програми** (Наставен план и програма, Годишна програма за работа на училиштето, Планови за работа на наставникот, Планови и програми за воннаставна работа, Програма за работа на директорот и стручните соработници, Работа на стручните органи, Програма за иновации, Годишни извештаи);
4. **Ученици** ( Збирни прегледи, ученички досиеја, општи податоци, оценки на учениците, развој на учениците, здравствена состојба и физички способности, податоци за семејството, посебни категории на ученици);

5. **Кадар** ( Досиеја на вработените, усовршување на вработените, вреднување на работата на вработените, наставници, стручни соработници, управа и администрација, техничка служба, телефонски именик);
6. **Училишен календар** (Наставни и работни денови, распусти и одмори, распоред и работни часови, смени, дежурства, потсетници, прослави, приредби, изложби, акции, екскурзии, излети, настава во природа);
7. **Училишен мултимедијален центар** (библиотека, читална, медијатека – видеотека, збирки, библиографски прегледи) и
8. **Модемска комуникација** (Министерство за образование, библиотеки, галерии, музеи, детски градинки, училишта, интернати, центри за социјална работа, банка и сл.)"[6]

Обезбедувањето на критериуми и стандарди за попродуктивно и поквалитетно делување и унапредување во училиштето претставува една од приоритетните задачи на современиот образовен процес. За нејзина успешна реализација во современото училиште и образовниот сектор повеќе од неопходност станува потребата од користење на информациите и информативниот систем.

Но, училиштето не би го добило епитетот современо доколку не обезбеди правилна и координирана информираност, перманентен проток на информации, несебична соработка и отворена комуникација на водството и директните реализатори на наставниот процес, наставниците, наставниците и учениците, како и на останатите субјекти инволвирани во училишниот живот.

[6] **Трнавац, Н.** (1996). *Педагог у школи, прилог методици рада школског педагога.* Београд: Учитељски факултет, стр.223

## 4.1 Дефинирање на поимот информација и информативен систем

Поимот информација доста често го сретнуваме во секојдневниот живот, во разните видови на комуникација, во разни научни дисциплини, во разни сфери на општествено и културно делување и живеење,...

Во стручната и научна литература, одредувањето и толкувањето на поимот информација често било предмет на испитување и било разгледувано од страна на низа автори. Според тоа, поимот информација се дефинира со огромен број на изрази и дефинирања, (се забележуваат над 50 дефиниции), зависно од тоа од која област и од која аспект се третира. Преку нивното толкување се искажува содржината, суштината и карактеристиките на поимот информација, како и можност да го почувствуваме вистинско значење на тој поим.

Поимот информативен систем е израз изведен од следниве термини, како што се информација и систем. Етимолошкото значење на поимот *информација* се состои во латинскиот збор informare и во Современиот лексикон на странски зборови и изрази на Љубо Миќуновиќ означува известување, соопштение, извештај.

Додека пак, во Педагошкиот лексикон можеме да зебележиме дека информацијата претставува „било кое известување, соопштување, вест, која по нашето примање може да предизвика промена во нашето однесување. Во поширока смисла, било кое поттикнување кое добива значење, како вообичаени (природни) работи, по конвенција,... Учењето може да се сфати како примање на информација. Во тој случај битно е да се знае како најуспешно да се пренесат информациите ..., колкав е нивниот информациски капацитет и т.н."[7]

[7] *Педагошки лексикон.* (1996). Београд: Завод за уџбенике и наставна средства

Во книгата Савремена образовна технологија, **Даниловиќ** набројува повеќе видови на дефиниции и гледишта за поимот информација, меѓу кои ќе ги истакнеме дефинициите:

- „под информација се подразбира секое влијание кое доведува до промена на знаењето, односно промена на внатрешниот модел (Марон)";

- „информацијата е означување на содржина добиена од надворешниот свет во процесот на прилагодување на тој свет,"...

Едно толкување за поимот информација вели дека „информацијата може да се согледува и како знаење, збир на знаци, податоци, известување, генетски или културен код и т н. Самиот глагол информирање значи давање или пренесување на информации или обезбедување знаења за нешто." [8]

Во секојдневниот живот и исполнувањето на секојдневните обврски, информацијата ја сфаќаме како една елементарна човекова активност, како кон надворешниот свет, така и кон внатрешното човеково битие. Човекот не може а, да не информира, да не прима и испраќа информации. Тие се основата на егзистенцијалното постоење на човековата индивидуа, без разлика дали станува збор за активност или неактивност, односно пасивност, зборови или тишина, што значи се има вредност на некаква порака со свое значење, дадена во различни облици.

Поаѓајќи од ова, се согледува дека кога постои информација станува збор за одредена активност во спроведување на некоја мисла, порака или идеја, од страна на пренесувачот (оној кој што ја дава информацијата) и која успешно треба да се пренесе до примателот, кој ќе изврши разработка на таа мисла или порака и по неа ќе дејствува, при што имаме збогатување на знаењето на поединецот.

[8] **Даниловиќ, М.** (1996). Савремена образовна технологија. Увод у теоријске основе. Београд: Институт за педагошка истраживања, стр.95

***Што претставува информацијата и информативниот систем?***

Информацијата претставува основен елемент во изразувањето и соопштувањето на некој податок, исказ, новина, сигнал или нешто слично. Таа е основен ресурс, извор во стекнувањето на сознанија за успешно функционирање на секоја организација и еден од суштинските чинители во секојдневното извршување на обврските.

Исто така, таа е фундамент во поддршката и реализацијата на целокупните работни обврски и задолженија на секој поединец во секоја работна единица. Истовремено, при самиот процес на комуницирање, информацијата е продукт на појавата на комуникација, бидејќи самата комуникација претставува процес на примање, обработка и испраќање на информациите. Информацијата се пренесува преку искажување на знаци со помош на говорот, пишувањето, мимиките, гестикулациите, сигналите и т.н.

Напоредно со ова, информацијата е составен елемент и неодминлив сегмент во организацијата на воспитно-образовниот процес во рамките на егзистирањето и деловното работење на сите негови потсистеми. Таа претставува основна алатка за меѓусебно општење на поединците и субјектите, чинители на наставната дејност и едно ефективно средство, кое ќе придонесе за успешно остварување на дефинираните цели, решавањето на задачите и исполнувањето на обврските во институцијата училиште.

Поаѓајќи од претходно назначениот израз информативен систем, даваме објаснување на поимот систем, кој претставува и се јавува како збир, множество или група од меѓусебно поврзани конститутивни елементи, делови, правила, принципи, постапки, процеси,... кои градат една меѓусебно поврзана и хармонична целина. Но, појдовната основа за настанување на информативниот систем и неговото правилно функционирање го наоѓаме во потребата од постоење на информацијата.

Информациите заедно со сите останати компоненти на кои тие се однесуваат и разменуваат (луѓе, средства, опрема, простории) го сочинуваат информативниот систем. Всушност, „сите информации што се неопходни за функционирање на една

организација (на пример училиште) и механизмите за нивното управување го сочинуваат информативниот систем на таа организација."[9]

Во тој контекст, во рамките на ова истражување информативниот систем во основното училиште се базира врз податоците и информациите, неопходни за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес, кои се прибираат, складираат, обработуваат, објавуваат и пренесуваат од директорот кон наставниците.

Во Педагошкиот лексикон поимот информативен систем го среќаваме како информативен систем на воспитанието и образованието и се вели дека е „систем кој прибира, памти, пренесува и преобразува информации за разни прашања од воспитно-образовната област со цел на заинтересираните да им обезбеди информации кои им се потребни. Системот се карактеризира со пет компоненти: извор, предавател, претварач на информацијата, меморија и приемник, а пренос се врши со посредство на посебни канали (жица, воздух, бран и др.)."[10]

Тргнувајќи од важноста и потребата од известување, информирање, односно обезбедување и пренос на информациите во воспитно-образовната организација се поставува и едно актуелно прашање кое подразбира формирање на еден систем, таканаречен информативен систем кој ќе претставува еден збир од сите расположливи информации во училиштето вклучувајќи ги и начините и механизмите за управување со тие информации.

Од ова се согледува дека информативниот систем и информациите во секоја организација, вклучувајќи го и основното училиште се од огромна важност, бидејќи овозможуваат нивен раст и развој, перманентно напредување и високи достигнувања. Во тој случај, самото постоење на информациите и информативниот систем го сфаќаме како константен и базичен процес, со заемно дејство и тимско усогласување на активностите и влијанијата на субјектите.

---

[9] **Петковски, К., Пеливанова, Г.** (2009). *Предизвиците на современото лидерство во образованието.* Битола: Херакли комерц, стр.79

[10] *Педагошки лексикон.* (1996). Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, стр.208

Феноменот на информацијата и информативниот систем ја чинат смислата на човечкото разбирање и комуникациските односи, кои доминираат во интерактивното работење, разбирање, соработување и поттикнување на воспитно-образовната дејност. Оттука согледуваме дека поимите комуникација и информација се тесно поврзани, бидејќи кај поединците ако не постои размена, посредување и споделување на информации, ставови, мисли, идеи и емоции,... нема да постои ни процес на комуникација. Тие се од голема важност заради правилното функционирање на информативниот систем, внатре во училишната организација и претставуваат спој на сите менаџерски функции во нејзиното работење.

Истовремено, во ова истражување ќе се увидат карактеристиките на информирањето на воспитно-образовните субјекти, кои учествуваат во училишниот живот. Тие, всушност, во рамките на својата секојдневна практика, треба да си овозможуваат остварување на поволни информативни и комуникациски односи, кои водат кон квалитетно и успешно реализирани цели, а во спротивно, ако не постои и не се применува соодветно информацијата, тоа непосредно, ќе се одрази на квалитетот на целокупната воспитно-образовна работа.

Во секојдневната наставна практика, пласирањето на информации, примената на информативните односи и меѓусебната соработка на воспитно-образовниот кадар станува се повеќе од актуелно. Што значи, значењето на ова истражување има своја практична оправданост сметајќи дека ќе биде од важност понатаму да се разгледува и проучува оваа тематика.

## 4.2 Карактеристики на информацијата

Информацијата претставува основно средство за работа во една организација и независно од формата може да биде говорна (усна), пишувана, печатена, електронски облик и слично.

За успешно одвивање на воспитно-образовниот процес и унапредување на тој процес во поглед на постигнувањето квалитет, потребно е да се нагласат основните карактеристики на информацијата, која таа ги поседува, како што се:

- Јасност (информацијата за да биде потполно сфатена треба да биде јасна, спрема оние кон кои е насочена);
- Отвореност (да е отворена, неограничена кон сите на кои им е упатена);
- Навременост (почитување на временската рамка, пласирана во вистинскиот момент);
- Суштествена (информацијата треба да содржи некаква значајност);
- Точност (информацијата треба да е вистинита со своја прецизност);
- Комплетност (секоја информација целосно информира доколку е комплетна односно целосна);
- Егзактна (да е научна, базирана на факти, податоци и претходно осмислена соодветна подготовка);
- Доверливост (заштита на информациите од неовластено разоткривање, пристап, злоупотреба);
- Интегритет (обезбедување на точност и комплетност на информациите).

Како што веќе погоре истакнавме информацијата е основен и составен елемент во секојдневната динамика и работа на секој поединец, во секоја организација. Како таква, таа поседува неколку специфични карактеристики, кои сепак потекнуваат од значењето на поимот информација.

Според тоа, „информациите ги имаат следните карактеристики:

1. Информациите се непресушен извор на знаење;
2. Трошењето не ја уништува содржината на информацијата;
3. Информациите едновремено можат да поднесуваат поголем број корисници;
4. Во текот на користењето не се смалува вредноста на информациите;
5. Употребената вредност на информациите се зголемува со трошењето;
6. Користењето на информациите не троши многу енергија;
7. Користењето на информациите не влијае штетно на околината и
8. Само човековата способност е единственото ограничување во користењето на информациите."[11]

[11] **Петковски, К., Јанкуловска, П.** (2006). *Деловно комуницирање – Умешност во комуницирањето.* Струга: Ирис , *стр.129*

## 4.3 Услови за остварување на информативниот систем во основното училиште

Училишната средина претставува организациска целина во која се дизајнира воспитно-образовната работа, која во последниве години, напоредно со современите образовни трендови, се бара и се очекува да биде постимулативна, поефективна и подинамична, а истовремено да претставува комплексен, отворен и целесообразен систем. Ваквата положба на училиштето придонесува да тоа со својата дејност се стреми за задоволување на образовната и воспитната функција, темелејќи се на дидактичките принципи во наставата, кои треба да се почитуваат во сите фази на процесот на воспитание и образование.

Современите текови во образованието, кои се понагласени во последниве години, предизвикуваат големи промени, внесување новини и осовременување на воспитно-образовниот процес. Тие имаат силно влијание во обезбедувањето на современи услови за реализирање и задоволување на основната функција на училиштето.

Училиштето се наоѓа пред нова позиција и нова улога и за да може да одговори на истата потребна е поголема посветеност и ангажираност на воспитно-образовните субјекти. Тоа подразбира создавање и креирање на услови за реализирање на предвидените цели и задачи, организациско зајакнување и континуирано подобрување на квалитетот.

Новите образовни трендови бараат внимателен приод во создавањето на услови и можности за информирање во училишните установи и нивно почитување од страна на вработените.

Наставата е незапирлив процес со перманентен проток на информации, кои се слеваат напоредно со реализацијата на наставните содржини и постигнувањето на предвидените цели. За нивно успешно и непречено одвивање во училиштето потребно е да се внимава на следното:

- Училиштето како организациски систем за да може успешно да функционира, неопходно е потребно да се испланира и воспостави добра организација, план и програма за успешна работа;
- Да се создадат предуслови за нормална реализација на поставените цели и задачи во наставната работа;
- Да постои активно учество на секој субјект во воспитно-образовниот процес;
- Да постои перманентно и навремено информирање и известување на наставниот кадар;
- Да се почитуваат и подобруваат начините (формите) на информирање;
- Да постои активна комуникација, интеракција и соработка во сите сфери на работењето, пропратено со размена на мислења, идеи, ставови, пораки, а ососбено искуства;
- Да постои училишна клима, пријатна атмосфера и средина за работа, со постоење на кодекс на однесување во училиштето и почитување на истиот;
- Поддршка, помош, поттикнување и следење на работата на сите чинители на воспитно-образовната работа;
- Отстранување на пречките или причините кои го отежнуваат или оневозможуваат процесот на информирање;
- Давање на мислења, предлози и идеи за подобрување на процесот на информирање и информативнот систем.

Доколку се применуваат и почитуваат наведени критериуми изградениот информативен систем во училиштето ефикасно ќе функционира и ќе обезбедува кавлитет во успешното реализирање на целите и задачите и ќе се стреми за унапредување на целокупната воспитно-образовна работа.

„Успехот за пренесување на информацијата зависи од природата и квалитетот на примената информација, но и од природата и квалитетот на односите меѓу вклучените поединци.“[12]

Реализацијата на воспитно-образовната дејност во училиштето бара добро осмислена, организирана и стручна претходна подготовка, однапред определена и испланирана, надополнета со вклучување и остварување на контакти и соработка на сите субјективни фактори, учесници во училишниот живот. Преку остварување на таквата соработка и интеракција се развива доверба за лична и професионална стручност, се стекнува цврстина, креативност, иницијатива, влијателност, разумност..., што на некој начин го иницира двонасочното информирање на останатите субјекти во училиштата, како и способност за влијание врз нив.

Но, информирањето задолжително може да се одвива и надвор од самата организација, од училиштето, а станува збор за постојано информирање и секако, соработка од секаков вид со средината во која тоа училиште е лоцирано, односно информирање на јавноста, локалните субјекти, а особено родителите.

### 4.3.1 Информативна функција на директорот и неговата улога во создавањето на услови за информативен систем

Како што во секоја организација постои орган на раководење така и во основното училиште како орган на раководење се именува директорот, кој е одговорен за целокупната законска издржливост во неговото работење во училиштето.

„Поимот директор треба да се сфати како функција што некој поединец ја извршува во некоја организација, односно звање што некое лице го носи при

[12] **Петковски, К. Н., Алексова, М. А.** (2004). *Водење на динамично училиште*. Скопје: Биро за развој на образованието, стр. 139

извршувањето на определена водствена функција на некое од повисоките менаџерски нивоа."[13]

Позицијата директор со себе повлекува и голем број на надлежности и обврски, кои се истакнати во Законот за основно образование. Во книгата „Образовен менаџмент", стои дека „директорот на основното училиште ја организира и ја раководи воспитно-образовната и другата работа, самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност, утврдена со законот и актите на училиштето и го застапува училиштето пред трети лица"[14]

Всушност, секој училишен лидер го определуваат неговите постигнати резултати и успеси, а не неговите атрибути.

Улогата на директорот е комплексна и во рамките на институцијата училиште претставува еден процес, со кој успешно треба да се постигнат предвидените цели. Во своето законско извршување на работите, директорот на училиштето треба да активира и задоволи голем број на фукнции, меѓу кои ги ќе истакнеме:

- Планско-програмерска фукнција;
- Организаторска функција;
- Водствена функција;
- Педагошко - инструктивна функција;
- Евалваторска и истражувачка функција;
- **Информативна функција** и т.н.

[13] **Петковски, К. Н., Алексова, М. А.** (2004). *Водење на динамично училиште*. Скопје: Биро за развој на образованието, стр.209

[14] **Гоцевски, Т.** (2007). *Образовен менаџмент*. Скопје: Филозофски факултет, стр.273

Напоредно со тоа ги истакнуваме следните менаџерски функции на директорот во училишната институција: планирање, организирање, екипирање, водење, контролирање, одлучување, набљудување, координирање, мотивирање, **информирање**, соработување, комуницирање, преговарање, ...

Сите претходно истакнати функции треба да ги применува и реализира секој директор, менаџер во својата визија за успешно училиште. Во текот на својата работа, покрај другото, посебен акцент треба да стави на улогата на информативната функција, бидејќи потребата од постоење на информацијата станува приоритет во креирањето на училишната политика и работењето на секоја установа. Улогата на директорот, неговата информативна функција и примената на информативниот систем се заснова, пред се, на информирање при поставување на организациската структура во училиштето и менаџирањето на воспитно-образовниот и административниот персонал.

Имено, директорот го информира воспитно-образовниот кадар околу планирањето, изготвувањето, организацијата и реализацијата на:

- Годишна програма за работа на училиштето;
- Годишен извештај за работа на училиштето;
- План за развој на училиштето;
- Годишна програма за работа на Училишниот одбор;
- Годишна програма за работа на стручните активи;
- Планирање на работата на Наставничкиот совет;
- Планирање на работата на Одделенскиот совет;
- Годишна програма за работа на Советот на родители;
- Како и за други тековни активности, неопходни за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес.

Секој современ директор треба да биде свесен за постојаните промени и предизвици во окружувањето и треба да настојува да ја развива својата организација со целосно вклучување и посветување во креирањето на стратегијата и стратешките одлуки во рамките на таа организација или училиште. Во тој контекст, тој треба да креира услови за постоење на информирањето и информативниот систем. Односно, да се залага за изготвување на стандарди за добро раководење, алатки за навремено информирање, правилно комуницирање и соработување, екипирање на персоналот, насоки за донесување на ставови и одлуки, спроведување на задолжителни контроли се со цел да се обезбеди поволна комуникациска клима и успешно да се води и раководи една институција, како што е училиштето.

Значи, активноста на директорот е насочена кон организирање на севкупната работа во училиштето, кон организацијата и реализацијата на воспитно-образовната работа и меѓу другото, обезбедување на најоптимални услови за успешна информираност, двонасочна комуникација и обострана соработка на сите субјекти во училиштето.

Кога станува збор за постигнување на квалитет и успех во едно училиште и унапредување на неговата работа значајно место завзема улогата на директорот, кој со своето ефективно водство придонесува за мотивирање на вработените, нивно навремено информирање и комуницирање. Доколку секојдневно и навремено се дистрибуираат тековните информации кон вработените во училиштето, постигнатиот успех ќе биде на повисоко ниво. Во основното училиште се практикуваат најразновидни начини (форми) на информирање, во зависност од стилот на директорот, објективните услови во училиштето, но, како најквалитетни и најефикасни информации се смета дека се оние кои се добиваат лице в лице од страна на директорот во основното училиште. Начините на информирање кои се имплементираат во училиштето постои можност постојано да се менуваат, но и да се усовршуваат, заради постигнување на поголема успешност во процесот на информирање.

„Ефективниот директор го информира персоналот и комуницира со него отворено и со задоволство. Најдобар начин за искажување респект кон следбениците

не е само наградата, пофалбата или статусот, туку и подготвеноста за отворен разговор со нив. Заедничка желба на сите вработени, во сите институции ширум светот е да бидат запознати со идните планови на организацијата и како тие планови ќе се одразат на нивниот статус."[15]

Водачите во училиштето немаат едноставна работа, туку напротив, „треба да развиваат доверба за нивна лична и професионална стручност, но во исто време и да се способни да комуницираат со другите менаџери и да влијаат врз нив. Кога ќе се почувствува природата и целта на комуницирањето што менаџерите треба да го изведат, тогаш проблемот добива целосно нова димензија."[16]

Правилното организирање, управување и раководење на еден ефективен директор во училишната установа е во непосредна врска и со неговото однесување, поведение и вештото партнерство придружено со добра интеракција, почитување и разбирање во групата. Една од приоритетните задачи на еден директор - менаџер во едно училиште е развивањето и подобрувањето на своите вештини или способности за информирање на вработените во организацијата, раководење и управување со установата, како и со расположливите човекови ресурси кои се потребни за да биде комплетно извршена наставната работа.

Во тој контекст, информативните и комуникациските способности на претпоставениот, на директорот потребно е да бидат на едно ниво, каде ќе се врши јакнење на интерперсоналните вештини и алатки за ефективно управување со човечките ресурси.

Напоредно со ова, секој директор во својата организациска работа и како дел од неа, прави презентации со механизми на информирање, изразување и пренесување на информации, кои се јавуваат поради наметнатата потреба за воспоставување на односи со останатите субјекти во училиштето и окружувањето. Во тој случај, презентирањето односно информирањето не претставува класичен

[15] **Петковски, К. Н., Алексова, М. А.** (2004). *Водење на динамично училиште*. Скопје: Биро за развој на образованието, стр.248

[16] **Петковски, К.** (2000). *Водството и ефективната комуникација.* Битола: Киро Дандаро, стр.69-70

двостран комуникациски однос, туку самиот презентер треба да е свесен за тоа како треба да ја добие повратната информација од аудиториумот, колку самиот тој е доволно јасен во зборувањето и разбран во она што го пренесува. Ова се постигнува со изградените техники за успешно и информирање и презентирање, а кои треба да ги поседува секој успешен директор, како што се: владеењето на литературниот јазик, ораторските способности, течниот говор, дикцијата, разбирливоста, јасната мисла, пријатниот, но силен глас,... и на тој начин комуникациските вештини ќе вродат со плод и успех.

Се поголемата присутност и забрзаното користење на информациско – комуникациската технологија во училишниот систем нагло ја менува природата на односите на менаџментот, со што менаџерите во иднина и нивните вработени се повеќе и повеќе, ќе се потпираат на информациските системи и системите на комуникациите.

Директорот на училиштето и воспитно-образовниот кадар секојдневно ги градат комуникациските врски, се во постојана комуникација и воспоставување на соработнички односи, кои треба да бидат базирани на толеранција и позитивна комуникација заради успешна координација, контрола и мотивација на останатите субјекти во институцијата училиште.

Во релизацијата на активностите на наставата, и наставникот, но и директорот, директно или индиректно, се одговорни за праќањето, но и за примањето и делувањето на своите пораки, на достапен начин со кој ќе биде прифатена таа порака и битно ќе влијае на учениците во разбирањето на содржините. Тоа комуницирање треба да биде свесно, намерно и планирано, за да не се дојде до површност, случајност и импровизираност.

Успехот на една организација, како што е училиштето е непосредно поврзан со способностите на нејзините менаџери: да го поттикнат најдоброто кај секој вработен, да изградат ефективен тим за успешна соработка, да ја воведат тимската работа, да извлечат максимум од тимот како целина, навреме да ги согледаат заканите во окружувањето и да применат соодветни пристапи за организациско прилагодување на

промените, кои ќе следат. На тој начин, се постигнува врвност во менаџментот во училиштата, која пред се, се остварува со системите на добро и свесно комуницирање и меѓусебна доверба на вработените, колегите и претпоставениот. Тие, истовремено, се и добри пријатели и добри соработници и на тој начин овозможуваат воспоставување на сложено и динамично единство на комуникација меѓу нив.

### 4.3.2 Улогата на наставниците во почитување на информацијата и информативниот систем

Наставничкиот кадар (наставници, одделенски раководители, професори, класни раководители) претставува еден субјект во училиштето, кој е директен реализатор на воспитно-образовната дејност, учесник во реализацијата на целите и задачите и основен носител, организатор и двигател на активностите во квалитетното едуцирање на младите генерации - учениците.

Воспитно-образовниот кадар, постојано и постојано, се соочува и прилагодува кон брзите промени на образованието во 21-от век, оспособувајќи се за градење на стимулативна средина и пријатна атмосфера за учење, со цел унапредување на квалитетот на наставата. Своето стекнато знаење во својата работа, континуирано, во повеќе ситуации има прилика и можност да го споделува со своите колеги, разменува мислења, ставови, предлози, да дава повратна информација со цел заедно да се усогласат идеите за подобрување на работниот процес.

Во период на брзи промени и транзиции во образованиот систем, наставниците во основното училиште постојано се адаптираат на нив и истите се должни да ги применуваат во секојдневната наставна практика, со цел квалитетно да се реализираат предвидените цели на наставната работа. Градењето на информативниот систем и потребата од неговата примена и имплементација во училиштата, исто така, последниве години станува составен дел во практичната реализација на воспитно-образовниот процес.

Навременото и континуирано добивање на информации, нивно извршување и примена во секојдневната наставна практика од страна на наставничкиот кадар говори за почитување на информацијата и информативниот систем во училиштето. Користењето на информациите во училиштата од страна на наставниците и другите субјекти, нивното почитување и примената на информативниот систем постоеле отсекогаш, но денес имаат се понагалсена улога и им се припишува поголемо значење.

Во својата наставна практика наставниците користат најразновидни информации, како општи, усни, писмени, сликовити, комбинирани, интерни и слично. Без разлика каков и да е карактерот на информацијата, таа треба да биде прифатена, применувана и третирана за да ја истакне својата суштественост и значење и по истата да се постапи.

Секој наставник е должен да го следи напливот на секојдневните информации и да придонесува во градењето на информативниот систем во училиштето, бидејќи се повеќе се продуцираат нови и нови информации, кои се потребни за непречена и успешна реализација на воспитно-образовната работа. Односно, во својата наставна практика, наставникот има можност да испраќа, но и потреба да прима голем број на потребни информации од различен вид и со различна содржина. Истите имаат моќ да ја олеснат работата во училишната организација.

Напоредно со пласирањето и примањето на информациите, во текот на една учебна година, секој наставник пласира информации, бидејќи самото учење претставува сложен облик на комуникациски процес на усвојување на знаења, информации, вештини, способности и слично или облик на перманентно комуницирање.

Имено, наставникот во својата наставна работа во училиштето, секојдневно е опкружен со разновидни информации од различен карактер и истите ги прифаќа и соодветно ги применува. Што значи, секој наставник е свртен во насока на непречена реализација на примените информации, а со тоа и реализација на планираните цели и извршување на поставените задачи.

### 4.3.3 Улогата на наставниците во давање на повратна информација

Училиштето е комуникативна средина во која наставниците активно соработуваат, секојдневно воспоставуваат комуникациски односи, анализираат, даваат предлози, повратни информации, разменуваат идеи и мислења, поврзани со реализацијата на наставната работа.

Напоредно со тие секојдневни активности и обврски, се остварува и комуникацискиот процес, со што кај воспитно-образовниот кадар се „зголемува мотивацијата за да се работи добро, а со тоа и се зголемува чувството за припадност кон организацијата"( во овој случај во училишната организација). [17]

Постојаното внесување на нови модели, форми, методи, идеи и иновации упатува на воспоставување на партнерски односи и комуникации, кои придонесувааат за постигнување на саканите ефекти за креирање на ефективно училиште.

Ефективното функционирање на наставниците во училиштето бара тимска работа на наставниците и добра комуникација со меѓусебно почитување на членовите на тимот и работните обврски кои тој ги има. „Ефективноста и ефикасноста во работењето освен од способноста на тие кои работат во училиштето, зависат и од начинот на нивното меѓусебно разбирање и степенот на меѓусебната доверба и соработка. Создавањето атмосфера на пријателство и колегијалност, развиеното чувство на припадност и сигурност, поделбата на работите и задолженијата се параметри кои ја означуваат позитивната клима во тимот."[18]

Во својата педагошка работа, наставниците треба координирано да соработуваат, поттикнуваат и да помагаат во правилното насочување и развивање на учениковата личност, преку негување на вредности, како и давање на помош и

[17] **Петковски, К.** (2000). *Водството и ефективната комуникација.* Битола: Киро Дандаро, стр. 6

[18] ***Палчевска С.*** *(*2006). *Тимска работа на наставниците во училиштата.* (магистерски труд). Скопје, стр.48

соработка во формирање на здрава личност, преку интелектуално, морално, физичко и здравствено, работно и естетско воспитание. Тие меѓусебно активно соработуваат и учествуваат во разрешување на било каков настанат проблем, обезбедуваат повратна информација за правилно следење на наставата и разрешување на настанатите проблеми. Исто така, тие спроведуваат целосна соработка и комуникација и со другите субјекти, вработени во училиштето.

Сето ова се остварува на начин кој ги негува комуникациските врски и односи, ја негува повратната информација, со што се олеснува реализацијата на целокупната воспитно-образовната работа во училиштето и се подобрува нејзиниот квалитет.

# 5. Модел на менаџерско - информативен систем во основното училиште

Живееме во модерно време, се подинамично во кое современиот човек уште се нарекува и опишува како човек на организацијата, повикувајќи се на успешното менаџирање, односно користењето на формите на управување и ефикасноста на раководењето.

Науката во голема мера ги испитува формите, најсофистицираните методи на работа и организирањето на училшните установи кои ќе овозможат ефективна поддршка на научно – техничкиот и информатичко – технолошкиот развој. Оттука, се наметнува и прашањето дали нашите училишта се добро поставени, организирани и управувани за извршување на оваа мисија на иднината и предизвиците на третиот милениум.

Без сомнение, може да се каже дека се понагласен и поприсутен е интересот за менаџментот во организациите, во сите сфери на живеењето, а тоа значи и се поголема застапеност во образовниот систем, во кој се очекува влијанието на менаџерската функција да стане поефективно, нудејќи квалитет во целокупниот наставен процес.

Во контекст на претходното, може да се каже дека основна и најзначајна преокупација на секое училиште и негово правилно насочување е успешното менаџирање на целокупната воспитно-образовна дејност, при што за секое подрачје се поаѓа од целта, задачите и основните начела за организирање на воспитно-образовната дејност, а сето тоа пропратено со добро изведено управување и раководење од страна на раководните структури.

Училиштето, како воспитно-образовна институција, секојдневно, е опкружено со наплив на безброј разновидни информации, кои се неопходни за непречено

изведување на активностите. Особено е многу важно како ќе се врши обезбедувањето и пласирањето на тие неопходни податоци и информации.

Всушност, поимот менаџерско – информативен систем се однесува на менаџирање, управување и организирање на податоци и информации, кои се подеднакво потребни за сите субјекти и служат за да внесат ред и организација во училишното работење.

„Менаџерско - информативниот систем овозможува складирање или чување, генерирање и анализа на информации за потребите на планирањето, организирањето, екипирањето и контролирањето на работата на училиштето."[19]

Тоа е врвно менаџерско средство кое придонесува кон давањето на потребни информации, кои, првенствено се однесуваат на работата на училиштето и реализација на предвидените цели. Менаџерско – информативниот систем овозможува сите субјекти во воспитно-образовниот процес активно да се вклучат во својата работа и целосно да се посветат во остварувањето на образовните цели.

Иако претставува систем, сепак, тој е составен дел на организациските процеси во училишните установи. Обезбедувањето на менаџерско-информативен систем вклучува елементи на анализа, средства за избор, селекција, имплементација и мониторинг на тековните активности, информации.

Улогата на менаџментот претставува свесна, планска и насочена активност, која бара однапред програмирана подготовка и организација во согласност со Календарот за организација и работа на училиштето со што се утврдува организирањето на активностите во учебната година и одморите на учениците и вработените во училиштето. Тука се подразбираат и следниве активности во поглед на организацијата на воспитно-образовниот процес во училиштето: организација, реализација, реновирање, запишување, времетраење на учебната година (почеток и завршеток), распоред на дежурства, распоред на ѕвонење за започнување и завршување на

[19] **Петковски, К., Пеливанова, Г.** (2009). *Предизвиците на современото лидерство во образованието.* Битола: Херакли комерц, стр.54

часовите и одморите, комуникациските односи и соработка на секое ниво, одржување на редот, работната атмосфера, кодексот на училиштето, дисциплината и хигиената во него, работно време на вработените, кое секако е регулирано со куќниот ред, ставен на некое видно место...

Воопшто, менаџментот претставува еден процес на подредување на деловите од системот на функционирање на системот како целина, во конкретниов случај процес кој континуирано функционира во институцијата училиште и ги компонира следните активности: планирање, организирање, екипирање, водење, контролирање, одлучување, наредување, координирање, мотивирање,...

Во тој контекст, концептот на организација и управување во училишната средина се јавува како неминовност и потреба за опфаќање на системите на знаења и сознанија, препораки и сугестии, идеи и насоки според кои сите субјекти во воспитно-образовниот процес успешно учествуваат и ги реализираат поставените цели, задачи и барања.

Живееме во современо информатичко општество, во кое организацијата, управувањето и раководењето се составен дел во делувањето и функционирањето на многу институции во различни сфери од живеењето (во многубројните професии и работи, во спортот, културата, образованието...). Според тоа, на овие компоненти во поглед на секојдневното делување и егзистирање во училишната практика им се посветува особено големо внимание. Затоа, за успешно функционирање на воспитно-образовните институции потребно е во извршувањето на обврските да се потпираат и да го следат менаџментот, каде успехот произлегува од постојаниот напредок, подобрувањето на работните и животните услови кон кои се насочува и стреми секој поединец.

Во рамките на управувањето и раководењето на институцијата училиште акцентот се става на основните сегменти кои го чинат процесот на менаџирањето, како една универзална и неминовна активност, а тоа се: процес, ресурси, ефективно и ефикасно извршување на работите и секако, целите што се осмислуваат и поставуваат. За истото да може беспрекорно да функционира потребен е добар менаџерско –

информативен систем, заснован на перманентно и навремено информирање во училиштето.

Од сето ова може да се напомене дека улогата на менаџерот е комплексна и доста одговорна и во рамките на институцијата училиште претставува процес, со кој успешно треба да се постигнат целите и извршуваат активностите, во чие извршување ќе бидат вклучени сите субјекти. Современите менаџери се свесни за постојаните промени и предизвици во образованието и окружувањето, и имаат намера да ја развијат својата организација со целосно вклучување и посветување во креирањето на стратегијата и стратешките одлуки во рамките на таа организација или училиште. Во тој контекст, тие се залагаат за изготвување на стандарди за добро раководење, алатки за правилно комуницирање и соработка, формирање на ефективен тим за работа, насоки за донесување на одлуки, спроведување на задолжителни контроли се со цел успешно и конструктивно да се води и раководи една институција, како што е училиштето.

Менаџментот во училиштето завзема се поголеми размери и делува како современ амбиент за управување и водење со целокупниот воспитно-образовен процес и учесниците во него, а тоа значи дека подлабоко навлегува во животот и делото на секој поединец, овозможувајќи осовременување на животните постапки.

Во современите услови на живеење училиштето се повеќе се актуелизира и иницира потреба од осовременување на улогата на водачот на училиштето, кој во рамките на процесите на организирање, управување и раководење се јавува во повеќе улоги, како организатор, иницијатор, креатор, инструктор, партнер, преговарач, лидер, информатор, контролор и во многу други атрибутивни улоги, кои придонесуваат за правилно водење и претставување на институцијата, а воедно и успешно решавање на проблемите со кои се соочува.

Во процесот на управување и раководење во училиштата потребно е да се воспостават одредени релации, кои со правилно, мудро и рационално воспоставување и практикување ќе се постигне успех и непречено квалитетно одвивање на активностите во училиштето.

Клучот на успехот во училишните организации се наоѓа во правилно структурираните процеси на менаџирање, организација, управување и раководење, изграден стабилен, безбеден и ефикасен менаџерско-информативен систем, кои денес имааат се поголема улога и стануваат значаен и битен сегмент во сферата на воспитно-образовните институции почнувајќи од училиштата, па до универзитетите.

Познат е фактот дека Министерството за образование и наука на Република Македонија постојано се занимава и се залага за подобрување на системот на образование на младите генерации и во тој контекст креира или изготвува Индикатори за обезбедување на контрола и квалитет на работата на училиштата. „Целта и намената на овие индикатори е да овозможат прецизен увид во работата на образовните институции и да дадат препораки за подобрување," се вели во работната верзија на Индикаторите за квалитет на работата на училиштето .[20]

## 5.1 Комуникативните односи, текови и мрежи на директорот и наставниците во и надвор од училиштето

Успешната реализација и функционирање на воспитно-оoбразовната работа на секое училиште, а особено на современото училиште зависи од голем број на фактори, меѓу кои значајно место заземаат меѓусебната соработка и комуникација на вработените субјекти во училишната организација.

Потребата од информација и комуникација станува приоритет и составен дел од секојдневните работни обврски и ангажирања на сите чинители, непосредно или посредно вклучени во организацијата и реализацијата на воспитно-образовната дејност. Како клучен и значаен фактор за квалитетно изведување и успешна

[20] *Индикатори за квалитет на работата на улилиштата, работна верзија*. (2009). Скопје: Министерство за образование и наука и Државен просветен инспекторат, стр.4

реализација на подрачјето на воспитно –образовната дејност претставува примената на взаемното разбирање – комуникацијата и соработката воспоствени од сите субјекти кои го чинат училишниот живот.

Комуникацијата на директорот и воспитно-образовниот кадар во училиштата е ефикасна алатка на директно и индиректно информирање и задолжително се одвива внатре и надвор од самата организација - училиштето, а станува збор за соработка од секаков вид со сите директни учесници на воспитно-образовниот процес, како и со окружувањето.

Доста често се поставува прашањето: *„Зошто да се комуницира?"*.

Едноставно, комуникацијата станува нужност и потреба на секој вработен во секојдневната практика и е обединувачки и движечки фактор во училишната организација. Како што е во секоја организација, така и во училиштето создавањето на позитивна клима на меѓусебно почитување, взаемна доверба и избегнување на спротивставувањата и конфликтните ситуации меѓу вработените води кон поголема ефикасност и постоење на квалитет во работата. Оттука, присутноста на долгорочна посветеност кон работата, јакнењето на клима за успешна соработка на вработените, системот на отворени и чесни комуникации, давањето на повратни информации создава амбиент на взаемна доверба и почитување, кои се предуслов за ефективност на целокупната организациска поставеност.

Постојат повеќе можности за остварување на отворена меѓусебна соработка, како што се разни форми на остварување на позитивна комуникација меѓу воспитно-образовниот кадар, а пак наставниците се тие кои треба да изнајдат и да направат соодветен избор на формите на информирање, комуникација и соработка. Истовремено, треба да одберат соодветен начин да се приближат до колективот, да ја стекнат довербата на вработените и да успеат да ја наметнат својата стручност и професионалност, со што ќе им бидат од помош на сите учесници во воспитно-образовниот процес. Тие облици на взаемно дејствување, меѓусебна размена на информации, комуникација и соработка во училиштата можат да се реализираат на

различни начини, и тоа преку непосредно и посредно, односно, директно и индиректно комуницирање, како што се:

- Индивидуални контакти;
- Обострани-информативни разговори;
- Писмено меѓусебно комуницирање;
- Групни облици на соработка;
- Комбинирани облици на меѓусебна соработка;
- Електронски форми на комуникација;
- Електронска пошта или e-mail;
- Internet Relay Chat (IRC);
- World Wide Web (WWW);
- Сајт за социјално вмрежување;
- Форуми за дискусија – дискусиони групи;
- Сервиси за интернет – брзи пораки.

Наставниците како дел од еден колектив треба да создаваат и градат помош и поддршка од своите колеги, од стручната служба на училиштето и од директорот, кои треба да бидат во функција на изнаоѓање на соодветни и достапни начини на информирање, комуникација и соработка и да даваат свои мислења, предлози, сугестии... Само ваквата блиска соработка овозможува оптимален тек на воспитно-образовниот процес и воспоставување на коректни и фер комуникациско-информациски односи меѓу воспитно-образовниот кадар и директорот на училиштето.

Комуникацијата е реакција на постоењето, со која, нејзините учесници директно ги искажуваат своите чувства, потреби и барања, идеи и сугестии, приоѓаат вешто, со почитување и разбирање и јасно умеат да се произнесуваат и дискутираат. За да комуникацијата на кадарот во училишните установи и надвор од нив, постане ефективна потребно е заедничко работење и меѓусебна размена на информации и комуникации на сите наставници, стручни соработници и директорот, како и комуникации со пошироката општествена средина. Тоа значи дека „за да комуницираме добро, ние треба да се познаваме самите себе и да бидеме способни

да ги процениме другите. Само тогаш можеме да се надеваме дека ќе најдеме најдобри начини за ефективно комуницирање со другите, како во давањето на информации, така и во градењето на меѓусебните односи."[21]

[21] **Петковски, К. Н., Алексова, М. А.** (2004). *Водење на динамично училиште*. Скопје: Биро за развој на образованието, стр.141

# 6. Информатичко-комуникациската технологија во основното училиште

Главен предизвик на секоја држава, вклучувајќи ја и нашата, е да се стреми кон брз општествен, економски, социјален, политички, културен, образовен,... раст, развој и напредок. Државата гради визија во која дефинира општество, кое се заснова на образование и знаење – моќно средство за развој и напредок, бидејќи истите претставуваат фундаментално право, обврска и приоритет на поединецот и на државата. Развојот на образованието, стекнувањето на продуктивни знаења, практичната примена на тие знаења, истражувањето и решавањето на проблеми, ја наметнаа потребата од примена на современи технологии и развој на информатичкото општество во сите сфери на животот и човековото постоење.

Научно-технолошката револуција го услови забрзаниот развој и примена на информатичко – комуникациските технологии, кои станаа составен дел од животот и работата и носат голем број на придобивки на современиот човек и на општеството во целина. Таа има силно влијание врз промените и збиднувањата што настануваат во ова бурно и динамично време, така да свое влијание има во сите сфери, а особено во економијата, стопанството, индустријата, техниката, науката и секако, во образованието.

Во нашата држава информатичкото општество добива голема поддршка и најдобро се остварува преку системот на образование. Тоа значи, дека образованието е една значајна клучна компонента во поттикнувањето на развојот на информатичко – комуникациското општество. Во Националната програма за развој на образованието во Република Македонија, 2005-2015, за информатичкото општество се вели дека „прво, образованието треба да биде лидер во промоцијата на информатичкото општество и создавањето на стручни и компетентни кадри кои ќе можат да одговорат на предизвиците на информатичкото општество и потребите на економијата базирана

на знаење. Второ, квалитетот на наставно-образовниот процес директно зависи од примената на информатичко-комуникациските технологии во него".[22]

Што значи, еден од клучните фактори за постигнување на квалитет и ефикасност во секоја организација, па и во училиштата претставува примената на информатичко-комуникациската технологија, која во последниве децении завзема висока позиција и експанзија.

Информатичко-комуникациската технологија - ИКТ, (Information and Communication Technology – ICT) ја претставува целокупната опрема и програма, (се мисли на хардверска и софтверска опрема), за пристап, комуникација и размена на податоци и информации меѓу два или повеќе субјекти.

„Под информатичко-комуникациската технологија се подразбираат компјутерски и комуникациски вештини и способности кои на различни начини ја помагаат наставата, учењето и активностите во образованието."[23]

Исто така, ИКТ претставува еден универзален систем за подигнување на квалитетот на работата на вработените, стекнување на широк дијапазон на информации, податоци и вештини кои придонесуваат за збогатување, подобрување и проширување на знаењата, потребни за успешно извршување на работните обврски.

Според Даниловиќ по ова сфаќање за образовната технологија, за нејзино толкување се користат содржини од информатиката, теорија на информациите, комуникација и теорија на комуницирање, кои овозможуваат дизајн, производство и процеси на вредностите на наставните материјали и наставните комуникации. „Најважна задача на образовната технологија е создавање, избор, обработка и депонирање информации, пронаоѓање и создавање адекватни наставни содржини и

[22] *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија, 2005-2015 со придружни програмски документи.* Скопје: Министерство за образование и наука, *стр. 423*

[23] **Петковски, К., Пеливанова, Г.** (2009). *Предизвиците на современото лидерство во образованието.* Битола: Херакли комерц, стр.81

создавање интерактивни комуникациски односи помеѓу наставникот и ученикот и ученикот и изворот на знаење."[24]

При користењето на ИКТ, информацијата претставува клучен и составен сегмент во извршувањето на сите работни и други активности. Имплементацијата на ИКТ во секојдневната работа станува предизвик со кој сме опкружени и овозможува развој на вештини за комуникациски, презентациски и вештини за тимска работа. Секојдневната употреба на компјутерската технологија придонесува за развивање на сопствените потенцијали за решавање на комлексни проблеми и прашања, како и изнаоѓање на разновидни техники за подобро извршување на работните активности на секој поединец.

ИКТ е еден од видовите на образовна технологија и претставува нужност и потреба на современиот образовен процес. Иновативното користење на ИКТ во основните училишта станува составен дел од секојдневното работење на секој вработен субјект. Во тој случај, треба да се има предвид дека самата техничка опременост на училиштата со компјутерска техника нема никакво значење, без пропратна едукација за правилно користење и правилно менаџирање на целокупната работа во основното училиште.

[24] **Даниловиќ, М.** (1996). *Савремена образовна технологија*. Увод у теоријске основе. Београд: Институт за педагошка истраживања, стр.46

## 6.1 Примена на ИКТ во воспитно-образовниот процес – услов за квалитетно образование

Сведоци сме на модерно време во кое примената на информатичко-комуникациската технологија зема широк замав, се промовира и интегрира во сите сфери на човековото делување, а и во воспитно-образовниот процес.

Развојот на информатиката и информатичката индустрија, а особено информациско-комуникациската технологија ја акцентираа и актуелизираа појавата на информатичката писменост, како една од клучните компоненти за успешна и просперитетна држава. Во тој сегмент, и во Република Македонија се наметна потребата од ширење на информациско-комуникациската технологија (употребата на компјутерите, пристапот и типот на интернет врска, ...), со што се направени заложби за брз развој на информатичкото општество и информатичката писменост со делотворна примена на информациите и комуникациите.

Забрзаниот раст и развој на информатичкото општество и експанизјата на информатичко-комуникациската технологија постојано ја наметнуваат потребата од користење на компјутерот, како мо́кно средство кое ќе се доближи до високите стнадарди на едно општество, како развој и унапредување на знаењата, креативната логичка мисла, иновациите, научните достигнувања и т.н.

Се смета дека имплементацијата на компјутерската технологија и нејзината пропаганда најдобро се реализира преку системот на образовние и неговите степени, односно потсистеми, каде што се забележува постојано и секојдневно следење на информациите. Примената на современите достигнувања на информатичко-комуникациската технологија е во функција на поддршка на постигнување на ефикасност во секоја организација. Во тој сегмент, денес, го чувствуваме ефектот од компјутеризацијата, кој ни овозможува многу побрз и подостапен начин на доаѓање до информации и сознанија. Во тој контекст, ИКТ се повеќе и повеќе обезбедува услови и насоки за постигнување и развој на квалитет во наставно-образовниот процес,

квалитет кој зависи од примената на информатичко-комуникациските технологии во него.

Наставно-образовната работа е процес на перманентно извршување на активности и следење на истите. Примената на информатичко-комуникациската технологија има своја улога во извршувањето и реализацијата на тие активности и претставува еден од клучните фактори во детерминирањето на успехот на превземените активности. Бидејќи самата реализација на главните задачи што ги поседува информациско-комуникациската технологија во образовниот процес и ползата од неа овозможува постигнување на успех и квалитет во системот на образование во целина.

Меѓутоа, денес, факт е дека воопшто, во сите воспитно-образовни системи постои неминовна потреба од обезбедување на услови за оспособување и дополнителна обука на наставниот кадар, кој не успеал да ја помине иницијалната обука за примена на ИКТ во наставниот процес.

## 6.2 Интернетот како средство за информирање и комуникација

Современиот начин на живот се карактеризира со голема динамика, брз техничко-технолошки раст и развој, нагласена глобализација во комуникацијата и информацијата. Во последнава декада сведоци сме на се поизразена примена на високи научни, техничко и технолошки достигнувања во повеќе области, кои имаат позитивно влијание врз начинот на работење и егзистирање на современиот човек.

Денес, во 21-от век, напоредно со честата примена и масовна употреба на компјутерската технологија се нагласува потребата од брза достапност на информацијата, зголемена комуникација и брза размена на пораки со податоци и информации. Тоа го овозможува интернетот (INTERnational NETwork), кој нуди

неограничени можности на стекнување со поголема информираност, достапност на најновите информации, огромен број на податоци и глобална комуникација во сите сегменти на човековиот живот. Всушност, станува збор за најголемата и најпознатата компјутерска мрежа во светски рамки, на која се поврзани голем број на мрежи или пак одделни компјутери, но меѓусебно поврзани.

Стратегијата за брзо информирање, подобра комуникација, подобрување на начинот на стекнување на најновите сознанија, како и размената на податоци на светско ниво, овозможи ефикасно решение, кое се нарекува интернет. Интернетот е светски распространета компјутерска мрежа од меѓусебно поврзани мрежи низ целиот свет и е од суштинско значење во развиениот свет. Тоа е глобално множество на компјутери, кое е создадено за научни, образовни, економски,... но, за жал, и за голем број други цели. Интернетот не е само глобална компјутерска мрежа, туку всушност претставува збир на ресурси, база на податоци на светско ниво, информациони процеси и корисници кои ги обезбедуваат и ги употребуваат тие податоци.

Во тој контекст, интернетот е едно ефективно средство за информирање, комуникација и едукација, кое нуди неограничени можности и широки услуги за информирање, двонасочна комуникација, како и брзо разменување на пораки по пат на електронска пошта. Феноменот Интернет и неговата појава овозможуваат најразлични услуги, кои се користени од страна на огромен број на корисници, (кој број постојано се зголемува) во рамките на целиот свет и овозможуваат:

- брзо ширење на знаењето и информациите;
- пребарување и читање на разновидна литература;
- комуникација;
- електронска пошта – E`Mail
- креирање на Web страна;
- интерактивно учење;
- доживотно учење;

- пребарување на бази на податоци;
- дискусиони групи и форуми;
- понуда и реклама на голем број институции;
- продажба на производи и услуги,...

Интернетот внесе нова, модерна организација и реорганизација на обврските и должностите во секоја институција, а своја улога најде и во воспитно-образовните институции. Голем број на проекти, обуки, задолженија и обврски кои се реализираат во воспитно-образовниот систем, се темелат на искуствени податоци и информации, добиени од интернет комуникациите. Тие стануваат актуелност и предизвик во воспитно-образовниот процес, кој пак со својата визија настојува да креира современ образовен систем, базиран на ефикасност и квалитет.

Како во секоја организација, така и во училишната, интернетот има свои бенефиции и претставува совршена алатка за внатрешна и надворешна соработка, развивање на деловните односи, нивно зацврстување и подобрување на деловната клима. Исто така, свој придонес и влијание интернетот има и во правилното пласирање на потребните информации, за непречена и успешна работа и реализација на целите на наставниот процес.

Во книгата „Наставни медиуми" на **Стојановска В**. стои дека „Вредноста на интернетот од аспект на потребите на наставата и учењето, се согледува во тоа што тој овозможува голем број разновидни информации кои постојано се ажурираат и усогласуваат со најновите научни сознанија за третираната област, овозможува пристап до многу библиотеки, музеи и други институции и до веб-страници со различни теми, со што создава услов за изградување на сеопфатен систем на ресурси за учење и настава. Освен информации, интернетот нуди и пристап до луѓе од сите страни на светот (учениците преку електронска пошта може да се поврзат со експерти од полето кое го изучуваат, со поискусни лица, постари ученици или други личности со

исти интереси), брзо воспоставување на меѓусебна комуникација, разменување информации и водење разговор."[25]

Посетата на интернет страниците станува неодминлива и задолжителна секојдневна активност во модерното работење, а интернет пребарувачите станаа реалност и навика на секој вработен поединец во училишната организација. Интернет пребарувачите претставуваат клучен извор на информации на кој голем дел од наставниците како корисници се повикуваат или треба да се повикуваат. Интернетот ја поседува можноста за добивање на огромен број на расположливи информации со само едно пребарување.

На тој начин се задоволуваат потребите од информации во професионалното работење се со цел олеснување на начинот за доаѓање до потребни информации, неопходни за успешно одвивање на наставниот процес.

Развојот на интернетот, неговата доминација и неговата интегрирана примена во рамките на воспитно-образовниот систем бележи раст и развој, особено во последниве години. Компјутеризацијата и примената на интернетот, како во секоја сфера, така и во образовната, ја подобри организацијата на работните обврски и извршувањето на работните задачи, од една страна, но внесе и нов предизвик во училиштата, од друга страна. Тоа значи, дека е потребно позитивно да се одговори на новите барања, потребна е соодветна подготвеност на поединците во образовните организации за адаптација, прифаќање, следење, како и примена на иновациите и новите идеи, особено кај повозрасните генерации.

Правилното пребарување, изборот и лоцирање на информациите на Интернет преставува една многу важна вештина, која наставниците треба да ја поседуваат во своето професионално работење, бидејќи станува збор за многу брз, лесен и поедноставен начин на здобивање со потребни информации.

---

[25] **Стојановска, В.** (2012). *Наставни медиуми.* Скопје: Филозофски факултет, стр.113

Воведувањето, следењето на новите сознанија и користењето на компјутерската технологија во училишните организации овозможи можност за промена на образовната култура во училиштата, подобрување и модернизирање на образовната клима, можност за напредување на работата на наставниците и нивен професионален развој.

Истовремено, интернетот овозможи и подобрување на информираноста на наставниците, информативниот систем во училиштето, како и начинот на брзо и точно пренесување на информациите. Искористувањето на придобивките од поврзаноста со интернет можностите на секој директор и на воспитно-образовниот кадар во институцијата училиште им отвори нови можности, кои се користат за навремено и точно меѓусебно информирање на наставниците и на останатите вработени лица во училиштата.

## 6.3 Web страна на основно училиште од аспект на информирањето

Напоредно со развојот на техничко-технолошките достигнувања, настана брзо ширење на Интернетот, како најраспространета глобална компјутерска мрежа од светски размери. Интернетот нуди неограничени можности, па според тоа најде огромна примена во сите сфери на човековото постоење. Користењето на интернетот, неговите неограничени можности, расположливоста и пристапот на огромен број на податоци и информации, брзата и интензивна комуникација предизвикаа и условија коренити промени во системите и процесите на организациите.

Од појавата на интернетот, за релативно кратко време, своја значајна примена најде и во системот на образование. Неговото значење во рамките на образовниот систем е огромно, бидејќи истиот со својот капацитет претставува еден непресушлив ресурс кој нуди масовни комуникации, пронаоѓање на информации, континуиран

развој, развој на критичко размислување и делување, доживотно учење и перманентно усовршување...

Во тој контекст, интернетот на своите корисници им сервира разновидни услуги, или услужни сервиси, кои се групирани со цел поедноставна и полесна снаодливост во мноштвото на податоци и информации. Според **Мандиќ**, „Основни услуги кои Интернетот ги нуди се:

1. Електронска пошта E`Mail
2. WWW (World Wide Web)
3. Дискусиони групи (Usenet Newsgroups)
4. FTP (File Transfer Protokol)
5. Телнет"[26]

Во однос на основните интернет – алатки, **В. Стојановска** истакнува „Интернет-алатки, кои можат да задоволат одредени потреби на наставата, се: *World, Wide Web (WWW)* – Сервис на Интернет кој нуди неограничен број на веб страници, *Интернет-пребарувачи (веб-пребарувачи), Електронска пошта или e-mail, Internet Relay Chat (IRC), Форуми за дискусија – дискусиони групи (Usenet Newsgroups), Social Networking Site (сајт за социјално вмрежување), Сервис за интернет – брзи пораки (IM – Instant Messaging)."*[27]

**WWW (World Wide Web)** претставува основна интернет алатка и актуелна мрежа на интернетот, раширена низ целиот свет. Тоа е сервис кој нуди богатство од најразновидни информации и сознанија преку комбинирање на текстови, фотографии, звуци, графички анимации, видеозаписи, во зависност од она што корисникот го интересира. Во рамките на секоја институција, креирањето на web страница значи една поголема можност за ширење на актуелни информации од секој домен. Web

[26] **Мандиќ, П., Д., Мандиќ, Д., П.** (1997). *Образовна информациона технологија*, Иновације за 21.век. Београд: Учитељски факултет, стр.286

[27] **Стојановска, В.** (2012). *Наставни медиуми.* Скопје: Соларис Принт, стр.115

страната се базира на активностите, работењето и функционирањето на секоја организација. Таа воспоставува еден континуитет во информативниот процес во организацијата.

Подготовката и планирањето на web страната се битни елементи и се од клучно значење за постигнување на квалитетно и креативно дизајнирана web страница. Заради тоа web страната бара повеќе организираност и повеќе активности, создавајќи информационо катче за успешно исполнување со актуелни потребни информации и сознанија во електронска форма.

Дизајнирањето на web страната ја врши web дизајнер и при нејзината изработка често се користат готови алатки и ресурси. Дизајнерот на страницата треба да поседува особини како што се креативност, практичност, умешност, а пред се, знаење, со што ќе успее да понуди и сервира информации, кои ќе овозможат задоволување на потребите на корисниците.

Современото основно училиште се стреми да ги следи светските трендови и иновации на компјутеризација и дигитализација. Во рамките на основното училиште се реализираат голем број на активности, како планирање, организирање, управување, реализација на наставни и вонннаставни активности, следење, проверување, оценување, вреднување,... За нивна успешна реализација во основното училиште примената на информатичко-комуникациската технологија и интернетот наоѓаат свое значајно место и улога од аспект на информирање и информативните текови. Тие тековни информации придонесуваат за поефективно извршување на воспитно-образовните активности од страна на воспитно-образовниот кадар.

Во тој контекст, секое училиште во своето работење треба да ја имплементира компјутеризацијата, односно примената на компјутери и да е во чекор со честите и брзи промени и трендови. Последниве години се актуелизира потребата од промовирање и воведување на web страна со која ќе се афирмира работата на вработените субјекти во училиштето и самото училиште, преку еден современ и значаен извор на информации за работата и случувањата во училиштето.

За потребите на наставниците, за издигнување на училиштето на едно повисоко и современо ниво, како и за зголемена информираност на наставниот кадар и соработка со пошироката општествената средина од големо значење е изработката на web страница на основното училиште. Според тоа, без разлика на својата големина, секое основно училиште треба да пристапи кон изработка на сопствена web страница, која ќе претставува еден документ кој содржи и промовира богат извор на информации со содржини, активности, актуелности и случувања од работата на училиштето, а во интерес на работата на воспитно-образовниот кадар, учениците, родителите и пошироката општествена средина. Една од важните работи при креирањето на web страницата е воспоставувањето на добра информациона шема, која понатаму треба да се проширува и надоградува и преку која се остварува информираноста и комуникацијата.

Напоредно со развојот на Интернетот изработката на web страна постанува се поедноставна работа, но сепак, нејзиното постоење овозможува пристап до податоци и информации за квалитетна воспитно-образовна работа и успешно училиште. Креирањето на училишната web страна ќе направи една колекција од електронски документи, преку кои се презентираат најразновидни информативни содржини, тековни активности и најнови актуелности од училишниот живот. Од исклучително значење и за училиштето, и пошироко е училишната web страна да постане доверлива страница од која наставниците во секое време ќе можат да црпат најразновидни веродостојни информации, корисни за нивната работа.

Во основното училиште, креирањето на училишна web страна претставува реална потреба, развивање на информативниот систем и континуитет во процесот на информирање со свое исклучително значење. Потребата од користење на училишна web страница се јавува поради се поголемото имплементирање и користење на ИКТ и интернет можностите во училиштата.

Обезбедувањето на квалитетна web страна е една од потешките задачи во интернет услугите. Но, квалитетната web страна подразбира добро направен дизајниран преглед на информации, содржина и дизајн, страна која носи повеќе посетители и изградба на мрежа од влезни линкови кои нудат голем број на корисни и

тековни информации. Но, не секогаш имаме такви можности со креирани web изданија, преполни со богата дизајнирана структура и софистицирана организација и промоција на информации и содржини, значајни за наставникот и наставната работа.

Официјалната web страна на училиштето по својот изглед треба да е изработена на едно професионално ниво и истата да биде интересна, привлечна и атрактивна и да успее да задржи што е можно повеќе корисници или посетители. Според тоа, изработката на web страна на училиште заслужува повеќе внимание со цел да ги задоволи барањата на корисниците, нудејќи им електронски евидентирани информации, неопходни за нивното успешно работење.

Информативните потреби во училиштето се нераскинлив дел од работата, улогата и функцијата на училиштето и најчесто произлегуваат од нив. Web страната во училиштето промовира *информации* како што се:

- генерални информации за училиштето (лична карта на училиштето),

- историјат на училиштето,

- за годишната програма за работа на училиштето,

- за полугодишни и годишни извештаи,

- за раководниот тим,

- за воспитно-образовниот кадар,

- за учениците,

- за организација на наставата,

- за воннаставните активности,

- за културни манифестации, приредби, натпревари, екскурзии и воннаставни активности,

- за соработка со родители,

- за соработка со локалната средина,

- за учество во проекти,

- за стручно усовршување на наставниците,...

Покрај претходно споменатите информации по потреба се прикачуваат, вметнуваат и ажурираат и други актуелни тековни информации од целокупниот училишен живот. Основното училиште е средина во која потребата од податоци и информации е на високо ниво, без разлика на тоа кои се корисниците на тие информации.

За една web страна велиме дека е добра ако ги поседува следниве карактеристики:

- истата да може лесно да се пронајде,

- да е едноставна за користење,

- да е добро структуирана,

- да известува,

- оригинална,

- визуелно привлечна,

- хармонична,

- графички дизајнирана,

- ефективна и

- навремено да објавува нови и нови информации.

Со имплементирањето и постоењето на web страната се овозможува поголема информираност, комуникација и презентација на креирани новости за содржини, неопходни за непречена реализација на воспитно-образовната работа на секој директен учесник во нејзината реализација. Истовремено, постоечката web страница овозможува информираност, како на сите внатрешни инволвирани субјекти во

училиштето, учениците, така и за надворешните субјекти – родители или припадници на целоклупната јавност.

Постојаното уредување и ажурирање со најнови информации од работата на училиштето е од голема важност, бидејќи информацијата е главен носител на активностите во него. Во зависност од потребите за информирање на училиштето, web страницата може да се адаптира и прилагодува со можност за надоградба со нови поинтересни и поатрактивни содржини и можност истата да се развива, со цел подобрување на информационите услуги што ги поседува. На тој начин ќе се зголеми пласирањето на информации до внатрешните и надворешните субјекти во училиштето и зголемување на интересот за користење и промовирање на web страницата, што условува поквалитетна воспитно-образовна работа и поквалитетно училиште.

Од претходно изнесеното согледуваме дека големи се придобивките од користењето на web порталот на основните училишта, со оглед на тоа дека истиот овозможува директен пристап на транспарентни информации и содржини за случувањата за наставните и воннаставните активности, во секое време. Затоа, постојано се јавува потреба од континуирано подобрување и модернизација на web страната и нејзино постојано користење.

Современата настава, комуникациско-информациските односи, размената на информации, сознанија, засилената соработка, примената на интернетот, информациско-комуникациската технологија, користењето на нејзините придобивки неминовно навлегуваат во основните училишта и ја внесуваат или истакнуваат наставата и училиштето во новиот милениум.

Со цел да се дојде до одредено сознание и да се овозможи поцелосен и попрегледен приказ за пласирањето на информации, поставеноста и улогата на информативниот систем во основното училиште и дали тој е во функција на потребите на наставниот кадар, во делот за анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето ќе се изврши анализа на постоечките web страници на основните училишта, опфатени со ова истражување.

# 7. Училишен весник од аспект на информирањето

Основата на секое училиште е истото да се стреми за навремено и квалитетно остварување на поставените барања односно дефинираните цели и задачи. Заради нивна успешна организација и реализација на повисоко ниво, а истовремено и на севкупната воспитно-образовна работа во основното училиште потребата од постојано информирање станува повеќе од неопходност. Според тоа, во извршувањето на активностите и работењето на основното училиште се практикуваат повеќе начини на информирање, со цел зајакнување на системот од постоење на информирање и информативниот процес.

Меѓу другите, еден од начините на кои се врши информирањето претставува публикувањето и користењето на училишен весник. Сметајќи го за позитивно постоењето на едно вакво информативно гласило, издавањето на училишниот весник е индивидуална одлука на секое училиште и неговиот раководен тим и бара поголема посветеност од страна на тимот задолжен за издавање на училишен весник. Неговото издавање може да биде континуирано, во зависност од потребите, месечно, но и за секој класификационен, односно квартален период од учебната година и т.н.

Издавањето на училишниот весник претставува облик на информирање преку кој наставниците, учениците, родителите и пошироката општествена јавност се запознаваат со информации, сознанија и појаснувања за воспитно-образовните активности и севкупните случувања и актуелности во основното училиште.

Во училиштата во кои истиот функционира претставува активен чинител во подобрување на процесот на информирање, но и запознавање со постигнатите резултати, осврт на работата на воспитно-образовните субјекти, а со тоа и овозможување на транспарентно и поефективно реализирање на наставната работа.

Знаејќи дека информацијата со своето значење е клуч за градење на квалитет, изработката на училишниот весник или брошура дава можност за пласирање на информации, критичко размислување по нив и почитување на постигнатите резултати на училиштето, но и поквалитетно реализирање на активностите.

Училишниот весник, на наставниците им обезбедува достапност и едноставност во поглед на неговото користење и пласирање на информации за нивните стручни потреби. Но, се позабележителна е појавата на издавање на училишни весници, во кои содржинските компоненти објавени во нив не остваруваат информирање, туку повеќе нудат известување за постигнатите резултати од работата на наставниците, учениците и училиштето, во целина. Од ова произлегува, дека честа практика на издавањето на училишниот весник во некои основни училишта е само краен резултат на работата и постигањата во нив и промоција на истите.

Во однос на издавањето на весникот на училиштето постои потреба од професионален ангажман на тимот, задолжен за негова реализација и правилната намена на весникот, кој би претставувал предвремено или навремено информирање на вработените во функција на нивните стручни потреби. Со тоа би се постигнал поцелосен ефект од неговото користење, како можност за добар и поедноставен начин на публикување на информации, новости и соопштенија, а кои се од интерес на наставната работа на наставниците.

## 8. Проблеми и пречки во информирањето во основното училиште

Како во секоја организација, така и во училишната, процесот на пренесување на информациите е секојдневна активност и начинот на нивното пренесување не треба да претставува комплексна или специфична работа, која би го оневозможила, попречила или отежнала процесот на информирање. Но, се знае дека, информирањето го изведуваат поединци, кои претставуваат различни индивидуи, а извршуваат и реализираат активности во едно исто училиште. Тие различни индивидуи можат да бидат и едни од причинителите кои го предизвикуваат отежнатото или ненавремено информирање. Исто така, постојат различни начини и услови на пренесување на информациите.

Во контекст на претходно изненсеното може да се забележи дека настануваат проблеми во остварувањето на протокот на информациите и информативните односи и дека постојат субјективни, но и објективни фактори кои можат да бидат причинители за отежнато информирање и лош проток на информациите. Сите овие пречки кои настануваат во основното училиште се причинители за нарушување на реализацијата на процесот на информирање и правилниот проток на информациите од директорот кон наставниците и обратно и истите влијаат врз квалитетот и ефикасноста на информирањето и комуникацијата.

## 8.1 Субјективни причини за отежнато информирање

Во училиштата доста често се случува поедини вработени субјекти да предизвикуваат проблеми или да ја нарушуваат секојдневната динамика на извршување на работните обврски, а со тоа и на процесот на информирање, а заради своите лични карактеристики кои ги поседуваат. Имено, станува збор за помалку заинтересирани или воопшто незаинтересирани поединци, или пак поединци кои се со намалена желба за да информираат или спроведуваат одредена информација во процесот на реализација на воспитно-образовната работа во училиштето. Тоа може да се случи и кога концентрацијата на оние кои ја испраќаат или примаат информацијата е намалена или воопшто ја нема. Исто така, изолацијата од другите, замореноста, конфузното и неадекватно соопштување, намалената способност, неснаодливост, несвесното или делумно свесното однесување, неискуството, возраста, некомпетентноста, авторитарноста и инертниот однос на одредени поединци за правилно пренесување или реализирање на информацијата можат да бидат пречка и причина за оневозможување на правилен и слободен проток на информации во училиштата.

## 8.2 Објективни причини во начинот на информирање

Една од причините во неуспешното информирање може да биде и од јазична природа. Станува збор за начин на информирање, кој е недоволно јасен или јазично неразбирлив, односно недоволно разбирлив и јасен за оној на кого е наменета или испратена информацијата. Така што, субјектот што ја прима информацијата – примателот има непрегледна претстава и кај него се јавува забуна во поглед на примањето на информацијата и нејзиното значење и истата може да ја протолкува на свој начин, според свое мислење и во свој контекст.

Отсуството од постојани стандардни начини на информирање односно честата промена на начините на пренесување на информациите исто така може да биде пречка и да предизвика нарушување во процесот на правилно информирање во училиштата. Така што, понекогаш може да се случи поедини вработени субјекти да не добијат некоја важна информација или да не бидат доволно информирани заради нивната отсутност или несериозно однесување кон своите работни обврски.

„Честа препрека во правилното сфаќање на пораките е претерано селектирана перцепција. Неретко примателот регистрира и слуша она што го очекува да го чуе, што е поврзано со неговото искуство, или она што знае и во што верува. Селективното задржување или одбивање на поедини делови од информацијата, исто така, е препрека за потполно разбирање на пораката. Примателот пропушта да види и чуе се што информацијата содржи. Ова се случува затоа што примателот е недоволно заинтересиран или затоа што му е опадната концентрацијата."[28]

Техничките проблеми во училиштата, лошата комуникација, недоразбирањата, неправилното толкување или дешифрирање на информацијата, постоењето на

[28] **Вилотијевиќ, М.** (2000). *Дидактика I.* Научна књига. Београд: Учитељски факултет, стр.353,354

различните интелектуални подлоги, искуствени знаења, различните ставови и сфаќања на поимите и различните начини на размислување на оној што ја испраќа и оној што ја прима пораката се реални причини и проблеми кои, исто така ја отежнуваат реализацијата на информацијата и информативниот систем во целина.

## 8.3 Стратегија во надминување на проблемите на информативниот систем

Како што веќе беше истакнато, во однос на пласирањето и реализацијата на информациите, во основното училиште секојдневно се јавуваат проблеми кои што го попречуваат или отежнуваат информативниот процес.

Сите недоразбирања, пречки и проблеми кои се појавуваат при процесот на пренесување и реализирање на информацијата во училиштето можат да се намалат или целосно да се отстранат. Но, првиот чекор во разрешувањето на тие проблеми или пречки е истите да се детектираат, откријат, дијагностицираат и секако, решат. Во тој контекст се јавува потреба од адекватно креирање на стратегија, која ќе придонесе во надминување и решавање на настанатите проблеми и недоразбирања во поглед на слободниот проток на информации. Истата се инкорпорира со цел да се подобри квалитетот и ефикасноста на протокот на информациите, информативниот систем и целокупната воспитно-образовна работа во училиштето.

Главната стратешка цел за намалување и надминување на причините кои настануваат при пласирањето и реализацијата на информациите во основното училиште е подобро користење на начините на информирање, поголема позитивна комуникација помеѓу вработените субјекти, активна постојана соработка, која предизвикува давање на повратна информација, намалување на недоразбирањата и

анксиозноста, фрустрациите, тензиите, незаинтересираноста, различните сфаќања и приоди, како и на индивидуалните разлики на вработените. Од друга страна, а заради подобрување на целокупниот воспитно-образовен процес, потребно е зголемување на довербата, меѓусебното почитување, активноста и заинтресираноста на вработените, изградување на свест за одговорност, создавање позитивни навики, компактибилност, концентрација и т.н.

Незаинтересираноста, тензиите и лошата комуникација меѓу одредени субјкети се причини кои треба да се надминат, а со преиспитување на улогата на секој вработен, со зголемување на мотивацијата, подобрување на сопствените способности за пренесување и реализација на информацијата, како и со разрешување на можните конфликти.

Друг вид на пречки во пласирањето на информациите во училиштата настануваат заради отсуството од стандардни постојани начини на информирање и честите и брзи промени во начините на информирање, а за кои одредени поединци не се доволно запознаени.

Техничките проблеми во пласирањето на информациите, погрешното толкување и дешифрирање на пораката – информацијата се објективни проблеми со кои се соочуваат вработените субјекти во училиштето. За нивно надминување и сузбивање одговорни се раководниот тим во училиштето, кој треба да размисли и креира соодветни конструктивни начини на пренесување на информациите, да направи реорганизација во поглед на создавање на позитивни услови за пренесување на истите.

Со прецизирање и имплементирање на изнесените стратешки мерки за надминување на пречките кои го отежнуваат протокот на информациите од директорот кон наставниците и обратно, ќе се придонесе за поквалитетна и поуспешна реализација на процесот на информирање, протокот на информации и информативниот систем, а со тоа и поквалитетна реализација на целокупната воспитно-образовна работа во основното училиште.

# II ДЕЛ
# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

*1. Предмет на истражувањето*

*2.Основни поими содржани во предметот на истражување*

*3. Цели и задачи на истражувањето*

*4. Хипотези на истражувањето*

*5. Варијабли на истражувањето*

*6. Методи, техники и инструменти на истражувањето*

*7. Популација и примерок на истражувањето*

*8. Статистичка обработка на податоците*

## 1. Предмет на истражувањето

За непречено функционирање на секоја организација, особено кога се мисли за успешна организација, битен чинител е потребата од постоење на информации, кои се неопходни за извршување и реализирање на сите активности во неа. Имајќи го во предвид ова, исто така и имајќи го предвид карактерот на училиштето како една организациска средина со однапред предвидени и испланирани цели и задачи, се јавува огромна потреба од обезбедување на информации, неопходни за непречено одвивање и реализација на целокупната воспитно-образовна работа.

Информацијата е составен елемент и неодминлив сегмент во организацијата и реализацијата на образовниот процес во рамките на егзистирањето и деловното работење на сите потсистеми. Таа претставува основна алатка за меѓусебно општење на поединците и субјектите, чинители на наставната дејност и едно ефективно средство, кое ќе придонесе за успешно остварување на дефинираните цели, решавањето на задачите и исполнувањето на обврските во институцијата училиште.

Тргнувајќи од важноста и потребата од известување, информирање, односно обезбедување и пренос на информациите во воспитно-образовната организација од една страна, се поставува ова актуелно прашање кое подразбира формирање на еден систем, таканаречен информативен систем кој ќе претставува еден збир од сите расположливи информации во училиштето вклучувајќи ги и начините и механизмите за управување со тие информации, од друга страна. Всушност, „сите информации што се неопходни за функционирање на една организација (на пример училиште) и механизмите за нивното управување го сочинуваат информативниот систем на таа организација."[29]

[29]**Петковски, К., Пеливанова, Г.,** *Предизвиците на современото лидерство во образованието,* Херакли комерц, Битола, 2009, стр.79

Во последниве години, во менаџирањето, работењето и извршувањето на работните обврски во училишната организација, се повеќе како да доминира и се актуелизира прашањето од постоењето на квалитетен и ефективен информативен систем. За правилно и непречено информирање и функционирање на информативниот систем во основните училишта треба да се посвети повеќе внимание на обезбедувањето, обработувањето, воспоставувањето и пласирањето на потребните информации од страна на директорот на училишната организација кон вработените, а особено кон непосредните реализатори на воспитно-образовниот процес – наставниците.

Информативниот систем во основното училиште може да се разгледува од повеќе аспекти, а во овој магистерски труд тој се разгледува како систем преку којшто се пласираат и разменуваат информации кои се наменети за потребите на наставниците. Оттука, *предмет на ова истражување е поставеноста и улогата на информативниот систем во основното училиште во функција на потребите на наставниот кадар.*

## 2. Основни поими содржани во предметот на истражување

Заради поблиска определба и појаснување на предметот на ова истражување, пристапуваме кон дефинирање на клучните поими кои се содржани во неговото формулирање, како што се: *информативен систем, основно училиште, наставен кадар.*

***Информативен систем.*** Под поимот информативен систем подразбираме израз кој е изведен од следниве термини, како што се информација и систем. Етимолошкото значење на поимот *информација* се состои во латинскиот збор informare и во Современиот лексикон на странски зборови и изрази (1990) означува известување, соопштение, извештај. Додека пак, во Педагошкиот лексикон (1996), можеме да зебележиме дека информацијата претставува „било кое известување, соопштување, вест, која по нашето примање може да предизвика промена во нашето однесување. Во поширока смисла, било кое поттикнување кое добива значење, како вообичаени (природни) работи, по конвенција,... Учењето може да се сфати како примање на информација. Во тој случај битно е да се знае како најуспешно да се пренесат информациите ..., колкав е нивниот информациски капацитет и т.н."[30]

Информацијата претставува неодминлив сегмент, основен ресурс во работењето на секоја организација и еден од суштинските чинители во секојдневното функционирање и извршување на обврските. Таа е фундамент во подржувањето и реализацијата на целокупните работни обврски и задолженија на секој поединец во секоја работна единица.

Поаѓајќи од претходно назначениот израз информативен систем, даваме објаснување на поимот систем, кој претставува и се јавува како збир, множество или група од меѓусебно поврзани конститутивни елементи, делови, правила, принципи, постапки, процеси,...кои градат една меѓусебно поврзана и хармонична целина. Всушност, во теоретскиот дел на ова истражување беше конкретизирано за поимот

[30] *Педагошки лексикон,* Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1996

информативен систем во основното училиште, како систем од механизами за управување со информации неопходни за успешно функционирање на училиштето.

Во тој контекст, во рамките на ова истражување информативниот систем во основното училиште се базира врз податоците и информациите, неопходни за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес, кои се прибираат, складираат, обработуваат, објавуваат и пренесуваат од дирекотрот кон наставниците.

Во Педагошкиот лексикон поимот информативен систем го среќаваме како информативен систем на воспитанието и образованието и се вели дека е „систем кој прибира, памти, пренесува и преобразува информации за разни прашања од воспитно-образовната област со цел на заинтересираните да им обезбеди информации кои им се потребни. Системот се карактеризира со пет компоненти: извор, предавател, претварач на информацијата, меморија и приемник, а пренос се врши со посредство на посебни канали (жица, воздух, бран и др.)."[31]

***Основно училиште***. Основното училиште претставува една институција во која се остварува основното образование, како засебен потсистем од системот на воспитанието и образованието, како основен, базичен и фундаментален потсистем од причини што ја дава основата за едукација на понатамошното образование и усовршување на една личност.

Согласно *Законот за основно образование*, основното образование се организира и остварува во основното училиште и е задолжително деветгодишно, организирано во три воспитно-образовни периоди, со опфат на деца од 6 до 15 годишна возраст. Основното училиште има општообразовен карактер, а воспитно-образовната дејност што се реализира во него е од јавен интерес. Во *Законот за основно образование* се вели дека основното училиште може да биде општинско или државно. Општинското основно училиште се основа од општината. Државното основно училиште се основа од Владата на Република Македонија. Советот на

[31] *Исто*

општината донесува одлука за основање на основно училиште, по претходно прибавено мислење од Владата.

Основното училиште, исто така, претставува организациска целина во која се дизајнира воспитно-образовната работа, која во последно време се бара и се очекува да биде се поефективна и подинамична, а истовремено да претставува комплексен, отворен и целесообразен систем. Ваквата положба на основното училиште придонесува тоа со својата дејност да се стреми за задоволување на образовната и воспитната функција, темелејќи се на дидактичките принципи, кои треба да се почитуваат во сите фази на процесот на воспитание и образование, а тоа говори за приближување кон својата хумана улога во едукација на младите генерации, изградување и формирање на личноста.

На тој начин, училиштето како осмислен и организациски систем за да може успешно да функционира, неопходно е потребно да испланира и воспостави добра организација во сите сфери на работењето, како и да создаде предуслови за нормална реализација на поставените цели и задачи во наставниот процес.

***Наставен кадар***. Воспитно-образовната дејност во основното училиште ја реализира и остварува стручен наставен кадар, со соодветно високо образование.

Во книгата Дидактички аспекти на соработката меѓу училишниот педагог и наставниците на Стојановска В., за поимот наставник се вели дека „наставник е општо познат поим чиешто значење од педагошка гледна точка се дефинира како лице кое е квалификувано за изведување на настава, вонанаставни активности и друг вид на воспитно-образовна работа со ученици и возрасни."[32]

Во основното училиште наставниот кадар е должен да ја организира и реализира воспитно-образовната работа според однапред предвидени наставен план

[32]**Стојановска, В.,** Дидактички аспекти на соработката меѓу училишниот педагог и наставниците, Форум, Скопје, 2004, стр.146

и наставни програми, а врз основа на Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование.

Во член 77 од Законот за основно образование стои дека видот на стручната подготовка на лицата кои остваруваат воспитно-образовна работа во основното училиште се уредува со норматив за наставен кадар на основното училиште, што го утврдува министерот на Република Македонија.

Наставниот кадар, наставната и воспитно-образовната дејност ја организира низ редовна настава по задолжителни и изборни предмети, дополнителна и додатна настава и час на одделенската заедница и истата се планира и остварува преку реализација на наставните програми во кои се определени наставните цели, задачи, содржини, основни поими, теми, активности, методи и т.н. „Затоа, една од обврските на секој поединечен наставник е да ја планира и подготвува реализацијата на редовната, дополнителната и додатната настава, како и другите воннаставни активности со кои тие раководат... Солидното планирање и подготвување на наставните и другите активности се предуслов за успешна и квалитетна реализација на истите од страна на наставниците."[33]

[33]**Стојановска, В.,** Дидактички аспекти на соработката меѓу училишниот педагог и наставниците, Форум, Скопје, 2004, стр.96

## 3.Цел и задачи на истражувањето

Целта на ова истражување е да се согледа и да се прикаже функционирањето на постојниот информативен систем во основното училиште од аспект на потребите на наставниот кадар за реализација на нивната воспитно-образовна работа.

Во врска со предметот и целта на истражувањето, се поставени следниве задачи:

- Да се испита какво мислење имаат наставниците во врска со функционалноста на постојниот информативен систем во основото училиште во однос на нивните потреби за реализирање на воспитно-образовната работа;
- Да се испита какво мислење имаат наставниците во однос на улогата и значењето на информативниот систем во основното училиште;
- Да се согледа какви начини на информирање се практикуваат во основното училиште, односно да се согледаат начините на имплементација на информативниот систем;
- Да се согледа какво мислење имаат наставниците од основното училиште во врска со пласирањето на информации во функција на реализацијата на наставната работа;
- Да се согледа какво мислење имаат наставниците во врска со пласирањето на информации во функција на реализацијата на воннаставните активности во основното училиште;
- Да се испитаат ставовите на наставниците во однос на потребата од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации во функција на нивните стручни потреби;

- Да се испита мислењето на наставниците во однос на начините на пласирањето на интерни стручни информации на ниво на стручните активи во основното училиште;
- Да се утврди намената на пласираните информации во постојниот информативен систем во основното училиште за потребите на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа;
- Да се согледа како функционира информациско-комуникацскиот однос на директорот и наставниците во основното училиште;
- Да се согледа колку информациско-комуникациската технологија се користи за пласирање и размена на информации за потребите на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа;
- Да се утврди дали има пречки или причини кои го оневозможуваат или отежнуваат протокот на информациите кон наставниците во основното училиште;
- Да се согледаат излезните решенија за отстранување на присутните пречки кои го отежнуваат протокот на информациите кон наставниците во основното училиште.

## 4.Хипотези на истражувањето

Согласно предметот, целта и задачите на истражувањето се формулирани неколку хипотези.

**Генерална хипотеза:**

*Постојниот информативен систем во основното училиште не ги задоволува целосно потребите на наставниците во функција на реализацијата на воспитно-образовната работа.*

**Помошни хипотези**

1. Наставниците сметаат дека постојниот информативен систем во основото училиште не е доволно функционален во однос на нивните потреби за реализирање на воспитно-образовната работа;

2. Информативниот систем во основното училиште има значајна улога за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа на наставниците;

3. Во основното училиште се практикуваат различни начини на информирање, односно постојат различни начини на имплементирање на информативниот систем;

4. Наставниците од различна возраст имаат истоветно мислење во однос на пласирањето на информации во функција на реализација на наставната работа;

5. Наставниците од одделенска и од предметна настава имаат различно мислење во однос на пласирањето на информации во функција на реализација на вонннаставните активности во основното училиште;

6. Наставниците имаат позитивно мислење во однос на потребата од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации во функција на нивните стручни потреби;

7. Наставниците од одделенска и предметна настава имаат различни мислења во однос на начините на пласирањето на интерни стручни информации на ниво на стручните активи во основното училиште;

8. Пласираните информации во постојниот информативен систем во основното училиште се наменети за различни потреби на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа;

9. Наставниците сметаат дека постои добар информациско-комуникациски однос на директорот и наставниците во основното училиште;

10. Информациско-комуникациската технологија недоволно се користи за пласирање и размена на информации за потребите на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа;

11. Постојат одредени причини кои го оневозможуваат или отежнуваат протокот на информациите кон наставниците во основното училиште;

12. Наставниците имаат различни предлози за отстранување на пречките кои го отежнуваат протокот на информациите кои се во функција на реализација на воспитно-образовната работа во основното училиште.

## 5. Варијабли на истражувањето

Во ова истражување зависна варијабла претставуваат ставовите и мислењата на наставниците и директорите во врска со информативниот систем во основното училиште, а во однос на следниве аспекти: потребата од постоење на информативен систем во основното училиште, неговото значење и улога, начините на информирање, пласирање на интерни стручни информации, информациско-комуникацискиот однос на директорот и наставниците во основното училиште, евентуалните причини кои го отежнуваат протокот на информациите, како и предлози на испитаниците за пронаоѓање на постапки за подобро информирање во основното училиште за поуспешна реализација на воспитно-образовната работа. Како независна варијабла во ова истражување се категориите на испитаниците: наставници од одделенска и предметна настава и директорите на основните училишта, комуникациско-информациската технологија и материјали кои се во функција на информирање на наставниците.

## 6.Методи, техники и инструменти на истражувањето

За потребите на ова истражување е користен *дескриптивно-аналитичкиот метод*.

*Дескриптивно-аналитичкиот метод* е користен со цел да се анализираат добиените податоци, да се увиди потребата од постоење на информативниот систем, ставовите и мислењата на наставниците во однос на пласирањето на информации за реализација на наставниот план и програма, воннаставните активности, пласирање на интерни и комбинирани тековни информации во функција на потребите на наставниот кадар во основните училишта, комуникациските односи во основното училиште и надвор од него, мислењата и ставовите на директорите, стручните соработници и наставниците за потребата, начините и квалитетот на информирањето и информативниот систем.

За прибирање податоци во процесот на ова истражување се користени повеќе истражувачки техники и инструменти.

Од *техниките* се користени:

- *техника на анкетирање;*
- *техника на интервју и*
- *техника на анализа на документација (анализа на користени материјали во функција за информирање на наставниците).*

Со примена на *техниката на анкетирање* се добиени податоци и сознанија, потребни и релевантни за ова истражување, т.е. се испитани ставовите и мислењата на наставниците во врска со потребата од постоење на информативен систем во основното училиште во функција на нивните потреби за поквалитетна реализација на воспитно-образовната работа.

Техниката на анкетирање е користена при испитување на мислењата на наставниците во основните училишта во врска со:

- увидување на потребата од информативниот систем, неговата улога и значење;
- начините на информирање, односно начините на имплементирање на информативниот систем;
- пласирање на информации потребни за реализација на наставниот план и програма и воннаставните активности;
- пласирањето на интерни и комбинирани тековни информации во функција на стручните потреби на наставниот кадар;
- информациско-комуникативниот однос на директорот и наставниците во основното училиште;
- пронаоѓање на постапки за подобро информирање во насока на подобрување на квалитетот на информирањето и информативниот систем.

Во ова истражување, со *техниката на интервју* е извршено испитување на мислењата на директорите во основните училишта, со што се добиени сознанија и податоци, потребни за истражувањето. Интервјуто се одвиваше со двонасочна и непосредна комуникација меѓу испитувачот и испитаниците, преку разговор со однапред подготвени прашања.

Примената на овие техники е извршена со следните *инструменти* на истражување:

1. анкетен лист (прашалник) за испитување на ставовите и мислењата на наставниците;
2. протокол на интервјуирање за испитување на ставовите и мислењата на директорите;

3. евиденциски листови за анализа на користени материјали (извори) во функција за информирање на наставниците.

Прашалникот (анкетниот лист) за испитување на ставовите и мислењата на наставниците се состои од 27 прашања, од затворен и отворен тип, групирани во два дела. Преку прашањата дадени во овие прашалници ќе се придонесе за добивање на податоци за ова истражување, т.е. ќе се испитаат ставови и мислења на наставниците од основни училишта. На почетокот од прашалниците ќе биде даден вовед и упатство за пополнување, пополнување на основните податоци, како и останатите прашања, кои се групирани соодветно на предметот, целта, задачите и хипотезите на истражувањето.

Исто така, во истражувањето ќе користиме и протокол за интервју, составен од 13 прашања, со цел да дознаеме какви се ставовите на директорите, за потребата од постоење на информативен систем во училиштето.

## 7. Популација и примерок на истражувањето

Во ова истражување популацијата ја сочинуваат директори, одделенски и предметни наставници од 6 централни основни училишта и подрачните училишта од подрачјето на општините Кичево, Македонски Брод и Пласница.

Изборот на училиштата е намерен, а примерокот е по случаен избор. Со истражувањето се испитани наставници и директори од основни училишта со техниките на анкетирање и структурирано интревјуирање. Примерокот во анкетирањето го сочинуваа 120 наставници од кои 60 одделенски наставници и 60 предметни наставници. Додека пак, примерокот во интервјуирањето го сочинуваа сите директори на избраните централни основни училишта.

Со истражувањето беа опфатени следниве основни училишта:

1. **ООУ „Д-р Владимир Полежиноски" – Кичево;**
2. **ООУ „Кузман Јосифовски – Питу" – Кичево;**
3. **ООУ „Санде Штерјоски" – Кичево;**
4. **ООУ „Христо Узунов" – Другово;**
5. **ООУ „Стив Наумов" – Пласница;**
6. **ООУ „Свети Климент Охридски" – Македонски Брод, како и нивните подрачни училишта.**

Имено, во табела бр. 1 прикажани се основните училишта опфатени со истражувањето:

**Табела бр 1.** ***Структура на примерок на централни основни училишта по општини***

| *Основно училиште* | *Локација на основното училиште* |
|---|---|
| *ООУ „Д-р Владимир Полежиноски“* | *Кичево* |
| *ООУ „Кузман Јосифовски – Питу“* | *Кичево* |
| *ООУ „Санде Штерјоски“* | *Кичево* |
| *ООУ „Христо Узунов“* | *Другово* |
| *ООУ „Свети Климент Охридски“* | *Македонски Брод* |
| *ООУ „Стив Наумов“* | *Пласница* |

**Табела бр.2** ***Структура на примерок на наставници по пол и вид на настава***

| ***Пол*** | ***Наставници*** | | | | ***Вкупно*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***Одделенски*** | | ***Предметни*** | | | |
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| ***Машки*** | 13 | 21,67 | 23 | 38,33 | 36 | 30,00 |
| ***Женски*** | 47 | 78,33 | 37 | 61,66 | 84 | 70,00 |
| ***Вкупно*** | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |

Табела бр.3 *Структура на примерок на наставници според возраста*

| *Наставници* | *Возраст на наставниците* | | | | | | | | *Вкупно* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *До 29 години* | | *30-39 години* | | *40-49 години* | | *Над 50 години* | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| ***Одделенски*** | 7 | 33,33 | 19 | 50,00 | 19 | 50,00 | 15 | 36,84 | 60 | 100,00 |
| ***Предметни*** | 14 | 66,67 | 19 | 50,00 | 15 | 58,06 | 22 | 63,16 | 60 | 100,00 |
| ***Вкупно*** | 21 | 100,00 | 38 | 100,00 | 34 | 100,00 | 37 | 100,00 | 120 | 100,00 |

Табела бр.4 *Структура на примерок на наставници по работно искуство и вид на настава*

| *Работно искуство* | *Наставници* | | | | *Вкупно* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Одделенски* | | *Предметни* | | | |
| | f | % | f | % | f | % |
| ***До 10 години*** | 22 | 36,67 | 25 | 44,64 | 47 | 40,52 |
| ***11 – 20 години*** | 17 | 28,33 | 10 | 17,86 | 27 | 23,28 |
| ***21 – 30 години*** | 14 | 23,33 | 17 | 30,36 | 31 | 26,72 |
| ***31 година +*** | 7 | 11,67 | 4 | 7,14 | 11 | 9,48 |
| ***Вкупно*** | 60 | 100,00 | 60 | 100,00 | 120 | 100,00 |

## 8. Статистичка обработка на податоците

Со оглед на целите кои се поставени во ова истражување и видот на податоците што ќе бидат прибрани, обработката на добиените податоци ќе биде направена со примена на постапки на квантитативна и квалитативна анализа.

За обработката и анализата на податоците ќе се применуваат два вида статистички постапки:

1. Постапки на дескриптивна статистика: табелирање, графичко прикажување и пресметување на проценти и мерки на централни вредности и на варијабилност. Овие постапки се користени во сите случаи каде што целта на истражувањето се состои во опишување и прикажување на добиените резултати.
2. Постапки на инференциска статистика: Хи-квадрат тест, кој ќе се користи за проценување на хипотезите и изведување на заклучоци.

Како основни постапки пак, за квалитативна анализа на податоците ќе се користат постапките на компарација и диференцијација.

# III ДЕЛ

# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО И НИВНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА

## 1. Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

(од анкетниот лист за наставници во основно училиште, протокол за структурирано интервју за директори од основни училишта и евиденциски лист за содржинска структура на web страна на основно училиште)

# Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

Во овој дел на магистерскиот труд се интрепретирани резултатите добиени со спроведеното истражување. Интерпретацијата се однесува на функционирањето на информативниот систем во основното училиште од аспект на потребите на наставниот кадар, улогата и значење на истиот, начините на негова имплементација, пласирањето на интерни, комбинирани и стручни информации во функција на стручните потреби, на ниво на стручни активи, за реализација на наставната и воннаставната работа, како и да се согледа функционирањето на информациско-комуникациската технологија и информациско-комуникацискиот однос на директорот и наставниците во основото училиште.

Во делот за анализа и интерпретација на резултатите од ова истражување ќе бидат презентирани одговорите според прашањата од спроведените анкетни листови за наставници, прашањата од интервјуата за директори во основни училишта и евиденцискиот лист за содржинска структура на web страна на испитуваните основни училишта и нејзините функционални особености, кои се групирани според поставените хипотези.

1. **Мислење на наставниците во однос на функционалноста на постојниот информативен систем во основното училиште во однос на нивните потреби за реализирање на воспитно-образовната работа**

Во врска со првата хипотеза во ова истражување, која гласи *„наставниците сметаат дека постојниот информативен систем во основото училиште не е доволно функционален во однос на нивните потреби за реализирање на воспитно-образовната работа"* беа искористени пет прашања од анкетниот лист за наставници и две прашања од интервјуто за директори. Во продолжение ќе бидат презентирани добиените резултати по овие прашања, кои се во функција на проверка на првата хипотеза.

На првото прашање од анкетниот лист за наставници, која гласи: во училиштето има потреба од постоење на информативен систем, се добиени следните резултати.

**Табела бр.5** ***Мислење на наставниците во врска со потребата од постоење на информативен систем во училиштето***

| ***Категории на одговори*** | ***Наставници*** | |
|---|---|---|
| | f | % |
| ***Се согласувам*** | 101 | 84.87 |
| ***Делумно се согласувам*** | 15 | 12.61 |
| ***Не се согласувам*** | 3 | 2.52 |
| ***Вкупно*** | 119 | 100.00 |

Согласно презентираните податоци од табела 5 може да се забележи дека најголем број од испитаните наставници 84,87%, сметаат дека во основното училиште има потреба од постоење на информативен систем. Значително мал е процентот на оние испитани наставници кои делумно се согласуваат или воопшто не се согласуваат во врска со потребата од постоење на информативен систем во основното училиште.

Од добиените одговори од табела 5 се забележува дека испитаните наставници ја сфаќаат и подржуваат потребата од постоење на информативен систем во основното училиште кој што е во функција на нивните потреби за реализација на воспитно-образовната работа.

Во однос на тврдењето, информативниот систем во училиштето треба да е во функција на потребите на наставниот кадар за поквалитетна реализација на воспитно-образовната работа, добиените резултати се прикажани во наредната табела.

**Табела бр.6** ***Мислење на наставниците во врска со тоа дали информативниот систем во училиштето е во функција на потребите на наставниот кадар за поквалитетна реализација на воспитно-образовната работа***[34]

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Се согласувам* | 110 | 92.44 |
| *Делумно се согласувам* | 8 | 6.72 |
| *Не се согласувам* | 1 | 0.84 |
| *Вкупно* | 119 | 100.00 |

Од изнесените податоци за тврдењето во врска со тоа дека информативниот систем во училиштето треба да е во функција на потребите на наставниот кадар за поквалитетна реализација на воспитно-образовната работа може да се констатира дека најголем дел од наставниците, 92,44% се на мислење дека информативниот систем во училиштето треба да е во функција на потребите на наставниот кадар за поквалитетна реализација на воспитно-образовната работа.

Презентираните податоци во табела 6, исто така, говорат дека испитуваните наставници имаат речиси подеднакво мислење за постоењето на информативниот

[34] Вкупниот број на анкетираните наставници не е истоветен во наредните табели, бидејќи некои од нив не дале одговор на определени прашања

систем во основното училиште кој треба да е во функција на потребите на наставниот кадар за поквалитетна реализација на воспитно-образовната работа.

На тврдењето, за тоа, дека училиштето обезбедува објективни услови за постојано информирање на наставниците, се добиени следните резултати.

**Табела бр.7** ***Мислење на наставниците за тоа дека училиштето обезбедува објективни услови за нивно постојано информирање***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | **f** | **%** |
| ***Се согласувам*** | 65 | 58.04 |
| ***Делумно се согласувам*** | 44 | 39.29 |
| ***Не се согласувам*** | 3 | 2.68 |
| ***Вкупно*** | 112 | 100.00 |

Од добиените податоци во табела 7, може да се забележи дека 58,04% од испитуваните наставници се согласуваат, додека пак, 39,29% делумно се согласуваат за тоа дека училиштето обезбедува објективни услови за нивно постојано информирање.

Во врска со прашањето кое гласеше „Колку сте задоволни од начинот на којшто функционира информативниот систем за потребите на наставниците во Вашето училиште", беа наведени три алтернативи на одговори: многу сум задоволен/на, сум задоволен/на и не сум задоволен/на, на кои наставниците требаше да ги дадат своите одговори.

**Табела бр.8** ***Одговори на наставниците во врска со тоа колку се задоволни од начинот на којшто функционира информативниот систем за нивните потреби во училиштето***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| ***Многу сум задоволен*** | 27 | 23.28 |
| ***Сум задоволен*** | 83 | 71.55 |
| ***Не сум задоволен*** | 6 | 5.17 |
| ***Вкупно*** | 116 | 100.00 |

Од добиените податоци презентирани во табела 8 може да се забележи дека 23,28% од испитаните наставници одговориле дека многу се задоволни и 71,55% дека се задоволни, а само 5,17% не се задоволни од начинот на којшто функционира информативниот систем за нивните потреби во училиштето.

На прашањето дали информативниот систем во училиштето е функционален во однос на потребите на наставниците за реализирање на воспитно-образовната работа, ги добивме следниве одговори:

**Табела бр.9** ***Мислење на наставниците во врска со функционалноста на информативниот систем во основното училиште во однос на нивните потреби за реализација на воспитно-образовната работа***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| ***Да*** | 106 | 92.98 |
| ***Не*** | 8 | 7.02 |
| ***Вкупно*** | 114 | 100,00 |

Според добиените одговори на испитуваните наставници во табела 6 може да се забележи дека значително висок процент од 92,98% од вкупно анкетираните наставници одговориле потврдно, додека само мал процент од 7,02% негативно се изјасниле по прашањето за тоа дали информативниот систем во училиштето е функционален во однос на нивните потреби за реализација на воспитно-образовната работа.

Во однос на првото прашање од спроведеното интервју за директори на испитуваните основни училишта, кое гласи: дали како директор, сте задоволни од постојниот информативен систем во училиштето, испитуваните директори на училиштата, едногласно и потврдно одговорија на ова прашање, со интенција постојниот информативен систем континуирано да се подобрува и усовршува.

На третото прашање во интервјуто за директори за тоа дали примената на информативниот систем во училиштето е во функција на потребите на наставниот кадар за реализација на воспитно-образовната работа, добивме позитивни одговори, кои сите укажуваат на големото значење и важноста од информативниот систем и дека истиот е во функција на потребите на наставниот кадар. Во контекст на ова прашање, директорите се на мислење дека примената на информативниот систем во училиштето е во функција не само на потребите на наставниот кадар, туку и на сите други релевантни субјекти во основното училиште, со цел истото подобро да функционира како една целина.

*Во однос на прашањето од евиденцискиот лист за содржинска структура на web страна на испитуваните основни училишта, општа структурна поставеност и разновидност на web страната на училиштето, со компонентите дизајн, содржина, организација на информации, илустрации, слики, графички изглед, звуци, видео и други елементи, го констатираме следново:*

- *Општата структурна поставеност и разновидност на web страната со своите компоненти претставува еден клучен сегмент во креирањето на успешна web страна на едно училиште. Обезбедувањето*

*на богата разновидност на web страницата и запазувањето на сознанијата и алатките за структурната поставеност со своите компоненти, на наставниците им овозможува запознавање со општите структурни компоненти, кои треба да ги содржи страницата, а кои се неопходни за нивната работа.*

- *При разгледувањето на web страните на испитуваните училишта, согледавме дека постои основна структурна поставеност, но сеуште, не доволна за да врши пласирање на информации. Така што, споредувајќи ги истите со постоечки web страни од други основни училишта на територијата на Р. Македонија, кои се со богата структура во поглед на елементите што ги нуди, може да се каже дека деловите или компонентите на дизајн, содржина, организација на информации, илустрации, слики, графикички изглед и слично, на web страните, именуваните училишта ги немаат доволно креирано.*
- *Во тој контекст, констатиравме дека кај web страниците на овие училишта нема богата структурна поставеност и разновидност во нивното дизајнирање со своите пропратни компоненти, карактеристични за web страните, туку истата се сведува на едноставност и површност во својот дизајн, доволна за да врши минимално објавување на информации и информирање..*

*Во однос на прашањето од евиденцискиот лист за содржинска структура на web страна на испитуваните основни училишта, какво е континуираното ажурирање и збогатување со нови тековни и корисни информации на училишната web страна односно дали web страницата е богат извор на локално релевантни податоци поврзани со реализација на воспитно-образовната работа на наставниците, ги добивме следните констатации:*

- *Аналитичкиот приод на училишната web страна го претставуваме преку еден процесен циклус, кој се манифестира преку анализа на следните етапи:*

*добра структурна поставеност (дизајн), содржини, кои пласираат информации, кои се важни за воспитно-образовната работа на наставниците, информации во врска со планирањето, организацијата и реализацијата на наставните и вонннаставните активности, интерни тековни информации за нивните стручни потреби и т.н. Но, напоредно со разгледувањето на web страните на испитуваните училишта, јасно согледавме дека има објавување на одредени тековни инфромации, но истите не се ажурираат континуирано и перманентно.*

- *Училишната web страница треба да претставува богат извор на локално релевантни податоци поврзани со реализација на воспитно-образовната работа на наставниците во училиштето. Во тој контекст, се акцентира потребата од обезбедување со богати тековни и корисни податоци и информации, кои може да имаат далекусежни бенефиции за сите заинтересирани субјекти во воспитно-образовниот процес.*

- *Општо земено, од анализираните web страници на основните училишта, опфатени со истражувањето, се констатира дека фактичката состојба на истите, информирањето, не ги задоволува погоре наведените барања и компоненти, наведени во евиденцискиот лист.*

- *Исто така, се констатира дека некои од овие основни училишта, воопшто немаат креирано web страна, (или се на прагот на нејзино креирање) со која ќе овозможат збогатување на процесот на информирање и поставеноста на информативниот систем во нивните училишта, а кои се во функција на потребите на наставниот кадар за поквалитетна реализација на воспитно-образовната работа. Во врска со наведеното, кај нив се занемарува еден значаен сегмент, неопходен во процесот на информирање, а секако, за потребите на наставниците во функција на постигнување квалитетна реализација на воспитно-образовната работа во основните училишта.*

Според тоа, од добиените податоци презентирани во погоре дадените табели и сознанијата до кои дојдовме од анализата на содржинската структура на web страните на испитуваните основни училишта, може да се констатира дека делумно се потврдува првата хипотеза на истражувањето: *„Наставниците сметаат дека постојниот информативен систем во основото училиште не е доволно функционален во однос на нивните потреби за реализирање на воспитно-образовната работа."*

**2. Мислење на наставниците во однос на улогата на информативниот систем во училиштето во функција на подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа**

Во врска пак со проверката на втората хипотеза на ова истражување, која гласи: *Информативниот систем во основното училиште има значајна улога за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа на наставниците,* беа искористени две прашања од анкетниот лист за наставници и едно прашање од интервјуто за директори на основните училишта.

Во однос на тврдењето кое гласи: „Со перманентно постоење на информативен систем се постигнуваат подобри резултати во воспитно-образовната работа" ги добивме следниве резултати:

Табела бр.10 *Мислење на наставниците за тоа дека со пермананетно постоење на информативен систем се постигнуваат подобри резултати во воспитно-образовната работа*

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Се согласувам* | 87 | 74.36 |
| *Делумно се согласувам* | 28 | 23.93 |
| *Не се согласувам* | 2 | 1.71 |
| *Вкупно* | 117 | 100.00 |

Од добиените резултати во табела 10 може да се заклучи дека голем број од вкупниот број на испитаниците или 74,36%, се на мислење дека со перманентното постоење на информативен систем се постигнуваат подобри резултати во воспитно-образовната работа во училиштето. Ова наведува на фактот што постојаното информирање на наставниците доведува до постигнување на подобри резултати во воспитно-образовната работа во основното училиште.

На тврдењето, за тоа дека, информативниот систем во училиштето има значајна улога во подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа, ги добивме следните резултати:

Табела бр.11 *Мислење на наставниците за тоа дека информативниот систем во основното училиште има значајна улога во подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа*

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Се согласувам* | 88 | 74.58 |
| *Делумно се согласувам* | 27 | 22.88 |
| *Не се согласувам* | 3 | 2.54 |
| *Вкупно* | 118 | 100.00 |

Согласно презентираните одговори во табела 11 може да се констатира дека значително висок процент - 74,58% од испитаните наставници се изјасниле дека информативниот систем во основното училиште има значајна улога за подобрување на квалитетот на нивната воспитно-образовна работа, додека пак само 22,88% од испитаниците делумно се согласуваат по однос на ова прашање.

Во однос на второто прашање од интервјуто за директори, како тие ја објаснуваат потребата, значењето и улогата од постоење на информативен систем во училиштето, испитуваните директори имаа слични мислења и ги дадоа следните одговори:

1. *Потребата од информативен систем е голема и од големо значење и истиот треба да функционира подобро;*
2. *Постојана потреба од навремена информација во училиштето;*
3. *Големо значење на информативниот систем и потреба од негово подобрување и унапредување;*

4. *Информативниот систем континуирано да се подобрува и усовршува, бидејќи што подобар информативен систем, многу поуспешна реализација на воспитно-образовната работа;*
5. *Активно учество и придонес на сите субјекти во основното училиште со цел подобрување на информативниот систем;*
6. *Улогата на информативниот систем е голема, многу важна и значајна, заради објективност и транспаретност во работењето, а самата информација е клуч за постигнување на успех.*

Според мислењата и добиените одговори на испитаните наставници во врска со двете прашања од анкетниот лист и од прашањата наменети за испитуваните директори може да се констатира дека истите даваат поддршка за развивање на информативниот систем во училиштето и негово перманентно практикување, а истовремено и тоа дека информативниот систем во училиштето има значајна улога за подобрување на квалитетот на нивната воспитно-образовна работа. Што значи, со ова се потврдува втората хипотеза во ова истражување, која гласи: *информативниот систем во основното училиште има значајна улога за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа на наставниците.*

3. **Начини на информирање, односно начини на имплементирање на информативниот систем во основното училиште**

Како трета хипотеза на ова истражување беше: *Во основното училиште се практикуваат различни начини на информирање, односно постојат различни начини на имплементирање на информативниот систем.* Во врска со проверката на третата хипотеза беа искористени пет прашања од анкетниот лист за наставници и три прашања од интервјуто за директори. Во продолжение ќе бидат презентирани добиените резултати по тие прашања, кои се во функција на проверка на хипотезата.

Во врска со тврдењето, во училиштето се практикуваат различни начини на информирање на наставниците, се добиени следните резултати, кои ги презентираме во следната табела:

**Табела бр.12** ***Мислење на наставниците за практикувањето на различни начини на информирање во училиштето***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Се согласувам* | 76 | 64.41 |
| *Делумно се согласувам* | 37 | 31.36 |
| *Не се согласувам* | 5 | 4.24 |
| *Вкупно* | 118 | 100.00 |

Добиените резултати од табела 12 покажуваат дека од вкупниот број на испитани наставници, 64,41%, одговориле дека се согласуваат, а 31,36% делумно се согласуваат во однос на практикувањето на различни начини на информирање на наставниците во училиштето.

Во однос на тврдењето, различните начини на имплементирање на информативниот систем овозможуваат поголема успешност во воспитно-образовната работа, ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.13** ***Мислење на наставниците за тоа дека различните начини на имплементирање на информативниот систем овозможуваат поголема успешност во воспитно-образовната работа***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Се согласувам* | 87 | 74.36 |
| *Делумно се согласувам* | 28 | 23.93 |
| *Не се согласувам* | 2 | 1.71 |
| *Вкупно* | 117 | 100.00 |

Согласно презентираните одговори во табела 13 може да се забележи доста висок процент од испитаниците, кои се изјасниле дека со различни начини на имплементирање на информативниот систем се овозможува поголема успешност и ефикасност во воспитно-образовната работа. Имено, од добиените резултати се гледа дека 74,36% го потврдуваат тврдењето дека постоењето на различни начини на имплементирање на информативниот систем овозможува поголема успешност во воспитно-образовната работа. Додека пак, 23,93% делумно се согласуваат, а само 1,71% се на мислење дека различните начини на информирање не придонесуваат за поголема успешност во воспитно-образовната работа.

На прашањето, наставниците да ги наведат начините на нивно информирање кои најчесто се практикуваат во училиштето, ги добивме следниве одговори:

**Табела бр.14** ***Мислење на наставниците за начините на информирање кои тие најчесто ги практикуваат во училиштето***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Усни информации* | 52 | 43.33 |
| *Писмени информации* | 43 | 35.83 |
| *Електронски пат* | 11 | 9.17 |
| *Телефон* | 2 | 1.67 |
| *Друго* | 1 | 0.83 |
| *Непознато* | 11 | 9.17 |
| *Вкупно* | 120 | 100.00 |




**Слика бр. 1** *Процентуална застапеност на добиените одговори од наставниците*

Од добиените резултати во табела 14 може да се заклучи дека во училиштето како начини на информирање на наставниците најчесто се користат:

- Усни информации;
- Писмени информации;
- Информации по електронски пат;

Имено, тоа го покажуваат резултатите добиени по прашањето наставниците да ги наведат начините на нивно информирање кои најчесто се практикуваат во училиштето, така што од вкупниот број на испитаници, 43,33% ги наведуваат усните информации, 35,83% писмените информации, 9,17% се изјасниле за информации по електронски пат и само 2 испитаници се изјасниле за телефонот како начин на информирање на наставниците.

Овие наведени податоци покажуваат дека во основното училиште доминантно место имаат усните и писмените информации, додека пак информациите по електронски пат и по телефон се во помала застапеност и не се доволно развиени. Ова наведува дека во училиштата сеуште немаме доволна застапеност на електорнската комуникација, односно електронската пошта, како дел од осовременувањето на наставниот процес и модернизацијата на училиштата.

На прашањето, кој начин на информирање, кој досега е практикуван во училиштето, е најсоодветен и најефикасен во процесот на информирање на наставниците, се добиени следните резултати:

**Табела бр.15** ***Мислење на наставниците во врска со тоа кој начин на информирање, кој е практикуван во училиштето е најсоодветен и најефикасен во процесот на нивно информирање***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Усни информации* | 45 | 37.50 |
| *Писмени информации* | 38 | 31.67 |
| *Електронски пат* | 12 | 10.00 |
| *Телефон* | 1 | 0.83 |
| *Друго* | 3 | 2.50 |
| *Непознато* | 21 | 17.50 |
| *Вкупно* | 120 | 100.00 |




**Слика бр. 2** *Процентуална застапеност на добиените одговори од наставниците*

Според добиените податоци презентирани во табела 15 се забележува дека од вкупно испитаните наставници - 37,50% се изјасниле дека практикувањето на усните информации е најсоодветен и најефикасен начин во процесот на информирање. Додека пак, 31,67% од испитаниците се на мислење дека најсоодветен и најефикасен начин на информирање се писмените информации, 10,00% се изјасниле за информирање преку електронски пат како начин на информирање и само 0,83% од наставниците се изјасниле за телефонот како начин на информирање.

На следното прашање од анкетниот лист за наставници, наставниците требаше да дадат свое лично мислење за тоа колку често во нивната наставна работа ги користат информациите кои се пласирани преку стручни публикации, стручни списанија и весници, стручни средби и советувања, интернет, средби со директорот, средби со родителите и телевизија. За ова прашање понудени беа три одговори: секогаш, понекогаш и никогаш. Добиените резултати по однос на прашањето за тоа колку често наставниците во својата наставна работа ги користат информациите кои се пласирани преку стручни публикации, стручни списанија и весници, стручни средби и советувања, интернет, средби со директорот, средби со родителите и телевезија, се прикажани во следните седум табели:

**Табела бр.16** ***Мислење на наставниците за тоа колку често наставниците во нивната наставна работа ги користат информациите кои се пласираат во стручни публикации***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| ***Секогаш*** | 30 | 26.79 |
| ***Понекогаш*** | 66 | 58.93 |
| ***Никогаш*** | 16 | 14.29 |
| ***Вкупно*** | 112 | 100.00 |

Од наведените податоци во табела 16 може да се забележи дека информациите кои се пласираат во стручни публикации, 58,93% од испитуваните наставници ги користат понекогаш, 26,79% ги користат секогаш, додека 14,29% од наставниците не ги користат никогаш во нивната наставна работа.

**Табела бр. 17** ***Мислење на наставниците за тоа колку често наставниците во нивната наставна работа ги користат информациите кои се пласираат во стручни списанија и весници:***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Секогаш* | 28 | 25.45 |
| *Понекогаш* | 70 | 63.64 |
| *Никогаш* | 12 | 10.91 |
| *Вкупно* | 110 | 100.00 |

Од добиените податоци се забележува дека информациите кои се пласираат во стручни списанија и весници, 63,64% од испитуваните наставници ги користат понекогаш, 25,45% од наставниците ги користат секогаш, додека 10,91% од наставниците се изјасниле дека никогаш не ги користат во нивната наставна работа.

**Табела бр.18** ***Мислење на наставниците за тоа колку често наставниците во нивната наставна работа ги користат информациите кои се пласираат на стручни средби и советувања:***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Секогаш* | 81 | 71.68 |
| *Понекогаш* | 31 | 27.43 |
| *Никогаш* | 1 | 0.88 |
| *Вкупно* | 113 | 100.00 |

Согласно презентираните резултати во табела 18 може да се забележи дека информациите кои се пласираат во стручни средби и советувања, доста голем процент од наставниците - 71,68% ги користат овие информации секогаш, 27,43% - понекогаш, додека само еден од испитуваните наставници никогаш не ги користи тие информации во наставната работа.

**Табела бр.19** ***Мислење на наставниците за тоа колку често наставниците во нивната наставна работа ги користат информациите кои се пласираат на интернет:***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Секогаш* | 62 | 53.91 |
| *Понекогаш* | 50 | 43.48 |
| *Никогаш* | 3 | 2.61 |
| *Вкупно* | 115 | 100.00 |

Добиените резултати ни покажуваат дека информациите кои се пласираат на интернет, 53,91% од наставниците во нивната наставна работа ги користат секогаш, 43,48% - понекогаш, додека значително мал е процентот на наставниците, 2,61% кои не ги користат никогаш. Со овој дел од истражувањето дознаваме дека имплементацијата на ИКТ и интернет услугите постепено навлегуваат во училишната работа и во процесот на наставната работа на наставниците, од аспект на нивното информирање, а исто така дознаваме и за нивниот придонес во подобрувањето на квалитетот на воспитно-образовната работа.

**Табела бр.20** ***Мислење на наставниците за тоа колку често наставниците во нивната наставна работа ги користат информациите кои се пласираат на средби со директорот:***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| ***Секогаш*** | 78 | 69.03 |
| ***Понекогаш*** | 34 | 30.09 |
| ***Никогаш*** | 1 | 0.88 |
| ***Вкупно*** | 113 | 100.00 |

Добиените резултати ни покажуваат дека информациите кои се пласираат на средби со директорот, значително висок процент 69,03% од наставниците во нивната наставна работа ги користат секогаш, 30,09% - понекогаш, додека само 0,88% од наставниците не ги користат никогаш. Од анализата на овие податоци дознаваме за големината на функцијата, значењето и важноста на информирањето остварено на средбите со директорот во основното училиште.

**Табела бр.21** ***Мислење на наставниците за тоа колку често наставниците во нивната наставна работа ги користат информациите кои се пласираат на средби со родителите:***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| ***Секогаш*** | 64 | 56.64 |
| ***Понекогаш*** | 44 | 38.94 |
| ***Никогаш*** | 5 | 4.42 |
| ***Вкупно*** | 113 | 100.00 |

Наведените податоци ни покажуваат дека информациите кои се пласираат на средби со родителите, 56,64% од наставниците ги користат секогаш, 38,94% - понекогаш, додека само 4,42% од наставниците не ги користат никогаш во нивната наставна работа.

**Табела бр.22** ***Мислење на наставниците за тоа колку често наставниците во нивната наставна работа ги користат информациите кои се пласираат на телевизија***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| ***Секогаш*** | 27 | 23.68 |
| ***Понекогаш*** | 70 | 61.40 |
| ***Никогаш*** | 17 | 14.91 |
| ***Вкупно*** | 114 | 100.00 |

Од добиените резултати можеме да забележиме дека информациите кои се пласираат на телевизија, наставниците во нивната наставна работа ги користат 61,40% -

понекогаш, 23,68% од испитуваните наставници ги користат секогаш, додека 14,91% од наставниците не ги користат никогаш.

Во однос на прашањето за тоа колку често во својата наставна работа наставниците ги користат информациите кои се пласираат преку стручни публикации, стручни списанија и весници, стручни средби и советувања, интернет, средби со директорот, средби со родителите и телевизија, водечко место за често користење на информациите завземаат пласирањето на информации на стручни средби и советувања, средбите со директорот, средбите со родителите, како и на интернет.

Во однос на прашањата 4,5,6 од интервјуто за директори, кои се во функција на проверката на третата хипотеза, директорите имаа речиси подеднакво мислење и дадоа слични одговори во однос на начините (формите) на информирање на наставниот кадар, кои директорите ги практикуваат во училиштето, истакнувајќи ги следните начини на информирање на наставниот кадар:

- усни информирања,
- писмени информирања,
- информирања на средби и состаноци,
- соопштенија на огласна табла,
- електронски информирања,
- web страна на училиштето,
- информации преку телефон.

Додека пак, на прашањето, кој начин на информирање на наставниците најчесто го практикуваат директорите, ги добивме следните одговори:

- усни информации – (состанок на почеток од работната недела, секој понеделник)
- писмени информации,
- електронски информации,
- соопштенија и укажувања на огласна табла,

- наставнички средби и состаноци.

Во однос на прашањето во интервјуто за директори, на кој начин тие пласираат потребни информации за наставниците во врска со организацијата и реализацијата на наставните и вонннаставните активности во училиштето, повторно беа наведени истите начини на пласирање на информациите, кои директорите ги практикуваат во основното училиште.

*Во однос на прашањето од евиденцискиот лист за содржинска структура на web страна на училиштето, училишната web страна е информативен ресурс што дејствува како посредник за објавување на информации за директните учесници во воспитно-образовниот процес – наставниците и учениците, го констатираме следново:*

- *Во основното училиште, денес, сосема е неоправдано да не се користат интернет можностите и придобивките на web страната на училиштето. Во последниве години се врши едукација на наставниот кадар за запознавање и следење на информации и едукативни промени во нагорен од, во постигнувањата на училиштето. Значајно е да се напомене дека училишната web страна претставува информативен ресурс и истата дејствува како посредник во објавувањето на информации и податоци за директните реализатори на воспитно-образовниот процес – наставниците и учениците.*
- *Кај испитуваните училишта, постоечките web страни не можеме да ги третираме како информативни ресурси, што всушност и претставуваат web страните, односно, посредници во информирањето за директните реализатори на воспитно-образовната работа, од причина што истите повеќе информираат во контекст на известување на дел од реализираните активности и случувања во училиштето.*

- *Дел од web страниците на посочените училишта повеќе се насочени да промовираат одраз на работата на училиштето, давајќи слика на училиштето, како што се соопштенија и известувања за некои тековни активности и случувања од типот на успешно реализиран, завршен или тековен проект, истакнување на тимови за учење, програми на училиштето, информации за наставниот, административно-техничкиот персонал, стручната служба, ученици, галерија, завршна приредба, натпревари, соработка со дел од локаните субјекти,...*

Согласно добиените одговори на поставените прашања во анкетниот лист за наставници, интервјуто за директори и евиденцискиот лист за содржинска структура на web страна на испитуваните основни училишта, може да се констатира дека се потврдува хипотезата дека *во основното училиште се практикуваат различни начини на информирање, односно постојат различни начини на имплементирање на информативниот систем.*

Тоа значи дека, во основното училиште за информирање на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа се практикуваат различни начини на информирање со што се врши имплементирање на информативниот систем, а преку примена на информации на стручни средби и советувања, средби со директорот, средби со родителите, интернетот, стручни списанија и весници, стручни публикации, на телевизија, електронски пат, web страна на училиштето, телефон, а истите се остваруваат преку устен или писмен пат.

**4. Мислење на наставниците од различна возраст во однос на пласирањето на информации во функција на реализација на наставната работа**

Во врска со проверката на четвртата хипотеза која гласи: *наставниците од различна возраст имаат истоветно мислење во однос на пласирањето на информации во функција на реализација на наставната работа,* беа искористени четири прашања од анкетниот лист за наставници.

Во однос на тврдењето, кое гласеше наставниците добиваат потребни информации околу организацијата и реализацијата на наставната работа во училиштето, ги добивме следните резултати:

**Табела бр.23** ***Мислење на наставниците од различни возрасни групи за добивањето потребни информации околу организацијата и реализацијата на наставната работа во училиштето***

| *Категории на одговори* | *Возраст на наставниците* | | | | | | | | *Вкупно* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *До 29 год.* | | *30-39 год.* | | *40-49 год.* | | *Над 50 год* | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| ***Се согласувам*** | 17 | 94.44 | 26 | 70.27 | 17 | 60.71 | 27 | 79,41 | 87 | 74.36 |
| ***Делумно се согласувам*** | 1 | 5.56 | 9 | 24.32 | 10 | 35.71 | 6 | 17,65 | 26 | 22.22 |
| ***Не се согласувам*** | 0 | 0.00 | 2 | 5.41 | 1 | 3.57 | 1 | 2,94 | 4 | 3.42 |
| ***Вкупно*** | 18 | 100.00 | 37 | 100.00 | 28 | 100.00 | 34 | 100.00 | 117 | 100.00 |

$X^2$= 7,247 df = 3 P>0,05

Од добиените податоци може да се констатира дека од вкупниот број на испитани наставници најголем процент, 74,36% од наставниците се согласуваат дека добиваат потребни информации околу организацијата и реализацијата на наставната работа во училиштето, додека 22,22% делумно се согласуваат и 3,42% од испитаниците не се согласуваат по тоа дека добиваат потребни информации околу организацијата и

реализацијата на наставната работа во училиштето. При тоа, 94,44% од испитуваните наставници од возрасната група од 20 – 29 години, се изјасниле дека се согласуваат со тоа дека добиваат потребни информации околу организацијата и реализацијата на наставната работа во училиштето.

На тврдењето, информациите во врска со организацијата и реализацијата на програмата за работа на училиштето се навремени и перманентни, ги добивме следните резултати:

**Табела бр.24** ***Мислење на наставниците од различни возрасни групи за информациите кои се во врска со организацијата и реализацијата на програмата за работа на училиштето се навремени и перманентни***

| *Категории на одговори* | *Возраст на наставниците* | | | | | | | | *Вкупно* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *До 29 год.* | | *30-39 год.* | | *40-49 год.* | | *Над 50 год.* | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| ***Се согласувам*** | 13 | 72.22 | 21 | 56.76 | 16 | 55.17 | 21 | 61,76 | 71 | 60.17 |
| ***Делумно се согласувам*** | 5 | 27.78 | 15 | 40.54 | 11 | 37.93 | 13 | 38,24 | 44 | 37.29 |
| ***Не се согласувам*** | 0 | 0.00 | 1 | 2.70 | 2 | 6.90 | 0 | 0,00 | 3 | 2.54 |
| ***Вкупно*** | 18 | 100.00 | 37 | 100.00 | 29 | 100.00 | 34 | 100,00 | 118 | 100.00 |

$X^2$= 1,608 df = 3 P>0,05

Од добиените податоци може да се забележи дека 60,17% од вкупниот број на испитаници се согласуваат дека информациите во врска со организацијата и реализацијата на програмата за работа на училиштето се навремени и перманентни, 37,29 % делумно се согласуваат и само 2,54% од испитаниците не се согласуваат дека информациите во врска со организацијата и реализацијата на програмата за работа на училиштето се навремени и перманентни.

Во однос на тврдењето, навремените информации придонесуваат за успешна организација и реализација на наставните програми од страна на наставниците ги добивме следните резултати:

**Табела бр.25** ***Мислење на наставниците за тоа дека навремените информации придонесуваат за успешна организација и реализација на наставните програми од страна на наставниците***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Се согласувам* | 107 | 90.68 |
| *Делумно се согласувам* | 8 | 6.78 |
| *Не се согласувам* | 3 | 2.54 |
| *Вкупно* | 118 | 100.00 |

Од презентираните податоци во табела 25 може да се констатира дека од вкупниот број на испитаници, 90,68% се согласуваат по тврдењето дека навремените информации придонесуваат за успешна организација и реализација на наставните програми од страна на наставниците, 6,78% од нив делумно се согласуваат и 2,54% не се согласуваат по ова тврдење. Според податоците добиени во оваа табела со право можеме да заклучиме дека навремените информации придонесуваат за успешна организација и реализација на наставните програми од страна на наставниците.

Во однос на тврдењето за постојаната размена на информации и мислења на наставниците во врска со воспитно-образовната работа, ги добивме следните резултати:

**Табела бр.26** ***Мислење на наставниците за нивното постојано разменување информации и мислења во врска со воспитно-образовната работа***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Се согласувам* | 111 | 94.07 |
| *Делумно се согласувам* | 6 | 5.08 |
| *Не се согласувам* | 1 | 0.85 |
| *Вкупно* | 118 | 100.00 |

Од добиените податоци презентирани во табела 26 може да се констатира дека 94,07% од испитаните наставници се изјасниле дека се согласуваат за нивно постојано разменување на информации и мислења во врска со воспитно-образовната работа, наспроти значително пониският процент од 5,08% на оние испитаници кои делумно се согласуваат и само 0,85%, односно еден испитаник се изјаснил дека не се согласува со тоа.

Според мислењата и добиените одговори на испитаните наставници во врска со дадените прашања од анкетниот лист може да се констатира дека истите даваат поддршка за пласирање на информациите, кои се во функција на реализација на наставната работа во училиштето. Ова мислење доминира кај повеќе од 70,00% од испитуваните наставници. Статистичката анализа на добиените податоци што е извршена со Хи-квадрат тестот покажува дека не постојат разлики во искажаното мислење меѓу наставниците од различна возраст. Со ова целосно се потврдува четвртата хипотеза од ова истражување, *наставниците од различна возраст имаат истоветно мислење во однос на пласирањето на информации во функција на реализација на наставната работа.*

**5. Разлики во мислењето наставниците од одделенска и предметна настава во врска со пласирањето на информации во функција на реализацијата на вonнаставните активности во основното училиште**

Во продолжение ќе бидат презентирани добиените резултати, кои се во функција на проверка на петтата хипотеза од ова истражување, која гласи: *наставниците од одделенска и од предметна настава имаат различно мислење во однос на пласирањето на информации во функција на реализацијата на воннаставните активности во основното училиште.*

Во врска со оваа хипотеза беа формулирани три прашања во анкетниот лист за наставници, чии одговори ќе бидат разгледувани во овој дел од трудот.

На тврдењето, во училиштето перманентно се пласираат информации за реализација на воннаставните активности, ги добивме следните одговори:

Табела бр.27 *Мислење на наставниците од одделенска и предметна настава за перманентното пласирање на информации за реализација на воннаставните активности во училиштето*

| *Категории на одговори* | *Наставници* | | | | *Вкупно* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Одделенски* | | *Предметни* | | | |
| | f | % | f | % | f | % |
| *Се согласувам* | 30 | 52,63 | 22 | 37,29 | 52 | 44,83 |
| *Делумно се согласувам* | 27 | 47,37 | 34 | 57,63 | 61 | 52,59 |
| *Не се согласувам* | 0 | 0,00 | 3 | 5,08 | 3 | 2,59 |
| *Вкупно* | 57 | 100,00 | 59 | 100,00 | 116 | 100,00 |

$X^2 = 2,762$ df = 1 P>0,05

Според презентираните резултати во табела 27 може да се забележи дека 57,63% од испитаните предметни наставници делумно се согласуваат за тоа дека, во училиштето перманентно се пласираат информации за реализација на воннаставните активности, а 37,29% од нив се согласуваат, а само 5,08% не се согласуваат по однос на ова прашање. Додека пак, од испитаните одделенски наставници 52,63% се согласуваат, а 47,37% од нив делумно се согласуваат по однос на перманентното пласирање на информации за реализација на воннаставните активности во училиштето.

Во однос на прашањето, во училиштето постои проток на информации во врска со планирањето, организацијата и реализацијата на воннаставните активности односно дали наставниците навремено ги добиваат потребните информации, ги добивме следните одговори:

**Табела бр.28** ***Мислење на наставниците од одделенска и предметна настава за навремено добивање потребни информации во училиштето во врска со планирањето, организацијата и реализацијата на воннаставните активности***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | | | | *Вкупно* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Одделенски* | | *Предметни* | | | |
| | f | % | f | % | f | % |
| *Да* | 53 | 91,38 | 55 | 93,22 | 108 | 92,31 |
| *Не* | 5 | 8,62 | 4 | 6,78 | 9 | 7,69 |
| *Вкупно* | 58 | 100,00 | 59 | 100,00 | 117 | 100,00 |

$X^2 = 0,139$ df = 1 $P>0,05$

Од добиените одговори на предметните наставници може да се забележи дека 93,22% од нив говорат дека навремено ги добиваат потребните информации за планирањето, организацијата и реализацијата на воннаставните активности, 6,78% од нив се изјасниле дека истите ги добиваат ненавремено, додека пак, од одделенските наставници 91,38% говорат за навремено добивање на тие информации, а 8,62% се на

мислење дека иститененавремено се добиваат. Врз основа на добиената вредност на Хи-квадрат тестот, којшто не е статистички значајна, се констатира дека предметните и одделенските наставници имаат истоветно мислење за ова прашање.

На прашањето, дали информациите што ги добиваат наставниците се доволни за успешна реализација на вонаставните активности, ги добивме следните резултати, прикажани во табела 29:

Табела бр.29 *Мислење на наставниците од одделенска и предметна настава за тоа дали информациите што ги добиваат се доволни за успешна реализација на вонаставните активности*

| *Категории на одговори* | *Наставници* | | | | *Вкупно* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Одделенски* | | *Предметни* | | | |
| | f | % | f | % | f | % |
| *Да* | 48 | 82,76 | 50 | 84,75 | 98 | 83,76 |
| *Не* | 10 | 17,24 | 9 | 15,25 | 19 | 16,24 |
| *Вкупно* | 58 | 100,00 | 59 | 100,00 | 117 | 100,00 |

$X^2$= 0,085 df = 1 P>0,05

Од добиените одговори на предметните наставници може да се забележи дека 84,75% од нив говорат дека информациите што ги добиваат се доволни за успешна реализација на вонаставните активности, 15,25% од нив се изјасниле дека истите не се доволни, додека пак, од одделенските наставници 82,76% говорат дека информациите се доволни за успешна реализација на вонаставните активности, а 17,24% се на мислење дека истите не се доволни. Врз основа на добиената вредност на Хи-квадрат тестот, којашто не е статистички значајна, може да се констатира дека

меѓу предметните и одделенските наставници не постои разлика во искажаното мислење за ова прашање.

Според овие добиени резултати и заради истоветноста на мислењата на одделенските и предметните наставници, петтата хипотеза, која гласи: *наставниците од одделенска и од предметна настава имаат различно мислење во однос на пласирањето на информации во функција на реализацијата на воннаставните активности во основното училиште* не се потврдува.

**6. Мислење на наставниците во врска со потребата од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации во функција на нивните стручни потреби**

Во врска со поставената шеста хипотеза во ова истражување, која гласи *„наставниците имаат позитивно мислење во однос на потребата од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации во функција на нивните стручни потреби"* беа искористени две прашања од анкетниот лист за наставници и едно прашање од интервјуто за директори. Во продолжение ќе бидат презентирани добиените резултати по овие прашања, кои се во функција на проверка на шестата хипотеза.

Во однос на прашањето од анкетниот лист за наставници, во училиштето се пласираат интерни и комбинирани тековни информации во функција на потребите на наставниот кадар се добиени следните резултати, кои се табеларно прикажани:

Табела бр.*30 Мислење на наставниците за тоа дека во училиштето се пласираат интерни и комбинирани тековни информации во функција на потребите на наставниот кадар*

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Се согласувам* | 60 | 51.28 |
| *Делумно се согласувам* | 52 | 44.44 |
| *Не се согласувам* | 5 | 4.27 |
| *Вкупно* | 117 | 100.00 |

Согласно презентираните податоци од табела 30 може да се забележи дека има поделеност на мислењата на испитаните субјекти по однос на прашањето за тоа дека во училиштето се пласираат интерни и комбинирани тековни информации во функција на потребите на наставниот кадар. Имено, 51,28% од испитаниците се согласуваат, 44,44% делумно се согласуваат, а само 4,27% не се согласуваат по однос на прашањето за тоа дека во училиштето се пласираат интерни и комбинирани тековни информации во функција на потребите на наставниот кадар.

Во однос на тврдењето, за потребата на наставниците од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации, кои се во функција на нивните стручни потреби, ги добивме следните резултати, прикажани во наредните табела:

**Табела бр.31** *Мислење на наставниците за нивната потреба од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации, кои се во функција на нивните стручни потреби*

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Се согласувам* | 90 | 75.63 |
| *Делумно се согласувам* | 28 | 23.53 |
| *Не се согласувам* | 1 | 0.84 |
| *Вкупно* | 119 | 100.00 |

Согласно презентираните одговори прикажани во табела 31 може да се забележи доста висок процент од испитаните наставници, кои се изјасниле дека имаат потреба од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации, кои се во функција на нивните стручни потреби. Имено, од добиените резултати се гледа дека 75,63% од нив се согласуваат, 23,53% делумно се согласуваат и занемарливи 0,84% не се согласуваат по однос на тврдењето дека наставниците имаат потреба од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации, кои се во функција на нивните стручни потреби.

Во однос на деветото прашање од спроведеното интервју за директори на испитуваните основни училишта, дали директорите сметаат дека е неопходно да се пласираат интерни и комбинирани тековни информации во функција на стручните потреби на наставниците, испитуваните директори на училиштата, генерално, дадоа кратки и потврдни одговори на ова прашање, со што истакнаа дека неопходно е да се пласираат интерни и комбинирани тековни информации. Овој позитивен став на сите директори во однос на пласирањето на интерни и комбинирани тековни информации укажува на потребата од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации во функција на стручните потреби на наставниците.

Во контекст на проверка на шестата хипотеза на ова истражување, која гласи *„наставниците имаат позитивно мислење во однос на потребата од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации во функција на нивните стручни потреби"* особено е значајно што се потврди и тоа дека наставниците ја согледуваат потребата од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации, кои се во функција на нивните стручни потреби, кои се неопходни за непречено и ефикасно извршување на воспитно-образовните активности и постигнување на квалитет, како што беше истакнато и во теоретскиот дел на овој магистерски труд.

Овие добиени резултати укажуваат на важноста и суштественоста за потребата на наставниците од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации во училиштето, во функција на нивните стручни потреби. Такво мислење искажале голем процент од испитаните субјекти 75,63%, што е навистина висок процент со што се потврдува и поставената хипотеза, дека *наставниците имаат позитивно мислење во однос на потребата од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации во функција на нивните стручни потреби.*

**7. Разлики во мислењата на наставниците од одделенска и предметна настава во однос на начините на пласирање на интерни стручни информации на ниво на стручните активи во основното училиште**

Во врска со проверката на седмата хипотеза од истражувањето, *наставниците од одделенска и предметна настава имаат различни мислења во однос на начините на пласирањето на интерни стручни информации на ниво на стручните активи во основното училиште*, беа искористени три прашања од анкетниот лист наменет за наставници. Во продолжение ќе бидат презентирани добиените резултати по тие прашања и истите ќе бидат во функција на проверка на седмата хипотеза.

На прашањето, во училиштето се пласираат интерни стручни информации на ниво на стручните активи, ги добивме следните резултати:

**Табела бр.32** ***Мислење на наставниците од одделенска и предметна настава за тоа дека во училиштето се пласираат интерни стручни информации на ниво на стручните активи***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | | | | *Вкупно* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Одделенски* | | *Предметни* | | | |
| | f | % | f | % | f | % |
| *Се согласувам* | 28 | 48,28 | 32 | 54,24 | 60 | 51,28 |
| *Делумно се согласувам* | 26 | 44,83 | 26 | 44.07 | 52 | 44.44 |
| *Не се согласувам* | 4 | 6,90 | 1 | 1.69 | 5 | 4,27 |
| *Вкупно* | 58 | 100,00 | 59 | 100,00 | 117 | 100,00 |

$X^2 = 2,055$ $df = 2$ $P>0,05$

Според презентираните резултати во табела 32 може да се забележи речиси истоветно мислење на наставниците. Имено, 51,28% од испитаниците се согласуваат за тоа дека во училиштето се пласираат интерни стручни информации на ниво на стручните активи, а 44,44% делумно се согласуваат по однос на ова прашање.

Во однос на прашањето, комуникацијата, соработката и размената на информации и искуства се застапени меѓу стручните активи во училиштето, ги добивме следниве резултати:

**Табела бр.33** ***Мислење на наставниците од одделенска и предметна настава за застапеноста на комуникацијата, соработката и размената на информации и искуства меѓу стручните активи во училиштето***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | | | | *Вкупно* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Одделенски* | | *Предметни* | | | |
| | f | % | f | % | f | % |
| *Се согласувам* | 34 | 56,67 | 31 | 52,54 | 65 | 54,62 |
| *Делумно се согласувам* | 26 | 43,33 | 26 | 44,07 | 52 | 43,70 |
| *Не се согласувам* | 0 | 0,00 | 2 | 3,39 | 2 | 1,68 |
| *Вкупно* | 60 | 100,00 | 59 | 100,00 | 119 | 100,00 |

$X^2 = 0,206$ $df = 1$ $P > 0,05$

Според презентираните резултати во табела 33 исто така, може да се забележи речиси истоветно мислење на наставниците. Од табела 33 може да се заклучи дека од вкупниот број на испитаници 54,62%, се согласуваат, 43,70% делумно се согласуваат и само 1,68% не се согласуваат по однос на комуникацијата, соработката и размената на информации и искуства кои се застапени меѓу стручните активи во училиштето.

Во вториот дел од анкетниот лист наменет за наставници е дадено прашањето кое се однесува на тоа дали на ниво на стручните активи во училиштето се пласираат интерни стручни информации. По однос на ова прашање, наставниците од одделенска и предметна настава требаше да се изјаснат за тоа колку тие се задоволни од квалитетот на пласираните информации. При тоа, ги добивме следните резултати:

**Табела бр.34** ***Мислење на наставниците од одделенска и предметна настава во врска со пласирањето на интерни стручни информации на ниво на стручните активи во училиштето***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | | | | *Вкупно* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Одделенски* | | *Предметни* | | | |
| | f | % | f | % | f | % |
| *Многу сум задоволен* | 13 | 21,67 | 13 | 22,81 | 26 | 22,22 |
| *Сум задоволен* | 45 | 75,00 | 44 | 77,19 | 89 | 76,07 |
| *Не сум задоволен* | 2 | 3,33 | 0 | 0,00 | 2 | 1,71 |
| *Вкупно* | 60 | 100,00 | 57 | 100,00 | 117 | 100,00 |

$X^2$= 0,021 df = 1 P>0,05

Согласно презентираните податоци од табела 34 може да се забележи дека голем дел од испитаните наставници, 76,07% се задоволни, помал дел, 22,22% многу се здоволни и само 1,71% не се задоволни од квалитетот на пласираните интерни стручни информации на ниво на стручните активи во училиштето.

Презентираниве податоци во табелата 34, јасно покажуваат дека доста голем број од испитаните наставници се задоволни од пласирањето на интерни стручни информации на ниво на стручните активи во училиштето и истите говорат дека не постојат значајни разлики во искажаното мислење од одделенските и предметните наставници.

Исто така, согласно резултатите презентирани во табелите број 32, 33 и 34 забележуваме дека постои истоветно мислење на наставниците од одделенска и

предметна настава во поглед на пласирањето на интерни стручни информации на ниво на стручните активи во училиштето и во однос на застапеноста на комуникацијата, соработката и размената на информации и искуства меѓу стручните активи во училиштето.

Од презентираните податоци заклучуваме дека седмата хипотеза, која гласи: *наставниците од одделенска и предметна настава имаат различни мислења во однос на начините на пласирањето на интерни стручни информации на ниво на стручните активи во основното училиште*, не се потврдува.

**8. Мислење на наставниците за информациите во постојниот информативен систем во основното училиште, наменети за различни потреби на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа**

Осмата хипотеза од ова истражување гласи: *пласираните информации во постојниот информативен систем во основното училиште се наменети за различни потреби на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа.* Во врска со проверката на осмата хипотеза беше искористено едно прашање од анкетниот лист за наставници.

Во продолжение ќе бидат презентирани добиените резултати по однос на тоа прашање, каде наставниците требаше да дадат своја лична проценка, а за нив беа понудени три одговори: секогаш, понекогаш и никогаш.

Во однос на прашањето бр. 5 од вториот дел од анкетниот лист, колку често во стручната работа наставниците го користат пласирањето на информации во информативниот систем во училиштето за:

- Подготовка на наставата,
- Организација и реализација на наставата,
- Проверување и оценување на постигањата на учениците,
- Подготовка и реализација на вонаставните активности,
- Самовреднување на сопствената работа и
- Водење педагошката евиденција и документација,

се добиени следните резултати, кои понатаму одделно ги презентираме во наредните табели:

**Табела бр.35** ***Мислење на наставниците за зачестеноста во користењето на пласирање информации во информативниот систем во основното училиште за подготовка на наставата***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| ***Секогаш*** | 92 | 78.63 |
| ***Понекогаш*** | 24 | 20.51 |
| ***Никогаш*** | 1 | 0.85 |
| ***Вкупно*** | 117 | 100.00 |

Од наведените податоци во претходнава табела може да се забележи следното: најголемиот број од испитаните наставници, 78,63% секогаш, 20,51% од нив во нивната стручна работа понекогаш го користат пласирањето на информации во информативниот систем во училиштето за подготовка на наставата, а само 1 наставник, односно 0,85% никогаш не го користи пласирањето на информации во информативниот систем во училиштето за подготовка на наставата.

**Табела бр.36** ***Мислење на наставниците за зачестеноста во користењето на пласирање информации во информативниот систем во училиштето за организација и реализација на наставата***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| ***Секогаш*** | 94 | 81.03 |
| ***Понекогаш*** | 21 | 18.10 |
| ***Никогаш*** | 1 | 0.86 |
| ***Вкупно*** | 116 | 100.00 |

Од добиените резултати може да се заклучи дека најголемиот број од испитуваните наставници, 81,03% од нив, во нивната стручна работа секогаш го користат пласирањето на информации во информативниот систем во училиштето за организација и реализација на наставата, 18,10% понекогаш, а само 1 наставник, односно 0,86% никогаш не го користи пласирањето на информации во информативниот систем во училиштето за организација и реализација на наставата.

Табела бр.37 ***Мислење на наставниците за зачестеноста во користењето на пласирање информации во информативниот систем во училиштето за проверување и оценување на постигањата на учениците***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| ***Секогаш*** | 73 | 62.93 |
| ***Понекогаш*** | 42 | 36.21 |
| ***Вкупно*** | 115 | 100,00 |

Од добиените резултати може да се забележи дека 62,93% од испитуваните наставници, секогаш во нивната стручна работа го користат пласирањето на информации во информативниот систем во училиштето за проверување и оценување на постигањата на учениците, додека пак, 36,21% понекогаш го користат пласирањето на информации во информативниот систем во училиштето за проверување и оценување на постигањата на учениците.

Табела бр.38 *Мислење на наставниците за зачестеноста во користењето на пласирање информации во информативниот систем во училиштето за подготовка и реализација на вонаставните активности*

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| ***Секогаш*** | 53 | 47.32 |
| ***Понекогаш*** | 56 | 50.00 |
| ***Никогаш*** | 3 | 2.68 |
| ***Вкупно*** | 112 | 100.00 |

Од добиените податоци може да се забележи дека од вкупниот број на испитувани наставници, 47,32% од нив одговориле дека секогаш во нивната стручна работа го користат пласирањето на информации во информативниот систем во училиштето за подготовка и реализација на вонаставните активности, 50,00% понекогаш, а само 2,68% никогаш не го користат пласирањето на информации во информативниот систем во училиштето за подготовка и реализација на вонаставните активности.

**Табела бр.39** ***Мислење на наставниците за зачестеноста во користењето на пласирање информации во информативниот систем во училиштето за самовреднување на сопствената работа***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| ***Секогаш*** | 55 | 50.00 |
| ***Понекогаш*** | 49 | 44.55 |
| ***Никогаш*** | 6 | 5.45 |
| ***Вкупно*** | 110 | 100.00 |

Од добиените резултати може да се забележи дека од вкупниот број од испитуваните наставници, 50,00% од нив во нивната стручна работа секогаш го користат пласирањето на информации во информативниот систем во училиштето за самовреднување на сопствената работа, а 44,55% понекогаш, додека пак 5,45% никогаш не го користат пласирањето на информации во информативниот систем во училиштето за самовреднување на сопствената работа.

**Табела бр.40** ***Мислење на наставниците за зачестеноста во користењето на пласирање информации во информативниот систем во училиштето за водење педагошка евиденција и документација***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| ***Секогаш*** | 95 | 83.33 |
| ***Понекогаш*** | 19 | 16.67 |
| ***Вкупно*** | 114 | 100,00 |

Од презентираните податоци може да се заклучи дека најголемиот број од испитуваните наставници односно 83,33% одговориле дека секогаш во нивната стручна работа го користат пласирањето на информации во информативниот систем во училиштето за водење педагошка евиденција и документација, додека пак, 16,67% понекогаш го користат пласирањето на информации во училиштето за водење педагошка евиденција и документација.

Од добиените податоци презентирани во претходните табели се согледува и може да се констатира дека голем е бројот на испитани наставници кај кои во голема мера доминира мислењето дека во нивната воспитно-образовна работа ги користат пласираните информации во рамките на постојниот информативен систем во училиштето, наменети за нивните различни потреби за реализација на воспитно-образовната работа.

Од аспект на користењето на пласираните информации во информативниот систем за реализацијата на воспитно-образовната работа на наставниците во основното училиште, понудени беа повеќе категории, кои ќе ги прикажеме според нивниот приоритет во однос на користењето од страна на наставниците. Со помош на компарирање на добиените резултати презентирани во табелите од 35 до 40, по приоритет, може да се констатира дека во реализацијата на стручната работа од страна на наставниците се користат пласираните информации во рамките на информативниот систем во училиштето за:

- *водење педагошката евиденција и документација – 83,33% од испитаниците;*
- *организација и реализација на наставата – 81,03% од испитаниците;*
- *подготовка на наставата – 78,63% од испитаниците;*
- *проверување и оценување на постигањата на учениците – 62,93% од испитаниците;*
- *самовреднување на сопствената работа – 50,00% од испитаниците и*
- *подготовка и реализација на воннаставните активности – 47,32% од испитаниците.*

Според тоа, добиените резултати по прашањето за наставниците за зачестеноста во користењето на пласирање информации во информативниот систем во училиштето во нивната стручната работа, за подготовка на наставата, организација и реализација на наставата, проверување и оценување на постигањата на учениците, подготовка и реализација на воннаставните активности, самовреднување на сопствената работа и водење педагошката евиденција и документација, ја потврдуваат осмата хипотеза дека *пласираните информации во постојниот информативен систем во основното училиште се наменети за различните потреби на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа.*

## 9. Мислење на наставниците во врска со информациско-комуникацискиот однос на директорот и наставниците во основното училиште

Во врска со проверката на деветтата хипотеза, која гласи: *наставниците сметаат дека постои добар информациско-комуникациски однос на директорот и наставниците во основното училиште,* беа искористени петте прашања од анкетниот лист за наставници и едно прашање од интервјуто за директорите од иситуваните основни училишта.

На прашањето, „информациско-комуникациските односи во, и надвор од училиштето не се доволно застапени," се добиени следните резултати презентирани во табела 41:

Табела бр.41 *Мислење на наставниците за недоволната застапеност на информациско-комуникациските односи во и надвор од училиштето*

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Се согласувам* | 29 | 25,00 |
| *Делумно се согласувам* | 71 | 61,21 |
| *Не се согласувам* | 16 | 13,79 |
| *Вкупно* | 116 | 100,00 |

Според презентираните податоци во табела 41 може да се констатира дека 61,21% од испитаниците делумно се согласуваат, 25,00% се согласуваат,а само 13,79% не се согласуваат во однос на тоа дека информациско-комуникациските односи во, и надвор од училиштето не се доволно застапени.

Во врска со прашањето, кое гласеше: „Потребна е поголема комуникација и соработка на вработените субјекти во училиштето", ги презентираме следните резултати, дадени во табела 42:

**Табела бр.42** ***Мислење на наставниците за потребата од поголема комуникација и соработка на вработените субјекти во училиштето***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Се согласувам* | 74 | 64.91 |
| *Делумно се согласувам* | 35 | 30.70 |
| *Не се согласувам* | 5 | 4.39 |
| *Вкупно* | 114 | 100.00 |

Добиените податоци презентирани во табела 42 говорат дека доста висок процент или 64,91% од испитаниците се изјасниле дека е потребна поголема комуникација и соработка на вработените субјекти во училиштето, значително понизок процент од 30,70% делумно се согласуваат, а само 4,39% не се согласуваат во однос на потребата од поголема комуникација и соработка на вработените субјекти во училиштето.

Во врска со тврдењето за тоа дека постои добар информациско-комуникациски однос на директорот и наставниците во училиштето, се добиени следниве податоци, кои ги презентираме во следната табела:

Табела бр.43 *Мислење на наставниците за постоењето на добар информациско-комуникациски однос на директорот и наставниците во училиштето*

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Се согласувам* | 91 | 76.47 |
| *Делумно се согласувам* | 25 | 21.01 |
| *Не се согласувам* | 3 | 2.52 |
| *Вкупно* | 119 | 100.00 |

Согласно презентираните одговори во претходната табела може да се забележи значително висок процент 76,47% од испитаниците кои се на мислење дека постои добар информациско-комуникациски однос на директорот и наставниците во училиштето, додека 21,01% делумно се согласуваат, а само 2,52% не се согласуваат по однос на ова прашање.

Во врска со тврдењето, кое гласи: „Наставниците треба постојано да разменуваат информации, мислења и ставови во поглед на наставната работа", се добиени следните резултати:

Табела бр.44 *Мислење на наставниците во врска со постојаното разменување информации, мислења и ставови во поглед на наставната работа*

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Се согласувам* | 113 | 94.96 |
| *Делумно се согласувам* | 5 | 4.20 |
| *Не се согласувам* | 1 | 0.84 |
| *Вкупно* | 119 | 100.00 |

Согласно презентираните одговори во табела 44 може да се констатира дека значително висок процент – 94,96% од испитаните наставници се на мислење дека треба постојано да разменуваат информации, мислења и ставови во поглед на наставната работа, наспроти малиот процент – 4,20% од испитаниците кои делумно се согласуваат по однос на истото прашање.

Во однос на тврдењето за тоа дека успехот во воспитно-образовната работа со користење на информациско-комуникациски односи е многу подобар отколку без нив, ги добивме следните резултати:

Табела бр.45 *Мислење на наставниците за тоа дека успехот во воспитно-образовната работа со користење на информациско-комуникациски односи е многу подобар отколку без нив*

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| ***Се согласувам*** | 86 | 74,14 |
| ***Делумно се согласувам*** | 27 | 23,28 |
| ***Не се согласувам*** | 3 | 2,59 |
| ***Вкупно*** | 116 | 100,00 |

Согласно презентираните податоци во табела 45 може да се забележи доста висок процент – 74,14% од испитаните наставници се согласуваат, додека пак 23,28% делумно се согласуваат и само 2,59% не се согласуваат по однос на тврдењето за тоа дека успехот во воспитно-образовната работа со користење на информациско-комуникациски односи е многу подобар отколку без нив.

Во однос на прашањето од интервјуто за директори, дали тие обезбедуваат услови за остварување на информациско-комуникациски односи, во и надвор од училиштето, со пошироката општествена средина, испитуваните директори покажуваат позитивен однос по однос на ова прашање со давање на потврдни одговори од страна на сите испитувани директори. Добиените одговори на испитуваните директори по однос на ова прашање беа скоро исти или слични. Во одговорите на директорите по однос на обезбедувањето услови за остварување на информациско-комуникациски

односи, во и надвор од училиштето, со пошироката општествена средина, го забележавме и следново: дека се обезбедуваат услови за остварување на информациско-комуникациски односи, во и надвор од училиштето, со пошироката општествена средина, а тоа се остварува преку медиумите, организирање на разни настани, прослави и други активности, кои се реализираат заеднички и во соработка на училиштето и пошироката општествена средина.

Што значи, сите добиени податоци и резултати по горе наведените прашања од анкетниот лист за наставници и интервјуто за директори, а кои беа во функција на проверка на деветата хипотеза се суштествени за нејзино потврдување. Деветата хипотеза се потврдува од страна на сите испитани субјекти, што значи дека во училиштето постои добар информациско-комуникациски однос на директорот и наставниците. Во тој случај, заклучуваме дека деветата хипотеза од ова истражување, *наставниците сметаат дека постои добар информациско-комуникациски однос на директорот и наставниците во основното училиште* целосно се потврдува.

**10. Мислење на наставниците во врска со недоволното користење на информациско-комуникациската технологија за пласирање и размена на информации за нивните потреби за релизација на воспитно-образовната работа**

Десетата хипотеза во ова истражување гласи: *информациско-комуникациската технологија недоволно се користи за пласирање и размена на информации за потребите на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа.* Во врска со проверката на десетата хипотеза беа искористени три прашања од анкетниот лист за наставници, две прашања од интервјуто за директори и три прашања од евиденциски лист за содржинска структура на web страна на основно училиште, чии одговори во продолжение ќе бидат одделно презентирани.

Во однос на тврдењето, во училиштето се применуваат информациско-комуникациската технологија и интернетот во функција на пласирање на потребни информации за наставниците, ги добивме следните резултати, презентирани во следната табела:

**Табела бр.46** ***Мислење на наставниците во врска со примената на информациско-комуникациската технологија и интернетот во функција на пласирање на потребни информации за наставниците во основното училиште***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| ***Се согласувам*** | 66 | 55.93 |
| ***Делумно се согласувам*** | 52 | 44.07 |
| ***Вкупно*** | 118 | 100,00 |

Наведените податоци презентирани во табела 46, покажуваат дека скоро поделено е мислењето на испитаните наставници во училиштето во поглед на примената на информациско-комуникациската технологија и интернетот во функција на пласирање на потребни информации за нив. Имено, 55,93% од вкупниот број на испитаните наставници потврдуваат дека се согласуваат, а 44,07% делумно се согласуваат дека во училиштето се применуваат информациско-комуникациската технологија и интернетот, во функција на пласирање на нивни потребни информации.

Во однос на прашањето, во училиштето се применуваат информациско-комуникациската технологија и интернетот и дека истите се во функција на пласирање на потребни информации за наставниците во основното училиште, ги добивме следниве резултати:

Табела бр.47 *Мислење на наставниците во врска со примената на информациско-комуникациската технологија и интернетот во функција на пласирање на нивни потребни информации*

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Се согласувам* | 65 | 55,56 |
| *Делумно се согласувам* | 52 | 44,44 |
| *Вкупно* | 117 | 100,00 |

Од добиените податоци се забележува дека 55,56% од испитаните наставници се согласуваат за тоа дека во училиштето се применуваат информациско-комуникациската технологија и интернетот во функција на пласирање на потребни информации за наставниците, додека пак 44,44% делумно се согласуваат по однос на истото прашање.

Во однос на прашањето за примената на интернетот и информациско-комуникациските технологии се во насока на подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа, се добиени следниве резултати:

**Табела бр.48** ***Мислење на наставниците за тоа дека примената на интернетот и информациско-комуникациските технологии се во насока на подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Се согласувам* | 95 | 79,83 |
| *Делумно се согласувам* | 21 | 17,65 |
| *Не се согласувам* | 3 | 2,52 |
| *Вкупно* | 119 | 100,00 |

Од претходно прикажаните резултати, во табела 48, забележуваме доста висок процент односно 79,83% од испитаните наставници се изјасниле дека се согласуваат, 17,65% делумно се согласуваат и само 2,52% не се согласуваат по однос на прашањето за тоа дека примената на интернетот и информациско-комуникациските технологии се во насока на подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа во училиштето.

Во рамките на анкетниот лист, во вториот дел, беше поставено и прашањето за тоа дали основното училиште има web страна, а резултатите во врска со тоа се прикажани во табела бр. 49. На ова прашање беа понудени алтернативни одговори и беше дадена можност за дополнување, доколку има, како и да се наведе во кој дел се пласираат информации важни за успешна реализација на воспитно-образовната работа на наставниците во основното училиште.

**Табела бр.49** ***Мислење на наставниците за постоење на web страна на нивното основно училиште***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Да* | 103 | 91.96 |
| *Не* | 9 | 8.04 |
| *Вкупно* | 112 | 100,00 |

По однос на добиените одговори на испитуваните наставници околу прашањето за постоење на web страна на основните училишта може да се забележи дека голем процент од испитаниците, со само мал исклучок, потврдно одговориле на ова прашање. Имено, 91, 96% од испитнаиците одговориле со „да" за постоењето на web страна во училиштето.

Од наставниците кои се изјасниле дека во нивното училиште постои web страна се бараше да наведат во кој дел од постоечката web страна се пласираат информации важни за нивната успешна реализација на воспитно-образовната работа во училиштето.

Во врска со прашањето за тоа во кој дел од web страната на училиштето се пласираат информации важни за успешната реализација на воспитно-образовната работа на наставниците во основното училиште, дадени се подолу наведените резултати во табела 50.

**Табела бр.50** ***Мислење на наставниците за делот од училишната web страна во кој се пласираат информации важни за успешна реализација на воспитно-образовната работа во основното училиште***

| ***Категории на одговори*** | ***Наставници*** | |
|---|---|---|
| | **f** | **%** |
| ***Делот за подготовка за настава во училиштето*** | 14 | 13.46 |
| ***Нема такви информации*** | 6 | 5.77 |
| ***Информативен дел*** | 10 | 9.62 |
| ***Информации поврзани со успехот на учениците*** | 3 | 2.88 |
| ***Информации за наставниот процес*** | 2 | 1.92 |
| ***Страната е во изработка*** | 6 | 5.77 |
| ***Не ја посетувам*** | 1 | 0.96 |
| ***Непознато*** | 62 | 59.62 |
| ***Вкупно*** | 104 | 100.00 |




**Слика бр.3:** *Процентуална застапеност на добиените одговори од наставниците*

Од аспект на користењето на пласираните информации во информативниот систем за успешна реализација на воспитно-образовната работа на наставниците во основното училиште, понудени беа повеќе категории на одговори, кои ги прикажавме според нивниот приоритет во однос на користењето од страна на испитаните наставници. Со помош на компарирање на добиените резултати презентирани во табела 50, по приоритет, може да се констатира дека во реализацијата на стручната воспитно-образовна работа од страна на наставниците се користат пласираните информации во рамките на информативниот систем во училиштето во делот за подготовка за настава во училиштето, информативен дел, информации поврзани со успехот на учениците, информации за наставниот процес, но исто така може да се забележи дека имаме web страна на основно училиште, која сеуште е во изработка.

На прашањето, во кој дел од web страната на училиштето се пласираат информации важни за успешната реализација на воспитно-образовната работа на наставниците во основното училиште, 16 од испитуваните наставници не дале одговор по ова прашање.

Во однос на седмото прашање од интервјуто за директори, кое гласи: „доколку училиштето има web страна, во кој дел од неа се пласираат информации важни за професионалните потреби на наставниот кадар", наидовме на различни одговори од страна на испитуваните директори. Тоа се должи на фактот што во некои основни училишта сеуште нема креирано web страна на училиштето или истата е во фаза на изработка, а кај едно од испитуваните училишта има креирано web страна, но истата е пасивна и редовно не функционира. Кај останатите училишта кај кои училишната web страна добро функционира беше истакнато дека училиштето пласира информации во деловите наречени „активности" и „новости." Исто така, во изјавите на директорите беше забележано дека на web страната, пласирањето на информации важни за професионалните потреби на наставниот кадар се однесува, пред се на семинари, обуки, годишни и тематски планирања, подготовки и друго. Преку ова прашање директорите дадоа реална слика за функционирањето на web страната на училиштето.

На прашањето од интервјуто за директори, дали примената на информациско-комуникациската технологија и интернет информациите се во функција на потребите на наставниците за успешна реализација на воспитно-образовната работа, сите добиени одговори на испитуваните директори се со позитивен став. Тие истакнуваат дека во денешно време за наставниците примената на информациско-комуникациската технологија и интернет информациите се во функција на потребите на наставниците за успешна реализација на воспитно-образовната работа и истите се неопходни и потребни.

*Во однос на прашањето од евиденцискиот лист за содржинска структура на web страна на основно училиште, web страната на училиштето овозможува пласирање навремени информации кои се важни за воспитно-образовната работа на наставниците, ги добивме следниве констатации:*

- *Во врска со пласирањето и објавувањето на навремени информации, од анализираните основни училишта, а секако компарирајќи ги истите со други*

*успешни web страни на основни училишта од државава, јасно се забележува дека станува збор за задоцнето, ненавремено пласирање на информации, важни за воспитно-образовната работа на наставниците, а истите може да се каже дека се сведени на минимум.*

- *Како резултат на разгледуваните училишни web страници, по однос на назначениот елемент од анализата, може да се констатитра дека кај именуваните web страни постои поголема пасивност и отсуство од потребното пласирање и објавување на информациите, и секако, ненавременост на истите, што се должи на фактот што во некои од нив дадени се застарени информации и податоци од пред една или две години, како и пасивно ажурирање на истите. Ова придонесува да не се постигнува посакуваниот ефект, насочен кон добивање на квалитет и успешност во реализацијата на воспитно-образовната работа во основните училишта од страна на наставничкиот кадар.*

*Во однос на прашањето од евиденцискиот лист за содржинска структура на web страна на основно училиште, постојните содржини кои се пласираат со web страната на училиштето не се податливи и не се доволни за информирање на наставниците во врска со планирањето, организацијата и реализацијата на наставните активности, ги добивме следните констатации:*

- *Кај web страните на разгледуваните основни училишта, согледавме дека постои минимално ажурирање на информации во врска со планирањето, организацијата и реализацијата на воспитно-образовната работа. Во истите, повеќе се прикажуваат и нудат актуелности и новости, кои се веќе реализирани, а исто така се дадени известувања од еден дел од реализираните воннаставни активности.*
- *Содржините поставени на страниците не се податливи и објавуваат информации, насочени кон пошироката општествена јавност, кои повеќе ја истакнуваат известувачко-информативната улога на реализирани и*

*завршени активности, отколку да се истакнуваат информации, кои ќе бидат во функција на потребите на воспитно-образовниот кадар во училиштето.*

- *Web страницата потребно е да обезбеди лесен пристап до потребни информации од повеќе институции, органи и сектори од делокругот на образованието. Конкретни информативни содржини кои се однесуваат на планирањето, организацијата и реализацијата на воспитно-образовната работа не се забележани, но со исклучок кај web страната на ОУ „Кузман Јосифоски – Питу" (**kuzmanjosifoski-pit**y.com/) се забележува една битна компонента од дизајнираната структура на страницата, каде се добиваат подетални информации за наставните планови и програми. Имено, кај истата се забележува користење на влезни корисни линкови на БРО, МОН, ПЕП, УСАИД и сл.*

- *При разгледувањето и анализата на останатите web страни, забележавме дека кај истите нема перманентно и континуирано ажурирање и збогатување со нови тековни информации, битни за планирањето, организацијата и реализацијата што зборува за фактот што истите не претставуваат активни web страници, како начин на информирање, кој во последниве години станува се поприсутен и поприфатен.*

*Во однос на прашањето, од евиденцискиот лист за содржинска структура на web страна на основно училиште, постојните содржини на web страната не пласираат интерни тековни информации наменети за стручните потреби на наставниците, констатираме:*

- *Секое училиште, во рамките на своите должности и обврски треба да дава и пласира интерни и тековни информации, неопходни за стручните потреби на наставниците и за реализација на целокупната воспитно-образовната работа. Од разгледуваните web страни на испитуваните*

*основни училишта, забележавме дека истите не нудат и не пласираат конкретни, интерни и тековни стручни информации, важни за доменот на реализацијата на воспитно-образовната работа на наставниците. Но, повторно ќе потенцираме, истите се сведуваат на соопштенија и известувања од реализирани активности. Во оваа компонента од анализата повторно ќе ја посочиме веб страната на ОУ „Кузман Јосифоски – Питу" (**kuzmanjosifoski-pity**.com/),* која овозможува едноставно користење на влезни линкови, преку кои може да се дојде до одредени информации од аспект на стручните потреби на наставниците за реализација на наставната работа. Споредувајќи ја со останатите web страни на разгледуваните основни училишта, со право можеме да истакнеме дека оваа web страница дејствува и како посредник со поголемо тело на корисни информации, наменети за стручните потреби на наставниците.

Според тоа, врз основа на добиените резултати од овој дел од истражувањето може да се констатира дека делумно се потврдува поставената хипотеза, која гласи: *информациско-комуникациската технологија недоволно се користи за пласирање и размена на информации за потребите на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа.* Што значи, општо земено, анализата на претходно добиените податоци ни говори дека наставниците од основните училишта имаат поделени мислења во рамките на пласирањето и размената на информации за потребите на наставниците за успешна реализација на воспитно-образовната работа во основното училиште. Но, важно е да се напомене дека следејќи ги иновативните текови и трендови во образованието и напоредно со нив, користењето на интернетот и информациско-комуникациската технологија постепено го пронаоѓаат своето место како современи начини за постигнување на квалитет во планирањето, организирањето и реализирањето на активностите на секој наставник во основното училиште.

**11. Причини кои го оневозможуваат или го отежнуваат протокот на информациите кон наставниците во основното училиште**

Во контекст на претходно истакнатото во ова истражување, согледавме дека голема е потребата од постоење на информативниот систем во основното училиште и дека истиот е во функција на потребите на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа. Но, и покрај тоа, во основното училиште, сеуште информативниот систем не е доволно функционален во однос на реалните потреби на наставниците за успешна реализација на воспитно-образовната работа.

Во врска со проверката на единаесеттата хипотеза на ова истражување, која гласи *„постојат одредени причини кои го оневозможуваат или отежнуваат протокот на информациите кон наставниците во основното училиште,"* се искористени три прашања од анкетниот лист за наставници и едно од интервјуто за директори, чии одговори во продолжение ќе бидат презентирани.

Во однос на прашањето, во информативниот систем на училиштето постојат одредени причини или пречки кои го отежнуваат пласирањето и размената на информации од директорот кон наставниците и обратно, се добиени следните резултати.

**Табела бр.51** ***Мислење на наставниците во врска со постоењето на одредени причини или пречки кои го отежнуваат пласирањето и размената на информации од директорот кон наставниците и обратно во рамките на информативниот систем во училиштето***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | **f** | **%** |
| ***Се согласувам*** | 19 | 16.38 |
| ***Делумно се согласувам*** | 59 | 50.86 |
| ***Не се согласувам*** | 38 | 32.76 |
| ***Вкупно*** | 116 | 100.00 |

Според презентираните резултати во табела 51 забележуваме дека 50,86% од испитуваните наставници делумно се согласуваат, 32,76% не се согласуваат за постоењето на одредени причини или пречки кои го отежнуваат пласирањето и размената на информации од директорот кон наставниците и обратно. Додека пак, 16,38% од испитуваните наставници се согласуваат со тоа дека во информативниот систем во нивните основни училишта постојат одредени причини или пречки кои го отежнуваат пласирањето и размената на информации од директорот кон наставниците и обратно.

Во однос на прашањето, дали постојат одредени пречки или причини кои го оневозможуваат и отежнуваат протокот на информациите кон наставниците во училиштето, наставниците имаа можност да одговрат со „да" или „не" и доколку дадат потврдни одговори потребно е истите да ги наведат. Притоа, се добиени следните резултати.

**Табела бр.52** ***Мислење на наставниците за прашањето, дали постојат одредени пречки или причини кои го оневозможуваат и отежнуваат протокот на информациите кон наставниците во училиштето***

| ***Категории на одговори*** | ***Наставници*** | |
|---|---|---|
| | **f** | **%** |
| ***Да*** | 15 | 12.82 |
| ***Не*** | 102 | 87.18 |
| ***Вкупно*** | 117 | 100,00 |

Согласно добиените податоци во табела 52 се забележува дека постои разлика меѓу добиените одговори на испитаните наставници. Имено, 87,18% од испитаниците говорат за тоа дека не постојат пречки или причини за отежнување на протокот на информации кон наставниците во училиштето и 12,82% потврдно одговориле за тоа дека постојат одредени пречки или причини кои го отежнуваат или оневозможуваат информирањето на наставниците.

По однос на прашањето, за постоење на видовите пречки или причини кои го оневозможуваат и отежнуваат протокот на информации кон наставниците во училиштето, испитуваните наставници ги наведуваат следните видовите пречки или причини, кои се презентирани во следнава табела:

**Табела бр.53** ***Мислење на наставниците за постоењето на одредени пречки или причини кои го оневозможуваат и отежнуваат протокот на информациите кон наставниците во училиштето***

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Технички пречки* | 9 | 69.23 |
| *Слаба координација и соработка со подрачните училишта* | 1 | 7.69 |
| *Ненавремено информирање* | 1 | 7.69 |
| *Непознато* | 2 | 15.38 |
| *Вкупно* | 13 | 100.00 |

Од добиените податоци презентитрани во табела 53, се забележува дека најчести пречки или причини кои влијаат на отежнувањето или оневозможувањето на протокот на информации кон наставниците во основните училишта се:

- техничките причини – за кои се изјасниле 9 од испитаните наставници;

- слабата координација и соработка со подрачните училишта – 1 испитаник;

- ненавременото информирање на наставниците – 1 испитаник;

- непознато – 2 испитувани наставници.

Во однос на прашањето од интревјуто за директори, за тоа дали постојат одредени пречки или причини кои го оневозможуваат или отежнуваат информирањето на наставниците во училиштето, односно кои се проблемите на кои тие наидуваат при информирањето на наставниците, повеќето од директорите имаа речиси исти согледувања и дадоа слични одговори, истакнувајќи дека не постојат посебни пречки и дека притоа не наидуваат на некои посериозни проблеми. Но, за разлика од нив, еден од директорите како причина, во зависност од тоа за каков вид на информирање се работи и кој го врши информирањето истакнува дека „ако информацијата тече од училиштето нема никакви пречки за нејзино проследување, но ако информациите течат од МОН, БРО, локалната заедница или други субјекти, а исто така и ако се во електорнска форма за одредени наставници кои не користат интернет се јавуваат одредени потешкотии и пречки при нивното добивање."

Имајќи ги во предвид, претходно добиените резултати, единаесеттата хипотеза, која гласи *„постојат одредени причини кои го оневозможуваат или отежнуваат протокот на информациите кон наставниците во основното училиште,"* делумно се потврдува и може да се забележи дека постојат одреден број на причини, кои го отежнуваат протокот на информациите кон наставниците во основното училиште. Потребно е да се напомене дека треба да се превземат мерки за да се надминат,

отстранат и елиминираат со цел да се овозможи поуспешно функционирање на информативниот систем во основното училиште, за што ќе стане збор во анализата на податоците и проверката на последната хипотеза на ова истражување.

**12. Мислење на наставниците во врска со предлозите за отстранување на пречките кои го отежнуваат протокот на информациите кои се во функција на реализација на воспитно-образовната работа во основното училиште**

Во врска со дванаесетата и последна хипотеза на ова истражување, која гласи: *наставниците имаат различни предлози за отстранување на пречките кои го отежнуваат протокот на информациите кои се во функција на реализација на воспитно-образовната работа во основното училиште*, е дадено последното прашање од анкетниот лист за наставници и двете последни прашања од интервјуто за директори на испитуваните училишта. Истите се насочени кон тоа што треба да се превземе за да се подобри квалитетот на информативниот систем во училиштето, кој е во функција на професионалните потреби на наставниците.

Напоредно со истакнувањето на посочените пречки или причини кои го отежнуваат протокот на информации кон наставниците во основното училиште, од претходното прашање, во продолжение ќе бидат презентирани одговорите со мислењата и предлозите на наставниците за отстранување на пречките кои го отежнуваат протокот на информации, а кои се во функција на реализација на воспитно-образовната работа во училиштето.

Во однос на прашањето, што треба да се превземе за да се подобри квалитетот на информативниот систем во училиштето, кој е во функција на професионалните потреби на наставниците, се добиени следните резултати:

Табела бр.54 *Мислење на наставниците за превземањето на мерки за подобрување на квалитетот на информативниот систем во училиштето, кој е во функција на професионалните потреби на наставниците*

| *Категории на одговори* | *Наставници* | |
|---|---|---|
| | f | % |
| *Добро функционира* | 16 | 13.45 |
| *Навремено и лично* | 7 | 5.88 |
| *Активна web страна и е - пошта* | 14 | 11.76 |
| *Поголема соработка меѓу наставниците и директорот* | 9 | 7.56 |
| *Стручно и перманентно усовршување на наставниците* | 5 | 4.20 |
| *Јасни информации од МОН и БРО* | 1 | 0.84 |
| *Подобра интернет врска* | 17 | 14.29 |
| *Друго* | 3 | 2.52 |
| *Непознато* | 47 | 39.50 |
| *Вкупно* | 119 | 100.00 |




**Слика бр.4:** *Процентуална застапеност на добиените одговори од наставниците*

Во однос на одговорите на последното прашање, интересен е фактот што наставниците имаат дадено различни предлози и сугестии, за тоа што треба да се превземе за да се подобри квалитетот на информативниот ситем во основното училиште, кој е во функција на нивните професионални потреби. Според нив, можат да се истакнат следните предлози:

- *Подобра интернет врска во основните училишта;*
- *Активна web страна и е – пошта на основното училиште;*
- *Поголема соработка меѓу наставниците и директорот;*
- *Навремено и лично информирање;*
- *Стручно и перманентно усовршување на наставниците;*
- *Појасни информации од МОН и БРО и т.н.*

Во однос на прашањето од интервјуто за директори, што му недостасува на постојниот информативен систем во училиштето во однос на подобрување на квалитетот на информирањето на наставниците, се добиени следниве искази на

директорите, кои пред се, се однесуваат на информирање преку информатичко-комуникациската технологија:

- Слаба интернет конекција и немање сигнал во сите простории во училиштето;
- Немање доволно можност за користење на електронски начин на информирање;
- Поголема примена на интернетот како средство за информирање;
- Дизајнирање на web страна на училиштето;

Во однос на последното прашање од интервјуто за директори, кое се однесува на давање на идеја или предлог за подобрување на системот на информирање на наставниците во училиштето, директорите искажаа интересни предлози. Притоа, тие ги дадоа следните предлози и сугестии:

- Поголема соработка и комуникација, која овозможува добро информирање во секој дел од воспитно-образовниот процес;
- Подобрување на интернет - врската во училиштата;
- Доделување на службен e-mail на сите вработени, кој исклучиво ќе се користи само за информирање на вработените;
- Информираноста да тече преку електронски пат, во училиштето, на видно место за сите внатрешни и надворешни субјекти.

Овие сугестии посочени од страна на директорите одат во прилог за отстранување на пречките кои го отежнуваат протокот на информациите кои се во функција на реализација на воспитно-образовната работа во основното училиште и се во интерес за подобро функционирање на информираноста и информативниот систем во училиштето.

Согледувајќи ги претходно добиените резултати се потврдува и последната хипотеза за тоа дека *наставниците имаат различни предлози за отстранување на пречките кои го отежнуваат протокот на информациите кои се во функција на реализација на воспитно-образовната работа во основното училиште.* Во тој контекст, со имплементирање на дадените предлози ќе се овозможи поуспешно остварување и подобрување на квалитетот на информативниот систем во основното училиште, кој пред се, е во функција на професионалните потреби на наставниците.

# IV ДЕЛ

# ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И КОНСТАТАЦИИ

1. **Општи заклучоци од истражувањето**

2. **Предлози и насоки за подобрување на квалитетот на информативниот систем во основното училиште**

## 1. Општи заклучоци од истражувањето

Во овој дел од истражувањето ги посочуваме основните сознанија и констатации, согласно направените анализи на добиените податоци за функционирањето на постојниот информативен систем во основните училишта од аспект на потребите на наставниот кадар за реализација на нивната воспитно-образовна работа на подрачјето на општините Кичево, Македонски Брод и Пласница.

Врз основа на добиените податоци и резултати од истражувањето и извршените анализи на анкетниот лист за наставници, интервјуто за директори и евиденцискиот лист за содржинска структура на web страна на испитуваните основни училишта, ги констатиравме следниве заклучни сознанија и констатации, кои се однесуваат на поставените хипотези на ова истражување:

- Генералната хипотеза на ова истражување, која гласи: *постојниот информативен систем во основното училиште не ги задоволува целосно потребите на наставниците во функција на реализацијата на воспитно-образовната работа,* се потврдува.

1. Како прва хипотеза во ова истражување беше: *наставниците сметаат дека постојниот информативен систем во основото училиште не е доволно функционален во однос на нивните потреби за реализирање на воспитно-образовната работа.* Испитуваните наставници имаа, главно позитивни ставови и мислења по однос на функционалноста на постојниот информативен систем во основното училиште во однос на нивните потреби за реализирање на воспитно-образовната работа. Но, во однос на поставеноста и функционирањето на web страните на испитуваните основни училишта, кои немаат богата структурна поставеност и разновидност во нивното дизајнирање, констатиравме дека оваа хипотеза не се потврдува.

2. Втората хипотеза во ова истражување, гласи: *информативниот систем во основното училиште има значајна улога за подобрување на квалитетот на*

*воспитно-образовната работа на наставниците.* Оваа хипотеза се потврдува согласно добиените одговори на наставниците и директорите, кои главно, имаа позитивно и истоветно мислење во однос на потребата, значењето и улогата од постоење на информативен систем во основното училиште, во функција за подобрување на воспитно-образовната работа.

3. Третата хипотеза во ова истражување гласи: *во основното училиште се практикуваат различни начини на информирање, односно постојат различни начини на имплементирање на информативниот систем.* Од податоците што ги добивме од анкетниот лист за наставници, спроведеното интервју за директори и евиденцискиот лист за содржинска структура на web страна на основно училиште произлегува дека се потврдува третата хипотеза. Што значи, во основното училиште за информирање на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа се практикуваат различни начини на информирање со што се врши имплементирање на информативниот систем, а преку примена на информации на стручни средби и советувања, средби со директорот, средби со родителите, интернетот, стручни списанија и весници, стручни публикации, на телевизија, електронски пат, web страна на училиштето, телефон, а истите се остваруваат преку устен или писмен пат.

4. Во врска со четвртата хипотеза, *наставниците од различна возраст имаат истоветно мислење во однос на пласирањето на информации во функција на реализација на наставната работа*, се констатира дека истата се потврдува. Според доминацијата на истоветните мислења и добиени одговори на испитаните наставници по прашањата од анкетниот лист по однос на дадената хипотеза, може да се констатира дека истите даваат поддршка за пласирање на информациите, кои се во функција на реализација на наставната работа во училиштето.

5. Како петта хипотеза во ова истражување беше, *наставниците од одделенска и од предметна настава имаат различно мислење во однос на пласирањето на информации во функција на реализацијата на воннаставните активности во основното училиште.* Оваа хипотеза не се потврдува, а врз основа на добиените податоци од кои се согледува дека кај испитаните наставници од одделенска и

предметна настава постои речиси истоветно мислење по однос на навременото добивање потребни информации во училиштето во врска со планирањето, организацијата и реализацијата на воннаставните активности, како и дали информациите што ги добиваат се доволни за успешна реализација на воннаставните активности во училиштето.

6. Шестата хипотеза на ова истражување, која гласи *„наставниците имаат позитивно мислење во однос на потребата од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации во функција на нивните стручни потреби"* се потврдува, истакнувајќи дека испитуваните наставници ја согледуваат потребата од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации, кои се во функција на нивните стручни потреби, кои се неопходни за непречено и ефикасно извршување на воспитно-образовните активности и постигнување на квалитет, како што беше истакнато и во теоретскиот дел на овој магистерски труд. Добиените резултати укажуваат на важноста и суштественоста за потребата на наставниците од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации во училиштето, во функција на нивните стручни потреби.

7. Во врска со седмата хипотеза, *наставниците од одделенска и предметна настава имаат различни мислења во однос на начините на пласирањето на интерни стручни информации на ниво на стручните активи во основното училиште*, се констатира дека истата не се потврдува. Како доказ за тоа се резултатите добиени во табела 33 и 34, каде се забележува речиси исто или слично мислење на наставниците од одделенска и предметна настава во поглед на пласирањето на интерни стручни информации на ниво на стручните активи во училиштето и во однос на застапеноста на комуникацијата, соработката и размената на информации и искуства меѓу стручните активи во училиштето.

8. Осмата хипотеза во ова истражување гласи: *пласираните информации во постојниот информативен систем во основното училиште се наменети за различните потреби на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа.* Оваа хипотеза се потврдува, а врз основа на добиените податоци од кои се согледува дека голем е бројот на испитани наставници кај кои во голема мера

доминира мислењето дека во нивната воспитно-образовна работа ги користат пласираните информации во рамките на постојниот информативен систем во училиштето, наменети за нивните различни потреби за реализација на воспитно-образовната работа. Имено, при реализацијата на стручната работа од страна на наставниците, во рамките на информативниот систем во училиштето, се користат пласираните информации за:

- *водење педагошката евиденција и документација;*
- *организација и реализација на наставата;*
- *подготовка на наставата;*
- *проверување и оценување на постигањата на учениците;*
- *самовреднување на сопствената работа и*
- *подготовка и реализација на воннаставните активности.*

9. Деветата хипотеза во ова истражување гласи: *наставниците сметаат дека постои добар информациско-комуникациски однос на директорот и наставниците во основното училиште* и истата се потврдува. Сите добиени податоци и резултати по прашањата од анкетниот лист за наставници и интервјуто за директори во испитуваните основни училишта, а кои беа во функција на проверка на деветата хипотеза се суштествени за нејзино потврдување. Деветата хипотеза се потврдува со фактот што голем процент од испитаните субјекти се изјасниле дека во училиштето постои добар информациско-комуникациски однос на директорот и наставниците.

10. Како десетта хипотеза во ова истражување беше: *информациско-комуникациската технологија недоволно се користи за пласирање и размена на информации за потребите на наставниците за реализација на воспитно-образовната работа.* Согласно добиените резултати од истражувањето, а што се однесуваат на оваа хипотеза може да се констатира дека истата делумно се потврдува. Што значи, општо земено, анализата на претходно добиените податоци ни говори дека наставниците од основните училишта имаат поделени мислења во рамките на пласирањето и размената на информации за потребите на наставниците за успешна реализација на воспитно-образовната работа во основното училиште. Но, важно е да

се напомене дека следејќи ги иновативните текови и трендови во образованието и напоредно со нив, користењето на web страната на основно училиште, интернетот и информациско-комуникациската технологија го пронаоѓаат своето место како современи начини за постигнување на квалитет во планирањето, организирањето и реализирањето на воспитно-образовните активностите на секој наставник во основното училиште.

11. Како единаесетта хипотеза во ова истражување беше: *постојат одредени причини кои го оневозможуваат или отежнуваат протокот на информациите кон наставниците во основното училиште.* Оваа хипотеза делумно се потврдува, а заради фактот што поделени се мислењата на наставниците во однос на постоењето на одреден број на причини, кои го отежнуваат протокот на информациите кон наставниците во основното училиште. Во контекст на ова, потребно е да се напомене дека треба да се превземат мерки за да се надминат, отстранат и елиминираат со цел да се овозможи поуспешно функционирање на информативниот систем во основното училиште, за што ќе стане збор во анализата на податоците и проверката на последната хипотеза на ова истражување.

12. Во врска со дванаесеттата хипотеза од ова истражување, која гласи: *наставниците имаат различни предлози за отстранување на пречките кои го отежнуваат протокот на информациите кои се во функција на реализација на воспитно-образовната работа во основното училиште,* се констатира дека истата се потврдува. Како што покажуваат податоците, испитуваните наставници и директори истакнаа различни предлози и сугестии за надминување на пречките кои го отежнуваат протокот на информации и за тоа што треба да се превземе за да се подобри квалитетот на информативниот систем во основното училиште, кој е во функција на нивните професионални потреби. Предлозите, кои ги истакнаа директорите и наставниците, беа скоро слични, но како најзастапени, ги издвојуваме следните:

- *Подобра интернет врска во основните училишта;*
- *Активна web страна и е – пошта на основното училиште;*

- *Поголема соработка меѓу наставниците и директорот;*
- *Навремено и лично информирање;*
- *Стручно и перманентно усовршување на наставниците;*
- *Појасни информации од МОН и БРО и т.н.*

Во тој контекст, со имплементирање на дадените предлози (за кои ќе се зборува во наредното поглавје) ќе се овозможи поуспешно остварување и подобрување на квалитетот на информативниот систем во основното училиште, кој пред се, е во функција на професионалните потреби на наставниците.

## 2. Предлози и насоки за подобрување на квалитетот на информативниот систем во основното училиште

Врз основа на истаканатите сознанија од теоертскиот дел и констатациите врз основа на добиените податоци од истражувањето за функционирањето на информативниот систем во основното училиште, произлегуваат повеќе предлози и насоки во функција на подобрување на квалитетот на информативниот систем и подигање на квалитетот во основното училиште и подигање на квалитетот на образованието, воопшто.

За постигнување на таа цел, односно за подобрување на квалитетот на пласирањето на информации и информативниот систем во основното училиште, во прв план, потребно е надминување на постоечките пречки или недостатоци, кои го отежнуваат протокот на информации и информираноста во рамките на функционирањето на информативниот систем.

Во тој контекст, посебен придонес може да дадат директорите на основните училишта, кои ќе превземат низа активности со кои ќе се стремат кон успешно следење на иновациите во воспитно-образовната работа, зајакнување на информативните текови и односи на вработените субјекти во училиштето, успешно организирање и имплементирање на различните начини на информирање и да настојуваат што подобро да ги информираат наставниците со пласирање на потребни тековни информации во функција на нивните стручни потреби.

Директорот во училиштето, како менаџер на целокупната активност во училиштето да обрне посебно внимание за навремено и лично информирање на вработените – наставниците, овозможувајќи правилна и координирана информираност, перманентен проток на информации, збогатување на меѓусебната соработка и отворена комуникација.

Освен тоа, особено е важно директорот да ја иницира и подобри меѓусебната соработка со наставниците, од што ќе произлезе размената на информации и искуства,

поголема транспарентност, повисоки очекувања и успеси во воспитно-образовната работа во училиштето.

Битен чинител во успешното спроведување на квалитетот во воспитно-образовната работа се препораките и навремените информации од МОН И БРО, кои се суштествени за беспрекорно извршување на воспитно-образовните активности на наставниците во основното училиште.

Важно е да се истакнат и информациите кои произлегуваат од стручното и перманентно усовршување на наставниците, во однос на нивните професинални потреби за непречена реализација на воспитно-образовната работа во училиштето. За истите се одговорни самите наставници, кои треба редовно и континуирано да ги следат иновациите, кои се важни за реализација на нивната работа.

Исто така, знаејќи го значењето и улогата на информатичко-комуникациската технологија и интернетот како клучни информативни алатки за развој и ефективно работење во образованието и пошироко, ја согледуваме потребата на наставниците од имплементација на истите во реализација на работните задачи, како еден полесен, поефективен и побрз начин на доаѓање до нови податоци и информации.

Имено, во последниве години, примената на ИКТ и интернетот во образованието имаат значајна улога, но сеуште истите како да немаат силно влијание врз работењето на наставниците. Па според тоа, истите треба во училиштето добро да функционираат и повеќе да се применуваат. А, тоа значи, дека директорот има задача и обврска да обезбеди сигурна работа, пристап и техничко одржување на информатичко-комуникациската технологија и воспоставување на подобра интернет - конекција во училиштето (преку одговорни лица за техничко одржување на ИКТ), т.е. да се овозможи достапност до конкретните информации.

Изработување на активна и функционална web страна и е-пошта на основното училиште, со што ќе се даде можност за користење на електронскиот начин на информирање и комуникација на вработените субјекти, училиштето со родителите, учениците, заедницата и пошироко. Со одржување и континуирано ажурирање на web страна на училиштето, се зголемува посетеноста на web страната, нов концепт на

информирање, училиштето станува предизвик за споделување на наставнички и ученички материјали и содржини. Со цел подобрување на информирањето на наставниците преку користењето на web страниците, ќе истакнеме дека за нивна квалитетна изработка потребно е изготвување на напишани и усвоени стандарди за брза и лесна употреба.

Доколку сите наведени предлози беспрекорно функционираат, станува збор за воспоставување на сигурен информативен систем во основното училиште. Со усвојување и успешно имплементирање на истакнатите предлози и насоки, во поглед на подобрување на квалитетот на информирањето и информативниот систем, наставниците, не само што можат да постанат подобри и поефективни и да напредуваат во својата професија, туку ќе можат да ги искористат своите потенцијали и директно да придонесат за постигнување на квалитетот на образовниот систем.

## ЛИТЕРАТУРА


4. **Адамческа, С.** (1996). *Активна настава.* Скопје: Легис
5. **Adelsberger, H.H., Kinshuk, Pawlowski, J.M., Sampson, D**. (2008). *Handbook on Information Tecnologies for Education and training,* Second Edition. Springer
6. **Адижес, И.** (1998). *Овладување со промените.* Скопје: Детра
7. **Велјановска-Камчевска, Б.** (*1999). Предучилишното воспитание и образование како отворен систем.* Скопје: Педагошки факултет
8. **Вилотијевиќ, М.** (2000). *Дидактика I.* Научна књига. Београд: Учитељски факултет
9. *Водење состаноци - андрагошки прирачник.* (2002). Скопје: Педагошки центар „Дидакта"
10. *Водич за наставници. Ubuntu Linux, Intel-ов компјутер во училницата (CMPC)*
11. **Вујаклија, М.** (1996). *Лексикон страних речи и изрази*. Београд: Просвета
12. **Галевска, Н. А.** *(*2009). *Планирање на научното истражување.* Скопје: Филозофски факултет
13. **Георгиевски, Б.** (1998). *Менаџмент информационен систем.* Скопје: Економски факултет
14. **Гоцевски, Т.** (2007). *Образовен менаџмент.* Скопје: Филозофски факултет
15. **Гоцевски, Т.** (2009). *Економика на образованието.* Четврто, изменето и дополнето издание. Скопје: Филозофски факултет
16. **Даниловиќ, М.** (1996). *Савремена образовна технологија.* Увод у теоријске основе. Београд: Институт за педагошка истраживања
17. *Закон за основно образование.* (2008). Скопје: Службен весник на Република Македонија

18. *Индикатори за квалитет на работата на училиштата, работна верзија.* (2009). Скопје: Министерство за образование и наука и Државен просветен инспекторат
19. **Јанкоски, Д.** (1998). *Транзиција, менаџмент, образование.* Скопје: Просветен работник
20. **Камберски, К.** (1994). *Од буквар до универзитет.* Скопје: Просветно дело
21. **Камберски, К.** (2000). *Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија - развој, состојби и перспективи.* Скопје: Филозофски факултет
22. **Кларин, М.В.** (1995). Педагошката технологија во наставниот процес. Педагошки завод на Македонија. Скопје
23. *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование.* (2007). Скопје: Кома
24. *Корисни информации за училишното оценување.* (2007). Скопје: Биро за развој на образованието
25. **Ламева, Б., Миленковска, В., Петковски, К.** (2004). *Интегралната евалвација како основа за функционално инспекторирање.* Кочани: Европа 92
26. **Лешковски, И.** (2002). *Педагошки речник.* Скопје: Вековишнина
27. **Мандиќ, П., Д., Мандиќ, Д., П.** (1997). *Образовна информациона технологија,* Иновације за 21.век. Београд: Учитељски факултет
28. **Миовска – Спасева, С.** (2005). Прагматистичката педагогија и основното образование. Скопје: Селектор
29. **Миќуновиќ, Љ.** (1990). *Современ лексикон на странски зборови и изрази.* Скопје: Наша книга
30. *Настава и учење на 21-от век.* (2009). Прирачник за наставниците во основното образование. Скопје
31. *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија, 2005-2015 со придружни програмски документи.* Скопје: Министерство за образование и наука
32. **Никодиновска-Банчотовска, С.** (2008). *Професионалните компетенции на наставниците.* Скопје: Академски печат

33. *Педагошки лексикон.* (1996). Београд: Завод за уџбенике и наставна средства
34. **Палчевска С.** (2006). *Тимска работа на наставниците во училиштата.* (магистерски труд). Скопје
35. **Петковски, К.** (2000). *Водството и ефективната комуникација.* Битола: Киро Дандаро
36. **Петковски, К.** (1998). *Менаџмент во училиште, што треба да се знае и умее за успешно да се води училиштето.* Скопје: Просветен работник
37. **Петковски, К. Н., Алексова, М. А.** (2004). *Водење на динамично училиште.* Скопје: Биро за развој на образованието
38. **Петковски, К., Јанкуловска, П.** (2006). *Деловно комуницирање – Умешност во комуницирањето.* Струга: Ирис
39. **Петковски, К., Коцева, С., Јаневски, В., Спасовски, Л.** (2005). *Проектни активности, Проектен менаџмент, Проект.* Битола: Херакли – комерц
40. **Петковски, К., Пеливанова, Г.** (2009). *Предизвиците на современото лидерство во образованието.* Битола: Херакли комерц
41. **Петковски, К., Коцева, С., Јаневски, В., Спасовски, Л.** (2005). *Проектни активности проектен менаџмент, Проект.* Битола: Херакли комерц
42. **Петковски, К., Ламева, Б., Миленковска, В.** (2004). *Интегралната евалвација како основа за функционално инспекторирање.* Кочани: Европа 92
43. **Петроска, Б.В.** (1995). *Конфликти, што претставуваат и како се разрешуваат.* Скопје: Филозофски факултет
44. *Прирачник за обука на наставниците од основните училишта за стекнување основни знаења и вештини за примена на информатичката технологија*
45. *Прирачник за корисници за иновативно користење на ИКТ во наставата во основните училишта*, Прва фаза. (2006). Скопје
46. *Прирачник за корисници за иновативно користење на ИКТ во наставата во основните училишта,* Втора фаза. (2006). Скопје
47. *Примена на стандардите за оценување на учениците.* (2008). Скопје: Македонски центар за граѓанско образование
48. *Проекција за развојот, иновирањето и трансформирањето на системот на воспитанието и образованието во Република Македонија.* (1994). Скопје

49. **Ристевска, С., Горѓиевска, Г.** (2004). Прирачник за родители на ученици од основното образование. Скопје: Винсет Графика

50. **Смилевски, Ц.** (2000). Предизвикот и мајсторството на организациските промени. Скопје: Детра центар

51. **Somasundaram, G., Shrivastava, A.** (2009). *Information Storage and Management*, Storing, Managing, and Protecting Digital Information, EMS Education Services

52. **Спасов, С., Арсов, С.** (2004). *Финансиски менаџмент.* Скопје: Економски факултет

53. **Стојановска, В.** (2004). *Дидактички аспекти на соработката меѓу училишниот педагог и наставниците*. Скопје: Форум

54. **Стојановска, В.** (2012). *Наставни медиуми.* Скопје: Филозофски факултет

55. *Стратегија за развој на образованието 2001-2010 годин.* Скопје: Министрество за образование и наука

56. *Списание за педагошки прашања.* (2000). Скопје: Просветно дело

57. *Списание за педагошки прашања.* (2004). Скопје: Просветно дело

58. *Списание за педагошки прашања.* (2011). Скопје: Просветно дело

59. **Трнавац, Н.** (1996). *Педагог у школи, прилог методици рада школског педагога.* (1996). Београд: Учитељски факултет

60. **Трпчевска, Б., Христов, Р.** *Интегрирано учење во основното образовани. Зборник на трудови*

61. www.mirkomiletic.rs/doc/

62. www.see-educoop.net/education.../macedonia-kontrola_i_kvalitet.pdf

63. www.mon.gov.mk/DPI/download/Indikatori_mk.pdf

64. www.morm.gov.mk/morm/dms/k-4-dokumenti/PMIS_web.doc

65. http://www.npro.edu.mk/index.htm

66. http://ednevnik.mon.gov.mk/

67. http://www.teamworkonline.com

68. www.unicef.org/tfyrmacedonia/CFS_baseline_study_mak_final1(5).pdf

69. www.slideshare.net/guestf16750/ss-3282499

70. www.schools.nsw.edu.au/media/.../internet.../wl_macedonian.pdf

71. www.acara.edu.au/verve/_resources/Information_Sheet_Macedonian.pdf

72. http://kuzmanjosifoski-pity.com/aktivnosti.html

73. www.drvladimirpolezinoski.edu.mk/index.php

74. www.gg.org.mk/pdf/analiza_obrazovanie.pdf

75. www.imor.org.mk/programmes/.../

76. www.stat.gov.mk/OblastOpsto.

77. http://oouklimentohridski.com/

78. www.zels.org.mk/Upload/Content/Documents/Izdanija/...

# ПРИЛОЗИ

1. **АНКЕТЕН ЛИСТ - СКАЛЕР за наставници во основно училиште**
2. **Протокол за структурирано интервју за директори од основни училишта**
3. **ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ за содржинска структура на web страна на основно училиште и нејзините функционални особености**

**АНКЕТЕН ЛИСТ - СКАЛЕР**

За наставници во основно училиште

| **УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА АНКЕТНИОТ ЛИСТ** |
|---|
| Ве молиме пополнете го овој анкетен лист според Вашите согледувања за потребата од постоење на информациите и информативен систем во Вашето училиште. Анкетата е анонимна со загарантирана дискреција во поглед на податоците што ќе ги добиеме. За секое прашање се дадени алтернативи. Вие треба да зокружите еден одговор од секое прашање, кое најблиску го изразува Вашето мислење. Добиените податоци ќе бидат употребени исклучиво за научни цели, за истражување, со кое ќе се анализира состојбата во врска со постоењето на потребни информации во училиштата, а истовремено да им помогнат на воспитно-образовните установи да ги подобрат и зајакнат меѓусебните односи на комуникации и соработка на наставниот кадар. |
| Ве молиме размислете за Вашето искуство во поглед на постоењето и остварувањето на информациски систем во Вашето училиште. |
| Однапред Ви благодарам за соработката! |

1. Град: ____________________________________________

2. Училиште: ________________________________________

3. Возраст: _________________________________________

4. Пол: ____________________________________________

5. Работно искуство: __________________________________

6. Вид и степен на образование: _________________________

7. Во училиштето реализирате

   а) одделенска настава

   б) предметна настава

Прв дел

| Кај секое тврдење заокружете само еден од понудените одговори ( А, Б и В), што е во согласност со Вашето мислење. | А – се согласувам; Б – делумно се согласувам; В – не се согласувам; |
|---|---|
| 1. Во Вашето училиште има потреба од постоење на информативен систем. | А Б В |
| 2. Информативниот систем во училиштето треба да е во функција на потребите на наставниот кадар за поквалитетна реализација на воспитно-образовната работа. | А Б В |
| 3. Училиштето обезбедува објективни услови за постојано информирање на наставниците. | А Б В |
| 4. Со перманентно постоење на информативен систем се постигнуваат подобри резултати во воспитно-образовната работа. | А Б В |
| 5. Информативниот систем во основното училиште има значајна улога во подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа. | А Б В |
| 6. Во Вашето училиште се практикуваат различни начини на информирање на наставниците. | А Б В |
| 7. Различните начини на имплементирање на информативниот систем овозможуваат поголема успешност во воспитно-образовната работа. | А Б В |
| 8. Наставниците добиваат потребни информации околу организацијата и реализацијата на наставната работа во училиштето. | А Б В |
| 9. Информациите во врска со организацијата и реализацијата на програмата за работа на училиштето се навремени и перманентни. | А Б В |
| 10. Навремените информации придонесуваат за успешна организација и реализација на наставните програми од страна на наставниците. | А Б В |
| 11. Во училиштето перманентно се пласираат информации за реализација на вонаставните активности. | А Б В |
| 12. Во училиштето се пласираат интерни и комбинирани тековни информации во функција на потребите на наставниот кадар. | А Б В |
| 13. Наставниците имаат потреба од пласирање на интерни и комбинирани тековни информации, кои се во функција на нивните стручни потреби. | А Б В |
| 14. Информациско-комуникациските односи во и надвор од училиштето не се доволно застапени. | А Б В |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15. Потребна е поголема комуникација и соработка на вработените субјекти во училиштето. | А | Б | В |
| 16. Наставниците треба постојано да разменуваат информации и мислења во врска со воспитно-образовната работа. | А | Б | В |
| 17. Соработката и комуникацијата со поширокатa општествена средина е на задоволително ниво. | А | Б | В |
| 18. Во училиштето се пласираат интерни стручни информации на ниво на стручните активи. | А | Б | В |
| 19. Комуникацијата, соработката и размената на информации и искуства се застапени меѓу стручните активи во училиштето. | А | Б | В |
| 20. Постои добар информациско-комуникациски однос на директорот и наставниците во Вашето училиште. | А | Б | В |
| 21. Наставниците треба постојано да разменуваат информации, мислења и ставови во поглед на наставната работа. | А | Б | В |
| 22. Успехот во воспитно-образовната работа со користење на информациско-комуникациски односи е многу подобар отколку без нив. | А | Б | В |
| 23. Во училиштето се применуваат информациско-комуникациската технологија и интернетот во функција на пласирање на потребни информации за наставниците. | А | Б | В |
| 24. Примената на интернетот и информациско-комуникациските технологии се во насока на подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа. | А | Б | В |
| 25. Во информативниот систем на вашето училиште постојат одредени причини или пречки кои го отежнуваат пласирањето и размената на информации од директорот кон наставниците и обратно. | А | Б | В |

**Втор дел**

1. Наведете ги начините на информирање на наставниците кои најчесто се практикуваат во Вашето училиште:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

2. Кој начин на информирање, кој досега е практикуван во училиштето, според Вас, е најсоодветен и најефикасен во процесот на информирање на наставниците?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

3. Во рамките на училиштето се пласираат најразновидни информации. Кои видови на содржини од наведените категории сметате дека треба да бидат најзастапени во процесот на информирање на наставниците за поуспешна реализација на воспитно-образовната работа? (*Заокружете најмногу пет одговори*)

а) Информации во врска со наставното планирање

б) Информации во врска со проверувањето и оценувањето на постигањата на учениците

в) Информации за педагошката евиденција и документација

г) Информации за креирање на училишната политика

д) Информации за работата на стручните активи

ѓ) Информации во врска со училишни манифестации, натпревари и конкурси

е) Информации за екскурзии, посети и други воннаставни активности

ж) Информации за стручно педагошко усовршување на наставниците

з) Информации наменети за родителите и пошироката општествена средина

ѕ) Друго (наведете кои)

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

4. Колку често во Вашата наставна работа ги користите информациите кои се пласираат:

| Кај секое прашање заокружете само еден од понудените одговори ( А, Б и В), што е во согласност со Вашето мислење. | А - Секогаш<br>Б - Понекогаш<br>В - Никогаш | | |
|---|---|---|---|
| Во стручни публикации | А | Б | В |
| Во стручни списанија и весници | А | Б | В |
| На стручни средби и советувања | А | Б | В |
| На Интернет | А | Б | В |
| На средби со директорот | А | Б | В |

| | | | |
|---|---|---|---|
| На средби со родителите | А | Б | В |
| На телевизија | А | Б | В |

5. Колку често во Вашата стручна работа го користите пласирањето на информации во информативниот систем во Вашето училиште за:

| Кај секое прашање заокружете само еден од понудените одговори ( А, Б и В), што е во согласност со Вашето мислење. | А - Секогаш<br>Б - Понекогаш<br>В - Никогаш | | |
|---|---|---|---|
| Подготовка на наставата | А | Б | В |
| Организација и реализација на наставата | А | Б | В |
| Проверување и оценување на постигањата на учениците | А | Б | В |
| Подготовка и реализација на вонначставните активности | А | Б | В |
| Самовреднување на сопствената работа | А | Б | В |
| Водење педагошката евиденција и документација | А | Б | В |

6. Колку сте задоволни од начинот на којшто функционира информативниот систем за потребите на наставниците во Вашето училиште?

а) Многу сум задоволен/на
б) Сум задоволен/на
в) Не сум задоволен/на

7. Дали информативниот систем во Вашето училиште е функционален во однос на Вашите потреби за реализирање на воспитно-образовната работа?

а) Да
б) Не

8. Дали Вашето училиште има web страна?

а) Да
б) Не

Доколку има, наведете во кој дел се пласираат информации важни за Ваша успешна реализација на воспитно-образовната работа во училиштето:__________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

9. Во училиштето постои проток на информации во врска со планирањето, организацијата и реализацијата на воннаставните активности.

9а. Дали навремено ги добивате потребните информации? ДА НЕ

9б. Дали информациите што ги добивате се доволни за успешна реализација на воннаставните активности? ДА НЕ

10. На ниво на стручните активи во училиштето се пласираат интерни стручни информации. Колку сте задоволни од квалитетот на пласираните информации?

а) Многу сум задоволен/на

б) Сум задоволен/на

в) Не сум задоволен/на

11. Дали постојат одредени пречки или причини кои го оневозможуваат и отежнуваат протокот на информациите кон наставниците во Вашето училиште?

а) Да

б) Не

11.1. Доколку Вашиот одговор е Да, наведете ги кои се:

12. Според Вас, што треба да се превземе за да се подобри квалитетот на информативниот систем во училиштето, кој е во функција на професионалните потреби на наставниците?

**ВИ БЛАГОДАРАМ ЗА СОРАБОТКАТА!**

**Протокол за структурирано интервју**

За директори од основни училишта

---

**Основно училиште:**__________________________________________

**Град:**__________________________________________________________

1. Дали како директор, Вие сте задоволни од постојниот информативниот систем во вашето училиште?
2. Како ја објаснувате потребата, значењето и улогата од постоење на информативен систем во училиштето?
3. Дали примената на информативниот систем во училиштето е во функција на потребите на наставниот кадар за реализација на воспитно-образовната работа?
4. Кои се начините (формите) на информирање на наставниот кадар, кои ги практикувате во училиштето?
5. Кој начин на информирање на наставниците најчесто Вие, како директор, го практикувате?
6. На кој начин пласирате потребни информации за наставниците во врска со организацијата и реализацијата на наставните и воннаставните активности во училиштето?
7. Доколку училиштето има web страна, во кој дел од неа се пласираат информации важни за професионалните потреби на наставниот кадар?
8. Како директор на училиштето, дали обезбедувате услови за остварување на информациско-комуникациски односи во и надвор од Вашето училиште, со поширокта општествена средина?
9. Дали сметате дека е неопходно да се пласираат интерни и комбинирани тековни информации во функција на стручните потреби на наставниците?

10. Според Вас, дали примената на информациско-комуникациската технологија и интернет информациите се во функција на потребите на наставниците за успешна реализација на воспитно-образовната работа?

11. Дали сметате дека постојат одредени пречки или причини кои го оневозможуваат или отежнуваат информирањето на наставниците во Вашето училиште? (Кои се проблемите на кои наидувате при информирањето на наставниците во Вашето училиште?)

12. Што му недостасува на постојниот информативен систем во Вашето училиште во однос на подобрување на квалитетот на информирањето на наставниците?

13. Имате ли идеја или предлог за подобрување на системот на информирање на наставниците во Вашето училиште?

## Е В И Д Е Н Ц И С К И   Л И С Т

за содржинската структура на web страната на основно училиште

и нејзините функционални особености

1. **Општа структурна поставеност и разновидност на web страната на училиштето, со компонентите дизајн, содржина, организација на информации, илустрации, слики, графички изглед, звуци, видео и други елементи.**

2. **Web страната на училиштето овозможува пласирање навремени информации кои се важни за воспитно-образовната работа на наставниците.**

3. **Училишната web страна е информативен ресурс што дејствува како посредник за објавување на информации за директните учесници во воспитно-образовниот процес – наставниците и учениците.**

4. **Постојните содржини кои се пласираат со web страната на училиштето не се податливи и не се доволни за информирање на наставниците во врска со**

**планирањето, организацијата и реализацијата на наставните и вонннаставните активности.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

5. **Постојните содржини на web страната не пласираат интерни тековни информации наменети за стручните потреби на наставниците.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

6. **Какво е континуираното ажурирање и збогатување со нови тековни и корисни информации на училишната web страна односно дали web страницата е богат извор на локално релевантни податоци поврзани со реализација на воспитно-образовната работа на наставниците.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________